Р Е В

# ВАШАТА ФИНАНСИСКА РЕВОЛУЦИЈА

## Моќта на верноста

О Л У

ГЕРИ КИСИ

Ц И Ј А

Драги пријатели во Христос,

Наша молитва е поучувањето во оваа книга да ви биде на благослов и охрабрување! Слободно споделете го овој материјал со вашите пријатели, вашето семејство и вашата црква. Исто така, посетете ја страницата на FLNFree.com за бесплатно преземање на дополнителни копии, како и за повеќе други материјали за почување на вашиот јазик!

Бог ве љуби и Тој има прекрасен план за вашиот живот! Сознанието како функционира Божјото Царство ни го промени животот на подобро, и веруваме дека ќе го стори истото и за вас!

Со љубов во Христос,

Гери и Дренда Киси



П.С. Не заборавајте да ја посетите нашата веб страница FLNFree.com за бесплатно преземење на дополнителни материјали за поучување на вашиот јазик!

Р Е В

# ВАШАТА ФИНАНСИСКА РЕВОЛУЦИЈА

Моќта на верноста

О Л У

## ГЕРИ КИСИ

Ц И Ј А

**Your Financial Revolution**
**The Power of Allegiance.** Macedonian. By Gary Keesee
Copyright © 2023 by Gary Keesee
Originally printed in English
ISBN: 978-0-9729035-9-2

Faith Life Now
P.O. Box 779
New Albany, OH 43054, USA

This book is a free gift from the author and is NOT FOR SALE

You can reach Faith Life Now Ministries on the Internet at **FaithLifeNow.com**

More resources by the same author are available for free download at **FLNFree.com**

**Вашата Финасиска Револуција**
**Моќта на верноста.** Македонски. Од Гери Киси
Авторски права © 2023 од Гери Киси

Првично издадена на англиски јазик
ISBN: 978-0-9729035-9-2

Faith Life Now
P.O. Box 779
New Albany, OH 43054, USA

Оваа книга е подарок од авторот и НЕ Е ЗА ПРОДАЖБА

Службата на Faith Life Now е достапна онлајн на: **FaithLifeNow.com**

Дополнителни материјали од истиот автор се достапни за бесплатно преземање од страницата на: **FLNFree.com**

**Издава: Евангелска Црква во РМ**
**Ф.Рузвелт 16**
**Скопје**

**Превод: Весна Пуздерлиева**
**Лектура: Емилија Златкова - Анастасова**
**Графика и дизајн: Елисавета Галева**
**Печати: Ирис – Струга**
**Тираж: 2000**

Во оваа книга авторот има користено стихови од различни преводи на Библијата. Сите стихови, кои се поклопуваат со стандарниот македонски превод на Библијата, во издание на Библиското здружение на Р. Македонија, Скопје, 2007, се користени од тоа издание на Библијата. Дел од стиховите се извадени од динамичниот превод на Новиот завет, во издание на ХБЦ „Радосна Вест“, Скопје, 1999. Сите останати стихови се парафразиран и динамичен превод на англиските преводи на Библијата.

# СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР**........................................................**7**

**ВОВЕД**..............................................................**9**

**ПРВО ПОГЛАВЈЕ:** Царството.........................................**19**

.

**ВТОРО ПОГЛАВЈЕ:** Сина Магла......................................**59**

**ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ:** Боже, биди милостив!..........................**67**

**ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ:** Огромната риба..............................**97**

**ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ:** Чиј беше изборот..............................**107**

**ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ:** Благословот Господов.........................**143**

**СЕДМО ПОГЛАВЈЕ:** Вратата.........................................**163**

**ОСМО ПОГЛАВЈЕ:** Моќта на верноста ..............................**173**

**ДЕВЕТТО ПОГЛАВЈЕ:** Дајте им вие да јадат.......................**183**

**ДЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ:** Собирај, не се препотувај!...................**197**

**ЕДИНАЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ:**
Летањето е полесно од одењето!...................................**205**

# ПРЕДГОВОР

Веќе неколку години сакав да го запишам патувањето на кое нè однесе Бог мене и мојата сопруга Дренда. Нашите животи во голема мера се променети! Сите чуда што Исус ги имаше направено во Библијата, низ годините видовме како се случуваат и пред нашите очи: видовме мртви како се враќаат назад во живот; парализирани како стануваат, проодуваат и веќе следниот ден се враќаат назад на работа; безброј луѓе исцелени; и обновени финансиски состојби во животите на илјадници луѓе. Но, најголемите чуда што ги имаме видено се случија во рамките на нашето семејство и нашите лични животи.

Мојата цел е да ве поведам на патување, патување до откритие што, се надевам, ќе го промени вашиот животот како што го промени мојот. Приказната не може да се раскаже само во една книга. Ова е првата од серијата книги што ќе ве води во вашата лична финансиска револуција и ќе почне да ви ги открива мистериите на Божјото Царство што мене ми го промени животот. За мене, ова претставува возбудливо патување, патување кое никогаш нема да заврши. Продолжуваме да учиме! Знаењето за Царството е неисцрпно.

Јас сум толку многу благодарен на Бог. Неговите милости се нови секое утро, а Тој е трпелив и проштува, водејќи нè по патот на спасението. Не можам да ве поведам на ова патување без прво да ја спомнам мојата прекрасна сопруга, Дренда. Токму нејзиното срце за Бог и нејзината љубов и трпеливост кон мене, ми дадоа храброст да се соочам со моите слабости и да Го барам Бог за одговорите што очајно ми беа потребни. Со голема радост ја споделувам со вас:

Вашата финансиска револуција
*Моќта на верноста*



# ВОВЕД

*И го одзеде мирот на мојата душа, и ги заборавив добрите работи.*
— Плачот на Еремија 3:17

Се разбудив знаејќи дека нешто не е во ред, нешто сосема не беше во ред! Будејќи се голем страв ми го обзема умот. Не го чувствував јазикот. Рацете, нозете, и едната страна од лицето ми беа вкочанети. Ја разбудив Дренда и се мачев да ѝ кажам што ми се случува бидејќи целото мое лице и јазикот одбиваа да соработуваат. Забележав дека срцето ми чука забрзано и дишењето ми беше отежнато додека ѝ ја објаснував мојата состојба. Таа се разбуди во истиот момент и веднаш почна да се моли за мене. Полека, тоа чудно и застрашувачко чувство почна да стивнува. Повторно легнав додека Дренда отиде да ми донесе нешто за јадење. Бев збунет и исплашен од тоа што се случуваше со моето тело додека се молев лежејќи во постелата. Бранови на паника ме преплавуваа; страв каков што претходно не сум почувствувал во животот го напаѓаше мојот ум.

Долгот што го имав и постојаната потреба од пари го направија стравот нормален дел од моето секојдневие. Во последните неколку години бев под огромен стрес поради мојата влошена финансиска состојба. Работев во купопродажба, бев на провизија, и едноставно не заработував доволно. Живеевме во мала изнајмена селска куќа од 1800 година, која изгледаше како никогаш да не е обновена откако е изградена. Претпоставувам дека малку претерав со последната изјава, но во суштина куќата не беше во добра состојба. Рамките на прозорците имаа процепи низ кои растенијата од надвор навлегуваа и растеа во нашата дневна соба. Многу од стаклата беа скршени и ги покривавме со картон и селотејп. Иако куќата беше трошна и запуштена, сепак

Дренда успеа да ја направи наш дом. Но, дури и со нејзините неверојатни вештини, не можевме да го прекриеме фактот дека постоеја многу сериозни проблеми со куќата.

Сѐ што имавме беше во иста состојба – скршено! Двата автомобили што ги имавме беа стари, со поминати преку 320 000 километри, и едвај можевме да ги стартуваме. Нашите двајца синови спиеја на душеци исфрлени од домот за стари лица, тепихот на подот во нивната соба го најдовме покрај патот фрлен во ѓубрето. Заложувавме сѐ што можевме и позајмувавме пари од секој што сметавме дека може да ни помогне. Тоа беше нашиот живот. Секој ден живеевме колку да ставиме нешто во уста, гледајќи што можеме да продадеме, барајќи начин да преживееме и надевајќи се дека утре ќе биде подобро.

Моите десет максимални кредитни картички беа откажани неколку месеци station наназад, додека моите три заеми од финансиските компании, кои изнесуваа 28 проценти, беа во наплата. Исплатата за колата (да, сѐ уште должев за моите многу стари автомобили) доцнеше веќе 120 дена и бев на работ да ми ги одземат возилата. Доцнев со плаќање на секоја сметка. Пресуди и извршителни решенија се водеа против мене, додека секое утро ме будеа повиците на кредитодавателите. Ѝ должев пари и на Управата за јавни приходи, и покренаа парница против мене за наплата на заостанати даноци. Дренда и јас, им должевме на нашите родители 26 000 долари, а и тие веќе беа уморни постојано да ни помагаат финансиски. Ретко кога нашиот фрижидер беше полн со намирници. Скоро секој месец добивавме предупредување од електроенергетската компанија дека ќе ни ја исклучат струјата. А јас веќе дојдов до крајот на јажето што се однесуваше до мојата емоционална состојба.

Стресот му правеше нешто на моето тело што јас не го разбирав. Откако бев на неколку прегледи, лекарите ми рекоа дека сум доживеал напад на паника и ми препишаа антидепресиви. За жал, овие напади на паника не само што продолжија туку и зачестија до тој степен што се плашев да излезам од мојот дом. Во текот на овие тешки, магливи денови на страв, додека барав одговори, почнав да забележувам дека одредена храна, таа што содржеше шеќер, скроб или кофеин ми предизвикува нов паничен напад. Почнав да се плашам да јадам и станав претерано свесен за сѐ што внесувам во организмот. Мојот живот се претвори во

ропство до точка кога повеќе не бев способен ниту да работам, што од друга страна дополнително ја влоши нашата финансиска ситуација.

Мојата сопруга мислеше дека ќе го изгуби сопругот и подоцна, кога бев излекуван, таа ми кажа дека буквално планирала што ќе треба да преземе со цел да се грижи за нашите деца. Викав кон Бог за одговори зашто немав ниту искуство ниту знаење за тоа со што се борам. Лекарите имаа „големи имиња" за тоа што не е во ред со мене, велејќи ми дека мојата состојба е неизлечива и дека засекогаш ќе користам лекови. Други лекари ми рекоа дека сум на работ да станам дијабетичар, кажувајќи при тоа дека би бил добар медицински случај за проучување и следење како што болеста ќе напредува со возраста.

Иако бев христијанин, немав искуство во духовно војување или како да му се спротивставам на непријателот. Всушност, до овој момент не ни препознав дека се борам со демонски дух. Мислев дека мојот проблем е од чисто физичка природа и Го молев Бог да ме исцели. Како христијанин, знаев дека Бог е мојот одговор, но во тоа време Бог ми се чинеше толку многу далечен. Лекарите ми даваа различни дијагнози за мојата состојба, сите поврзани со ментални проблеми, и сите беа подложни на терапија со асортиман на лекови. Како што спомнав претходно, ми рекоа нема лек, само третмани што ќе ми помогнат да се справам со мојата ментална состојба. Имав несакани ефекти од користењето на лековите, кои воопшто не ми помогнаа. Всушност, уверен сум во тоа дека ми предизвикаа дополнителни симптоми. Направија да се чувствувам како да живеам во магла, измачуван постојано од страшни мисли што не можев да ги контролирам. Немав одговори, и ништо не ми помагаше. Ваквата состојба траеше со недели, а мојот очај растеше бидејќи симптомите и стравот се чинеше како да ми го обземаат животот.

Но, една ноќ, додека Го барав Бог за одговори доживеав голем пробив. Го открив главниот клуч за мојата слобода. Присуствував на служба во мојата црква, во среда навечер. Додека траеше славењето доживеав целосен напад на паника. Не знаев што да правам. Бев очаен и знаев дека ми треба молитва, и се упатив напред кон пасторот.

Иако бев свесен дека ја прекинувам богослужбата, едноставно не ми беше грижа. Посетував доста голема црква и пасторот не

ме познаваше лично, но еден од членовите на тимот за славење ме знаеше. Додека буквално ползев кон платформата, целиот во очај, сите погледи се свртеа кон мене и службата запре. Човекот што ме познаваше брзо реагираше кога ги виде луѓето од обезбедувањето како ми се приближуваат да ме пресретнат.

Додека му ја објаснував мојата ситуација на пасторот, можев да видам како изразот на неговото лице омекнува. Ми се приближи и почна да се моли за мене. Мојот пријател му кажа на пасторот дека сум болен некое време. Пасторот ме погледна и рече: „Тој има дух на немоќ". Изговарајќи го тоа, тој ги положи рацете на мојата глава и му заповеда на тој дух да си замине. Во тој момент се случи нешто неверојатно – бев слободен. За прв пат по многу месеци се чувствував нормално, без мачни мисли, без присуство на страв, само длабок мир. Ако кажам дека бев благодарен, не би било доволно. Да кажам дека бев возбуден, ни тоа немаше доволно да објасни како се чувствував. Се чувствував зашеметено, лесно како пердув, и полн со радост.

После црква, Дренда и јас отидовме во пицерија со некои наши пријатели да прославиме. Додека седев таму и ја јадев мојата пица, се сеќавам добро на песната која во тој момент се пушти на радиото, и одеднаш го почувствував истото болно и мачно чувство на страв како ме прекрива како ќебе – се врати назад. Веќе сфатив дека се работеше за дух. Пасторот ми кажа дека во прашање е дух на немоќ, но јас не знаев што навистина значи тоа, и бев малку збунет. Мислев дека сум исцелен за време на богослужбата, но очигледно не бев. Следниот ден повторно се борев со напади на паника, но не можев да престанам да размислувам за тоа што се случи во црквата минатата вечер. Кога пасторот се молеше за мене, тој не се молеше да бидам исцелен. Тој појави авторитет над духот. Фактот дека мојата состојба реагираше на молитвата на пасторот индицираше дека можеби навистина се работи за дух наместо за болест. (Можете да согледате колку бев незрел во Христос штом пропуштив да го сфатам ова.) Во тоа време знаев многу малку за духовното војување, но знаев дека демоните се вистински. Веќе имав видено еден.

Во моите млади години, управував со една од двете пицерии што ги поседуваа моите родители. Една вечер, влезе еден човек кој ми кажа дека одржува евангелизаторски состаноци подолу на

истата улица, во локалната Методистичка црква. Ме покани да присуствувам. Ја заврши поканата со реченицата: „Исус сѐ уште ги прави истите работи што се запишани во Библијата". Тоа ми го привлече вниманието. Пораснав во црква. Му Го предадов срцето на Господ за време на летниот библиски камп, кога бев во петто одделение. Но никогаш немав видено како Божјата сила исцелува некого во сите тие години, ништо што навистина би ми го привлекло вниманието и би ми ставило до знаење дека тоа е Бог. За време на моето школување некако се оддалечив од Господ. Одвреме навреме во текот на тие години знаев одново да се посветам на одењето во црква, но се чинеше дека мојот интерес за црквата не траеше долго. Но овој човек звучеше поинаку. Исус сѐ уште ги прави истите работи што ги правел во Библијата? – бев заинтересиран да видам за што зборува. Неколку мои вработени одеа во таа црква, и тие ме охрабрија да појдам, па решив да одам.

Првата вечер кога бев таму, го почувствував присуството на Бог на начин на кој никогаш претходно го немав искусено. Всушност, се чинеше како да можам да го осетам присуството на Бог; беше толку опипливо. Пораката што човекот ја сподели беше моќна, и кога праша дали има некој кој сака да Му го предаде својот живот на Исус, или одново да Му го посвети, јас ја кренав раката. Леле! Каква вечер. Бев возбуден. Сакав да им кажам на сите колку е голем Бог.

Во тоа време, немаше интернет, немаше ЦД-а или касети, сѐ што имавме беа три телевизиски канали на нашите телевизори. Нашиот град беше многу мал, и немаше многу што да се прави после работа или по часовите. Младите вообичаено за забава се собираа во пицериите и седеа до доцна во ноќта. Обично во петок и сабота навечер затваравме во еден часот по полноќ, а нашиот паркинг беше преполн со тинејџери. Многу пати морав да ги бркам, бидејќи им отежнуваа на нашите муштерии да најдат место за паркирање. Се случуваше во повеќе наврати полицијата да мора да интервенира со цел да ги растури тепачките и да ги испрати младите дома. Но јас сега имав идеја. Овие млади луѓе требаше да слушнат за Исус. Затоа излегов надвор каде што беа собрани и им реков дека ако некој од нив сака да остане, по затворањето ќе држам Библиски поуки во самата пицерија. Имајте предвид дека тоа би било 1:30 часот наутро, зашто времето

од 1 до 1:30 беше предвидено за чистење и затворање. Не можев да знам дали некој од нив ќе дојде, но знаете што, неколку млади дојдоа, а останаа и неколкумина вработени. Првата вечер кога го одржав првиот состанок еден од тинејџерите рече дека сака да Му служи на Христос и ме праша што треба да прави. Ова ми создаде уникатен проблем бидејќи сè уште немав размислувано за тој дел. Не заборавајте, во основа скоро и да не знаев ништо за Библијата, но имав прочитано еден стих што се чинеше соодветен за прашањето на момчето.

*И секој кој ќе го повика Господовото име, ќе се спаси.*
— Дела 2:21

Се чинеше доста едноставно, и токму тоа решив да го направам. Групата веќе беше замината кога овој тинејџер ми пристапи со неговото прашање, и му реков да седне на стол и да го повика името на Исус. Мислев дека тоа е едноставна работа, но седевме така две минути без тој да каже ниту збор. Затоа го повторив упатството, мислејќи дека можеби не ме слушнал првиот пат. Сè уште ништо. Тогаш забележав дека тој се тресе. Исто така од изразот на неговото лице можев да забележам дека тој се мачи да го изговори тоа име од устата. Одеднаш, како брана што пука, тој го изговори името на Исус и мирот завладеа со неговото лице. Функционираше! И така, тоа беше мојот главен план секој пат кога некој сакаше да Му го предаде своето срце на Господ. Ќе им речев да седнат на стол и да го изговорот името на Исус. Речиси сите, без исклучок, отпрвин не можеа да го изговорат. Ќе почнеа да се тресат, а потоа, навидум тешко, тие наеднаш ќе го изговореа името, и ќе примеа мир.

Еден ден додека во помошната просторија го замесував тестото, слушнав тропање на задната врата. Кога ја отворив вратата, ги препознав двете момчиња што стоеја таму со кои претходно разговарав за Христос. Ги поканив внатре, и едно од нив рече дека сака да Му го предаде срцето на Бог. Го седнав на столчето; и како и обично, тој почна да се тресе за на крајот конечно да го изговори името на Исус. Кога го кренав погледот, го видов другото момче оддалечено од мене на другата страна во собата притиснат во ќошето и изгледаше како животно затворено

во кафез. Како да се обидуваше да ископа дупка во ѕидот, како да сакаше да избега што подалеку од мене. Беше многу чудно и немав никакво објаснување за тоа.

Додека стоев и гледав во него, одеднаш ми падна помислата, „Се прашувам дали ова е демон?“ Немав никакво претходно искуство со демони, но имав читано за нив во Библијата. Навистина не можев да смислам друго објаснување за неговите бизарни постапки. На глас прашав, „Исусе, дали е ова демон?“ Веднаш, како превез кога се трга можев да видам демон припиен до момчето. Беше висок околу еден метар и цврсто се држеше до момчето со подигнати нозе. Луѓето секогаш ме прашуваат, „Како изгледаше демонот?“ На некој начин, изгледаше како мајмун, но сепак поразлично. Беше влакнест како мајмун, имаше долги раце како мајмун, но неговите очи беа бесни, црвени, и беше изобличен. Во оној момент кога ги видов неговите очи буквално вреснав на глас. Омразата што ја видов во тие очи беше повеќе отколку што можев да поднесам. Најдобар начин да го опишам она што го видов во тие очи беше течна омраза, пронижувачка омраза која беше речиси опиплива. Во истиот момент знаев дека ова суштество не само што има омраза кон мене, туку и беше многу гневно на мене.

Сега што? Не знаев што да правам сега кога го видов ова суштество. Но претпоставував дека ако името на Исус нѐ воведува во Царството, тогаш со сигурност тоа име мора да има власт над овој демон, затоа реков гласно, „Во името на Исус“. Веднаш, превезот се спушти. Ако се сеќавате на старите црно-бело телевизори, кога ќе ги исклучите, од екранот полека како бледа сенка исчезнуваше она што го гледавте. Токму така изгледаше суштеството сега. Навистина не можев да го видам, но сепак можев да видам избледена, матна сенка од него. Кога превезот се спушти, момчето наеднаш истрча од зградата.

Да, знаев дека демоните се вистински. И би сакал да можам да кажам дека штом осознав дека мојот проблем има демонска позадина, се справив со него и од тој момент продолжив да чекорам во слобода. Но, тоа не се случи веднаш. Тажно е, после толку години поминати во црква, што навистина никогаш не посветив доволно внимание да научам кој сум во Христос и да научам како да ги спроведувам моите легитимни права против непријателот. Но, сега кога сфатив или барем се посомневав дека

можеби имам работа со некој дух, се охрабрив да научам како да го победам. Знаев доволно за да знам дека демонот требаше да одговори на мојот авторитет, но бев збунет затоа што тоа не се случи. Неколку дена подоцна, имав уште едно позитивно искуство кое само потврди дека мојот проблем навистина е од духовна природа.

Бев во мојата спална соба и се молев во Духот, одлучен да поминам доволно време во молитва со цел да дојдам до одговор за тоа што се случува. Додека се молев, одеднаш почувствував ослободување и повторно бев слободен, исто како кога пасторот се молеше за мене. Бев слободен околу два часа таа вечер пред повторно да се врати, но сега бев апсолутно сигурен дека се работи за дух бидејќи одговори на молитвата. Се обидов повторно да се молам, но овој пат ништо. Така почнав да читам сè на што ќе наидев на тема духовно војување и поминував време во прокламирање кој сум јас во Христос. Но сепак, духот не се повлекуваше, не попушташе. Само, тогаш кога се молев единствено, видов дека духот реагира на мојот авторитет. Бев збунет и со голема ревност Го прашував Господ што да правам. Иако не бев во состојба целосно да се ослободам, немав повеќе напади на паника и парализата во целост ја снема. Веќе имав извојувано значителни победи. Сè уште се борев со мачни мисли и депресија, но сепак бев убеден дека станувам посилен. Секој ден поминував време во проучување за тоа што вели Библијата за нашиот авторитет во Христос.

Едно попладне се борев со веќе познатото чувство на ужас и страв додека работев во мојата канцеларија. Се обидував да се молам и да му заповедам на духот на страв да си оди, но без никаков ефект, како и обично. Одеднаш, го слушнав Божјиот глас. Ми рече да му заповедам на духот да си оди, и да го направам тоа гласно и со авторитет. И тогаш ми кажа нешто што засекогаш го промени начинот на кој гледав на духовниот авторитет. Ми рече да не обрнувам внимание на моите чувства кога ќе му заповедам на духот да си оди, туку да застанам цврсто на Неговиот Збор, а не на она што го гледам или чувствувам. Работев во мојата канцеларија, па не можев само така да станам и да почнам да му викам на демонот, бидејќи и моите вработени беа таму исто така. Затоа, станав и отидов во тоалетот и гласно реков: „Во името на Исус, те врзувам духу на страв. Тоа што ти

го правиш е нелегитимно, и ти заповедам да си одиш веднаш, во името на Исус". Ништо, не почувствував никаква промена. Но се сетив на она што ми го кажа Господ, „Не обрнувај внимание на твоите чувства". Му заблагодарив на Бог за авторитетот што ми го дал над овој дух, и почнав да Го славам дека сум слободен. Се вратив во канцеларијата и продолжив со работа. Додека седев на моето биро, иако не чувствував никаква промена, секој пат кога стравот ќе ми го нападнеше умот, само Му благодарев на Бог што сум слободен. Додека работев на предметот на еден клиент, наеднаш почувствував дека Божјото присуство се спушта врз мене, и видов црн, тенок облак како се подигна, ме напушти и брзо исчезна низ таванот на канцеларијата.

Бев слободен!

Тој демонски дух на страв го немаше повеќе, но и ако се врати, знаев како да се справам со него. Бев толку возбуден! Ѝ се јавив на Дренда и ѝ раскажав сѐ што се случи. Ми рече дека ќе дојде веднаш во канцеларијата, и прославивме со заеднички ручек во мојот омилен кинески ресторан. Морав да стојам цврсто на мојот став против тој дух на страв многупати после тој ден бидејќи демоните не се откажуваат толку лесно и така брзо. И иако демонот си замина, финансискиот хаос во мојот живот остана ист. Стравот постојано се обидуваше да се наметне во мојот ум во однос на моите финансии, и морав да научам како да се справувам со мојот ум и како да го држам во мир.

Имаше и многу други битки кои морав да ги извојувам и да ги научам во мојот живот, и многу духовни лекции за Царството кои допрва требаше да ги научам, но причината поради која сакав да ви ја раскажам оваа приказна е да ви дадам до знаење дека разбирам колку финансискиот стрес може да влијае на луѓето и нивните животи и да ги изложи на измачувачки страв.

Сакам да знаете дека бев на тоа место.

Без разлика со каков хаос се соочувате денес, има надеж. Со сигурност посакувам да знаев повеќе за Божјото Царство години порано во мојот живот. Тажно е кога ќе помислам дека Дренда и јас живеевме во финансиски хаос девет години, а не моравме!

За жал, нашиот финансиски хаос не беше сигнал на радарот; беше радар. Така живеевме. Девет години на просење низ животот, години исполнети со сеќавања на понижувачки настани и околности. Настани што попрво би ги заборавил.

Нека е благословена мојата сопруга! Таа истрпи толку многу во тие години. Затоа денес се обидувам да ја благословам секогаш кога можам.

Исто како што Господ мораше да ме научи како да се справам со тој демонски дух на страв, Тој почна да ме учи како да се справам со моите финансии од духовна перспектива. Она на што Бог нè научи мене и Дренда, и она што Тој ни ги покажа во однос на нашите финансии, во драматична мера ни го промени животот, затоа ние се посветивме да го поминеме остатокот од нашите животи помагајќи им на луѓето да ги откријат истите принципи.

Дренда и јас преминавме од состојба на очајно сиромашни и без пари до плаќање готовина за нашите автомобили, градење на нашиот дом од соништата без долгови, основање повеќе компании и лансирање на нашата дневна телевизиска програма – *Решавање на проблемот со парите*, која се емитува во секоја временска зона на Земјата. Дренда исто така ја отпочна својата неделна емисија *Дренда* на телевизиската мрежа ЕјБиСи Семејство, посветена да им помогне на семејствата да знаат како добро да го живеат животот и да ги охрабри жените. Чувствувавме дека Бог нè води да ја основаме Faith Life црквата, каде секоја недела поучуваме илјадници луѓе за Божјото Царство. Сега, се потребни милиони долари годишно за да го правиме она што го правиме, а над 200 000 долари месечно одат на телевизиските преноси до моментот на пишување на оваа книга.

Ништо од ова, се разбира, не би било возможно ако Бог не нè научеше на она на што сакаме да ве поучиме во овој серијал на книги. Не сакам да гледате на оваа книга како уште една книга за финансии. Не се работи за уште една книга како да го направите вашиот буџет, иако планирањето на буџетот е потребно и се препорачува. Не е преработка на познатата стара изрека, „недоволен приход“, па да ве поучиме што можете да скратите од буџетот како резултат на тоа.

Не, ова е книга за револуција, револт против царството на темнината и неговата задушувачка сиромаштија. Се работи за книга која зборува за отфрлање на стегите и ограничувањата на корумпираната власт и отпочнување нов начин на живот. Мојот одговор не беше некој општ, генерички финансиски совет. Открив дека ми треба комплетен финансиски ремонт:

**ФИНАНСИСКА РЕВОЛУЦИЈА!**

ПРВО ПОГЛАВЈЕ

# ЦАРСТВОТО

Во Воведот споделив како животот ми беше обземен со мачен страв. Затоа, сметам дека е важно да го започнеме нашето заедничко патување со оваа изјава што навистина треба да ја разберете: НЕ ПРИЛАГОДУВАЈТЕ СЕ НА ЖИВОТ СО СТРАВ! Стравот отвора врата за секакви демонски влијанија, збунетост и депресија, како што видовме дека беше случај и во мојот живот и се случува во животот на милиони други. Верувам дека финансиската траума е ширум отворена врата за страв во животите на луѓето. Лично, веќе 34 години им помагам на луѓето со нивните финансии преку мојата фирма за финансиско планирање, и открив дека не сум единствената личност која имала или се борела со финансиски проблеми во животот.

Всушност, врз основа на моето истражувања, дознав дека 23 проценти од популацијата во Америка не плаќа дури ни минимална отплата од своите должнички обврски и полека запаѓаат во финансиско бесознание.[1] Тоа е една четвртина од земјата! Четириесет и седум милиони, една шестина од населението се на купони за храна, а осум од десет семејства живеат од плата до плата.[2] Нема ни да зборувам за долгот од 18 трилиони долари што нашата нација го има и никогаш нема да може да го врати. Исто така, нема да ги спомнам финансиските обврзници во вредност од 120 трилиони долари на кои нашата земја се има обврзано без при тоа да има воспоставен механизам

[1] Tracy Turner, „Долгот е најголемата грижа на луѓето... Финансиските проблеми се повисоко рангирани од тероризмот и катастрофите.“ *The Columbus Dispatch*, 2006.

[2] Brad Plumer, *„Зошто 47 милиони Американци се на купони за храна? Во голема мера тоа е – рецесија.“ The Washington Post, 2013.*

за финансирање за покривање на трошоците.[3] Живееме во нација со сериозни финансиски проблеми! Она што го открив во мојот живот е дека неразрешените финансиски проблеми и финансискиот стрес го прават животот начин на живот со страв.

Но има решение! Можете да бидете слободни! Библијата е јасна по ова прашање: Исус дојде да им ја проповеда добрата вест на сиромашните!

*Духот на Господа е врз Мене, зашто Господ Ме помаза за да им благовестувам на бедните.*
– Исаија 61:1

Што е добра вест за беден човек? Дека тој може да биде слободен! Денес, можеби не ви паѓа на ум како тоа би можело да се случи во вашиот живот. Во еден период од мојот живот, се чувствував тотално беспомошно. Помислата да имам само сто долари што не ги должам некому, ми беше толку страна и далечна што ќе се насмеев на идејата да не беше застрашувачка и тажна. Тие девет години на живеење во режим на преживување земаа данок на мене емоционално. Финансискиот стрес нѐ ограбува, ни одзема сѐ што е добро. Кога и да ги погледнам семејните видеа од тоа време, се чувствувам многу засрамено. Ќе ме видите во видеото како излегувам од својот автомобил и моите скапоцени деца ми трчаат во пресрет да ме видат по долгиот ден поминат во канцеларијата. Ќе дотрчаа до мене, ќе се фатеа цврсто за мојата нога и држејќи ме така, извикуваа: „Здраво тате!“ На видеото се гледа дека ниту им одговорив, ниту ги погледнав. Бев толку многу обесхрабрен и

**„ДУХОТ НА ГОСПОДА Е ВРЗ МЕНЕ, ЗАШТО ГОСПОД МЕ ПОМАЗА ЗА ДА ИМ БЛАГОВЕСТУВАМ НА БЕДНИТЕ.“**

**— ИСАИЈА 61:1**

[3] Glenn Kessler, „Дали нацијата има 128 трилиони не финансирани обврски?“ Washington Post, 2013.

под голем стрес што не бев ни свесен за тоа што е важно.

Тогашната состојба на мојот ум ме потсетува на нешто што го научив еднаш на часовите по пливање. Ако некој се дави и вика за помош, бидете внимателни ако одите да му помогнете. Зошто? Зашто тие се толку обземени од помислата да преживеат што може да ве повлечат и вас под себе без притоа да имаат таква намера. Токму таков бев јас, како жив мртовец, зомби, несвесен за животот, движејќи се механички низ денот без никакви чувства. Како сопруг, бев неуспешен. Како татко, бев неуспешен. Како снабдител во домот, бев неуспешен. Мојот живот беше рутинска слика на неемоционален и деприминиран живот, живот без визија.

Колумбус, Охајо, тоа време доживуваше градежен бум. Насекаде се градеа куќи, и поради тоа, нашиот град беше домаќин на „Парадата на домови“ долги години по ред. Ако не знаете што е тоа, дозволете ми да објаснам. „Парада на домови“ е група на специјални домови изградени од различни градители со цел да ги покажат своите уникатни стилови и способности, како и новите домаќински уреди и украсни детали. За секој што живее во областа ова беше значаен настан во кој уживаа илјадници луѓе. Но јас се ужаснував од помислата на „Парадата на домови“. Со оглед на сиромаштијата во која живеевме, не сакав Дренда да оди и да ги гледа тие куќи. Веќе се чувствував доволно лошо поради мојот финансиски неуспех; со сигурност не сакав мојата сопруга да има дополнителен доказ за тоа колку навистина е лоша нејзината животна ситуација. Сега знам дека моето гледиште беше глупаво, но во тоа време тоа беше мојот став. Знаев дека ако таа отиде на парадата со сигурност ќе посакаше таков дом. И така, година во година, јас велев, „Не!“ Но, конечно, една година попуштив и решив да одиме.

Куќите, како што можете да замислите беа величествени. Тие правеа нашата мала селска куќа од илјада и осумстотитите да изгледа како осудена куќа која чека да биде урната. Откако ги разгледавме првите неколку куќи, и додека одевме по тротоарот, одеднаш сфатив дека Дренда не чекори покрај мене. Се свртев да видам каде е и се натажив кога ја видов како сѐ уште стои пред куќата од која штотуку излеговме. Солзи се тркалаа низ нејзините

образи. Се вратив назад и ѝ поставив глупаво прашање, „Што не е во ред?“, како самиот да не го знаев одговорот. Таа само ме погледна и ме праша, „Кога јас ќе можам да имам куќа?“ Ми се заврте во умот, „Куќа? Како овие? Сите тие куќи вредат помеѓу 500 000 до 700 000 долари.“ А јас сѐ уште се обидував да најдам начин да ја платам месечната кирија од 300 долари за старата фарма. Знам дека е тажно, но едноставно не гледав излез, и не бев во состојба да ѝ пружам никаква надеж на мојата прекрасна, скапоцена сопруга. Стравот и неуспехот го искривуваа мојот ум и моето гледиште. Ова не бев јас; што се случи со мојата радост, мојата среќа? Се чинеше дека не можам да погледнам подалеку од финансискиот стрес.

Беше два или три часот наутро и не можев да спијам. Болката како игли ми ги пробиваше вилицата и лицето, и очајно ми требаше олеснување. Триесет и шест часа претходно имав стоматолошки зафат за да се спречи инфекцијата поради која лицето ми отече како балон. Болката и нелагодноста беа неверојатни. Земав Тиленол на секои четири часа поради болката, но се чинеше дека не ми помага премногу. Не можејќи да спијам, додека седев во дневната соба се напив уште една доза Тиленол, и случајно ја земав кутијата со таблети и почнав да го читам упатството. Го направив тоа не затоа што не знаев како да ги зимам таблетите, туку од чиста досада, исто како што сите сме читале што пишува на кутијата со житарки, додека појадуваме наутро. Не затоа што навистина сме заинтересирани што пишува, туку затоа што е таму пред нас. Да, да, две таблети на секои четири часа, но што пишуваше друго? Не повеќе од 10 таблети во период од 24 часа. Мојот ум брзо го собра бројот на таблети што едно лице би ги конзумирало ако ги зема на секои 4 часа, како што правев во последните два дена – 12 таблети на ден, што значи 2 таблети над максималната доза. Ме зафати страв и ми се стегна стомакот.

Девет години живот сведен на преживување, чувствувајќи се како тотален неуспех, и како сопруг, и како татко, и како снабдител, направија да станам емоционално уништен човек, руина. Лекарите ме ставија на антидепресиви во обид да ми помогнат. Но ништо не помогна. Додека седев таа ноќ во собата

со инфекција на забот, без спиење два дена, со интензивна болка што не ми дозволуваше да заспијам, и сега читајќи ја кутијата со Тиленол, сфатив дека имам уште една работа за која треба да се грижам – можно предозирање со Тиленол. Немав претстава што би можело да ми направи предозирањето со овие таблети, но бев сигурен дека се прилично безопасни, бидејќи секој може да ги купи на слободно, без рецепт. Претпоставив дека едноставно мора да стават предупредување на кутијата за да останат во рамките на законските побарувања и да избегнат адвокатски тужби. Просто не можев да замислам дека земањето две таблети повеќе може да предизвика сериозен проблем. Но, духот на страв ми го зафати умот, ја прифати таа веројатност и почна да ме оптеретува со мисли од типот, „а што ако..." Само за да се смирам, помислив да се јавам во Центарот за контрола на труења, со цел да добијам повеќе информации. Бев сигурен дека ќе ми кажат дека не е ништо страшно и нема потреба од загриженост.

Жената на другата страна од линијата звучеше професионално кога одговори на повикот. Ме праша како може да ми помогне, и јас ѝ објаснив дека земав Тиленол на секои четири часа во последните 36 часа, што значи земав 12 таблети наместо 10, доза што беше нагласено да не се надминува. Ѝ кажав дека се јавувам само за да проверам дека земањето на тие две дополнителни таблети нема да предизвика никакво сериозно нарушување. Настапи тишина и можев да го слушнам чукањето по копчињата на тастатурата на компјутерот. Тогаш ги слушнав овие зборови, и ги цитирам точно нејзините зборови: „Господине, никогаш не сме имале некој што останал жив што ја земал таа доза". Дали ја слушнав добро? Сигурно не! Затоа повторно ѝ објаснив дека земав само две таблети повеќе од препишаното во период од 24 часа, и дека тоа го имам направено последователно последните два дена.

Овој пат таа одговори со прилично строг глас, „Господине, како што веќе реков, никогаш не сме имале некој што останал жив што ја земал таа доза. Треба да се јавите во одделот за итни случаеви ВЕДНАШ!" Кога се обидов повторно да ѝ објаснам што

се случи, бидејќи бев сигурен дека таа не ме разбрала добро, таа ме прекина и ми рече: „Или вие ќе дојдете со вашиот автомобил во болница или јас ќе испратам Брза помош во вашиот дом". Бев во шок! „Ќе дојдам самиот", пелтечев. „Во која болница ќе одите", праша таа. Ѝ одговорив и таа ја спушти слушалката.

Стоев збунето. Имав многу важен состанок во 9 часот тоа утро, а сега беше околу 3:30 наутро. Се качив по скалите до спалната и ја разбудив Дренда и ѝ кажав што се случи. Таа ме погледна вџашено со патетичен поглед. Нејзиниот сопруг се однесуваше чудно веќе неколку месеци, додека таа се обидуваше да држи сѐ заедно, и сега ова? „Гери тоа се само две таблети повеќе. Сигурно знаеш подобро отколку да веруваш дека ќе те убијат. Јави се повторно", ми рече. Но стравот е ирационален и мачен. „Жената ми кажа дека можат да ме убијат; морам да одам во болница." Го кажав тоа и додека излегував од спалната соба можев да прочитам во очите на мојата сопруга како да сакаше да ми каже, „Мора да се шегуваш".

Кога стигнав во болницата, двајца болничари во бели мантили чекаа пред вратата на влезот за итни случаи. Само што ја паркирав колата, тие ми пристапија и ме прашаа, „Дали вие сте Гери Киси?" Веднаш ме внесоа внатре. Додека минував покрај таблата на која беа испишани итните случаи, видов дека моето име веќе стои таму. Пишуваше, „Гери Киси – предозирање". Не можев да верувам. Да ја скратам долгата приказна, направија лабораторски тест на крвта, и кога докторот влезе во собата ме праша, „Зошто сте овде? Нивото на Тиленол во крвта не е доволно високо ниту да излечи главоболка". Кога му раскажав што ми рекоа од Центарот за контрола на труења, тој почна да се смее. Јас не мислев дека е смешно, а секако не мислев дека е смешно кога ми стигна болничка сметка во износ од 2000 долари. Ѓаволот ме намести и повторно ме ограби.

Ги споделувам овие приказни со вас, заедно со Воведот, со цел да ви дадам подобар увид во тоа каде и каков беше мојот живот пред да го откријам Божјото Царство. Да, јас бев христијанин. Да, давав десеток. Да, некое време водев славење во мојата црква. Да, Го сакав Бог. Но, нешто не беше во ред, нешто беше страшно

погрешно! Ви кажав дека Бог ме научи како да се борам со духот на страв и како бев ослободен од антидепресивите и нападите на паника. Но, сѐ уште не бев ослободен од околностите кои доведоа до мојата борба со стравот пред сѐ, мојата безнадежна финансиска ситуација! Сѐ уште секој ден се соочував со огромни притисоци да најдам пари и да ги платам сметките, згора на сѐ имав десет максимално искористени и откажани кредитни картички, три заеми од финансиски компании, долг спрема Управата за јавни приходи, долгови кон роднини, како и многу пресуди и залози.

Како што реков, нашите животи се наоѓаа во финансиски хаос. Стресот и емоционалните превирања беа начините како функционирав. Иако бевме христијани, сепак финансиски умиравме, додека моите кредитни картички една по една ми беа откажани. Залозите беа спроведувани, акредитивите беа отповикани, а доверителите се јавуваа. Во кулминацијата на нашата финансиска мака, и со нашиот бизнис кој не носеше големи приходи, не можевме да си дозволиме да купиме ни храна. Семејството се собираше на едно место околу печката на дрва во дневната соба со цел да се стоплиме затоа што не можевме да си дозволиме ниту мазут. Ги пребарувавме креветите и столиците надевајќи се дека можеби ќе најдеме паднати монети во процепите и ќе им купиме оброк на нашите деца во Мекдоналдс за да го поделат помеѓу себе.

**„МОЈОТ БОГ ПО СВОЕТО БОГАТСТВО, НЕКА ЈА ИСПОЛНИ СЕКОЈА ВАША ПОТРЕБА, ЗА СЛАВА ПРЕКУ ИСУС ХРИСТОС. “**

**— ФИЛИПЈАНИТЕ 4:19**

Бев прилично добар во одложувањето на повиците на доверителите, но еден ден една од моите пролонгирани должнички сметки најми адвокат да го наплати мојот долг. Адвокатот, кој патем немаше никаков карактер, ми се јави, и

едноставно ми рече: „За три дена долгот треба да биде исплатен, во спротивно ќе поднесам тужба против тебе во име на мојот клиент". Бев готов. Немав никакви опции. Немав кредит, веќе имав позајмено од сите мои пријатели, и токму ова беше моментот кога знаев дека веќе сѐ е завршено за мене. Се повлеков во спалната соба, легнав на креветот и извикав кон Бог. Многу брзо го слушнав Божјиот глас. Еден стих што го имам слушнато многупати претходно, ми дојде на ум.

*„Мојот Бог, по Своето богатство, нека ја исполни секоја ваша потреба, за слава преку Исус Христос."*
— Филипјаните 4:19

Му одговорив на Господ дека го знам тој стих, но дека моите потреби не се пресретнати! Тој веднаш одговори на мојата поплака, „Да, но тоа не е Моја вина. Никогаш не си одвоил време да научиш како функционира Моето Царство, Всушност, поголемиот дел од Мојата Црква живее како што живееше Израел во Стариот Завет – како робови. Живеат живот на долг и живот на финансиско ропство. Сакам мојот народ да биде слободен".

Брзо отрчав на долниот кат, ја грабнав Дренда за рака и ѝ кажав што ми рече Господ. Ѝ се извинив што не Го барав Господ и не научив како функционира Неговото Царство. Всушност, во тоа време, ние навистина не знаевме што мисли Бог кога рече дека не знаеме како функционира Царството. На крајот на краиштата, сепак одевме во црква, дававме десеток од нашите приходи во поголемиот број случаи и Го сакавме Бог. Мислевме дека веќе сме фокусирани на Царството и го поседуваме тој менталитет. Меѓутоа, проблемот, како што подоцна открив, се состоеше во тоа што, да, јас бев на пат кон Небото, но не знаев како да ги донесам силата и авторитетот на Небото во мојот живот на начин што ќе влијае врз моите природни околности. Почнавме да ја проучуваме Библијата, а Бог почна да ни зборува и да нѐ учи што Тој мисли кога вели *Царството*. Она што го научивме во најмала рака беше шокантно! Нашето искуство

прилегаше на палење светло во темна просторија. За прв пат во животот, најдовме одговори за нашиот финансиски живот!

**Боже, што подразбираш под Царство?**

Кога Бог ми кажа дека никогаш не сум научил како функционира Неговото Царство, искрено бев збунет. Царство? Дренда и јас не знаевме за што се работи. Се молевме и побаравме од Бог да нѐ научи што Тој подразбира под тоа: „Господе, научи нѐ што подразбираш под Царство?“ Првото нешто што морав да научам беше: што е Царство? Мислам дека за нашиот западен начин на размислување овој концепт е туѓ и тежок за разбирање, со оглед на американскиот пристап кон демократијата и слободата на говорот. Божјото Царство не е демократија, тоа е Царство со Цар. Авторитетот на Царот се провлекува низ Царството со делегиран авторитет преку различни владини институции и служби, и луѓе кои работат под таа власт. Да се има толпа луѓе не е царство. Може да имате маса со милиони луѓе и тоа не би било царство. Царството е група на луѓе кои се поврзани заедно со закон или влада. Дефиницијата за царство во речник гласи: „Царство: држава или влада на чело со крал или кралица“.

Иако го славиме доаѓањето на Исус на Земјата на Божиќ, обично пропуштаме да разбереме дека Тој донесе власт со Себе. Библијата зборува за оваа власт во книгата на пророкот Исаија 9:5-6:

> *„Зашто дете ни се роди – Син ни се даде; <u>власта</u> е на рамењата Негови, и ќе Го наречат: Чудесен Советник, Бог силен, Отец вечен, Кнез на мирот. <u>Неговата власт</u> и мирот бескраен ќе растат врз престолот на Давид и во царството негово, за да го утврди Тој и да го зацврсти преку суд и правда отсега па довека. Тоа ќе го направи ревноста на Господ Саваот.“*

Исус е главата на оваа власт, и кога ќе Го прифатиме Исус за наш личен Спасител, ние стануваме дел од оваа власт; стануваме нејзини граѓани. Не само што стануваме граѓани, ние всушност

стануваме дел од Божјото домаќинство, како синови и ќерки Божји.

> *„А на сите што Го примија – на сите што веруваа во Неговото име им даде моќ да станат чеда Божји; кои не по крв, ни по желба на телото, ни од похот машка, туку од Бога се родија.“*
>
> — Јован 1:12-13

> *„И така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и членови на Божјото семејство.“*
>
> Ефесјаните 2:19

Како членови на Божјото домаќинство, ние стануваме дел од Неговото семејство и на тој начин поседуваме или сме дел од сè што Бог поседува. Но ние, исто така стануваме граѓани на Неговата голема власт. Ова имплицира дека имаме законски права и придобивки во рамките на таа власт. Со цел подобро да го разберете ова, ќе се послужам со пример на граѓанин на Соединетите Држави. Како граѓанин на САД, имате законски права. Вашите законски права се запишани во уставот и во донесените закони од страна на американската влада. Овие закони и придобивки се доделени на секој граѓанин, без разлика за кој граѓанин да се работи. Овие права не се засновани на чувствата на граѓанинот или условени од тоа колку е паметен. Не, тие се воспоставени и утврдени со закон, и се правно достапни за секој граѓанин кој Соединетите Држави ги нарекува свој дом. Можно е граѓанинот воопшто да не ги знае своите законски права, но сепак ги има со самото тоа што е граѓани на Соединетите Американски Држави.

Еве нешто за што треба да се размисли и се надевам во целост ќе го промени вашиот поглед на Бог и начинот како примате од Бог. Во Соединетите Држави, ако откриеме дека нешто или

некој се обидува да ни ги одземе нашите законски права, или во случај да сме изложени на неправедно постапување кон нас, имаме пристап до правдата (правда значи спроведување или администрација на законот), процес кој ги овозможува нашите законски права. Одиме на суд, и судијата воопшто не обрнува внимание на нашиот изглед, ниту дали сме богати или сиромашни. Тој гледа на законот. Тој секој пат треба да пресудува во корист на законот. Ова е нашата сигурност: дека имаме законски права, и дека нашата влада ќе ги спроведува нашите законски права преку процесот на правдата во Соединетите Држави. Имајќи го ова на ум, погледнете го подетално стихот во Исаија 9, зашто зборува за новата власт што Исус ја носи на Земјата.

> *„Неговата власт и мирот бескраен ќе растат врз престолот на Давид и во царството негово, за да го утврди Тој и да го зацврсти преку суд и правда отсега па довека.“*
>
> — Исаија 9:7

Овој стих вели дека Божјото Царство е воспоставено и поддржано преку правдата, администрирањето на Божјиот закон. Администрирање значи процес на имплементирање или спроведување на вашите законски права. Вашите законски права се она што Бог го нарекува праведност или она што Тој вели дека е исправно, а тоа е Неговиот закон. За да се осигура дека го имате она што Бог вели дека е правилно во Неговото Царство, она што е законски ваше како граѓанин во тоа Царство, Бог ви дал пристап до правдата, процесот или гаранцијата дека ќе го имате тоа што Тој ви го ветил. Бог ни ја објавил Својата волја преку Неговото Слово, Библијата, за да ги знаеме нашите права во Неговото Царство. Ова е добра вест! Сè што ќе прочитате во Библијата во врска со она што Бог ви го ветил е веќе легално ваше како граѓанин на Неговото Царство!

Второто послание до Коринтјаните 2:20 јасно вели дека секое ветување – СЕКОЕ ВЕТУВАЊЕ – е „Да“ и „Амин“. Веќе е одлучено; тоа е веќе легално ваше.

*„Бидејќи сите ветувања Божји во Него се „Да“, и во Него „Амин“, за слава Божја преку нас.“*

— 2 Коринтјаните 1:20

Самиот темел на Божјото Царство се правдата и праведноста – и не може да се поколеба. Размислете за тоа на следниов начин: Ако го знам законот на Божјото Царство (Неговата волја), и знам дека имам пристап до правдата, процесот на спроведување што ми го гарантира тоа што законот ми го овозможува, тогаш јас имам увереност и не се плашам.

*„И тоа е увереноста, која ја имаме пред Него, дека ако побараме нешто по Неговата волја, Тој нѐ услишува. А кога знаеме дека ни услишува што и да побараме, знаеме дека ќе добиеме, што и да сме побарале од Него.“*

— 1 Јован 5:14-15

Кога овој стих вели дека Тој нѐ слуша, не зборува за тоа дека нѐ слуша звучно како кога ги слушаме нашите зборови низ звучните бранови; станува збор за тоа дека Тој го презема случајот. Помислете на судија што сослушува случај за да се осигура дека правдата е задоволена. Судницата и судијата се тука со цел да се погрижат дека правдата е достапна за секој граѓанин. Одлуката на судија не се заснова на неговите чувства, туку врз основа на законот со кој тој претседава за да го спроведе за секој граѓанин. Судијата е тука за да се погрижи правдата (спроведувањето на законот) да се одвива согласно пишаниот закон. Во Божјиот случај, Неговиот престол (место на

**ЦАРСТВАТА ФУНКЦИОНИРААТ СПОРЕД ЗАКОНИТЕ И ЗАКОНИТЕ СЕ МЕНУВААТ.**

авторитет и власт) и Неговата моќ се тука за да обезбедат правда (спроведување на Неговата волја) за сите луѓе кои доаѓаат кај Исус и во Неговото Царство.

Ве молам многу бавно прочитајте ја таа изјава повторно и оставете ја да отскокнува од вашиот сегашен поглед на Бог. Повеќето луѓе мислат дека Бог ги носи Своите одлуки од случај до случај, зависно од случајот, но тоа не е точно. Тој е Цар на едно Царство со закони кои не се менуваат. Тој не донесува и никогаш нема да носи одлуки надвор од Неговиот закон. Ние можеме да знаеме каков е Неговиот одговор и пред да Го прашаме, и можеме да бидеме сигурни дека го имаме тоа што Неговиот закон го вели и пред да го видиме, бидејќи Тој има моќ да го администрира спроведувањето на Неговиот закон.

Кога Дренда и јас почнавме да ги осознаваме нашите законски права во Царството, тоа драматично го промени начинот на кој размислуваме за Бог и Библијата. Резултатот од нашето ново разбирање беа нашите променети животи. Нема повеќе просење. Нема повеќе молење. Научивме дека тоа што го рекол Бог законски ни е веќе дадено како граѓани на Неговото Царство. Требаше само да продолжиме да учиме како легално да полагаме право на она што е законски наше и да го ослободиме во земното царство. Размислете за кеширање на чек. Иако можеби имате многу пари на вашата тековна сметка, постои правен процес со кој поднесувате барање за парите за да го кешираат чекот. Во секој правен систем постои процес во кој ние полагаме правно барање за нешто, дури и ако веќе тоа го поседуваме.

> *„Бидејќи Неговата божествена сила ни подари сѐ што е потребно за животот и побожноста, а преку познанието на Оној Кој нѐ повика со Својата слава и совршенство.“*
>
> — 2 Петар 1:3

Тоа е Царството! Тие што се граѓани на Царството ги имаат истите права како и секој друг граѓанин на Царството. Важно е да го разбереме ова: царствата функционираат според закони

и законите не се менуваат. Зошто е ова важно? Тоа е важно затоа што значи дека ако Царство делува или функционира врз основа на непроменливи закони, тогаш нема пристрасност кон припадниците на тоа Царство. Наместо тоа, секој во Царството го има истото право да ужива во примената на законот на Царството во нивна полза, исто како и секој друг жител во Царството.

Еве каде работите малку се комплицираат во црковниот свет. Повеќето Христијани мислат дека Бог произволно одлучува што сака да прави во нечиј живот. Со други зборови, тие мислат дека Бог избира да благослови некого, а не некој друг. Тие мислат дека Бог дозволува да им се случуваат работи на луѓето над кои тие немаат контрола. Тие мислат дека Тој ќе исцели една личност, а друга не. Многу Христијани молат Бог да им помогне кога Тој веќе направил сѐ што може да направи за да им помогне. Им го даде Царството, целото Царство!

Кога Бог почна да ми зборува за моите финансии и дека треба да научам повеќе за Неговото Царство, ми ги даде овој стих:

> *„Блажени сте вие, сиромашните, зашто ваше е царството Божјо.“*
>
> — Лука 6:20

Бог ми кажуваше дека одговорот за мојата финансиска состојба е Неговото Царство, и можете да додадете на тоа, сознанието како да ги спроведете законите на Царството овде на Земјата исто како што направи Исус. Признавам дека на почетокот воопшто не знаев што значи сето тоа. Но, додека размислував за она што ми го кажа Бог, сфатив дека царствата, всушност, функционираат според закон. Функцијата и ефектот на одреден закон може да се знае и да се смета за делотворен секој пат на истиот начин бидејќи законите не се менуваат. Никогаш порано не сум размислувал за тоа од духовна гледна точка. Меѓутоа, ако тоа беше случај, и Божјото Царство всушност функционираше така, тогаш знаев дека можам да ги научам тие закони, да ги применам и да ги искусам на дело придобивките од тие закони

во мојот живот.

Сфатив дека законите што владеат со оваа Земја нема да се променат. Всушност, токму нивната постојана и непроменлива функција дава гаранција да испратат некого на Месечината или да предизвикаат авионите да летаат. Но, повеќето Христијани не Му пристапуваат на Бог со тоа разбирање. Наместо тоа, тие молат и плачат кога им треба нешто, обидувајќи се да Го убедат Бог во она што им треба како Бог да треба да избере да се грижи за нив.

На пример, ако треба да зборувам на некоја црковна конференција, дали сите луѓе во таа црква ќе почнат да се молат светлата да бидат пуштени за време на настанот? Дали тие би постеле и би се молеле, молејќи Го Бог со липање и лелек, „Господе, знаеш колку е важен овој состанок и колку ни требаат тие светла да бидат запалени“. Не мислам така. Всушност, се сомневам дека било каква загриженост и би им паднала на ум за функционалноста на сијалиците дури додека се подготвуваат за состанокот. Ако, поради некоја причина, дојдат таа вечер на конференцијата и светлата не се пуштени, дали мислите дека ќе се јават на електричната компанија молејќи ги да им ги запалат сијалиците? Не. Ако го сторат тоа, сигурен сум дека претставникот на компанијата ќе ги сослуша на кратко пред да се сврти кон својот колега со коментар, „Имам лудак на линијата“. Потоа би рекол: „Госпоѓо, или господине, напојувањето е вклучено; проблемот е на ваша страна“.

Кога им го кажувам овој пример на луѓето кои доаѓаат на моите конференции, сите се смеат. Дали знаете зошто? Тоа е затоа што знаат дека е глупаво да се јавите во електродистрибуција, молејќи ги со плач да ги запалат светлата; повеќето луѓе би знаеле што точно треба да прават во таква ситуација, да го вклучат прекинувачот. Толку едноставно! Без никакви емоционални испади, без стрес; само би го вклучиле прекинувачот. Дали сакате да знаете зошто тие не паничат дали светлата ќе бидат запалени или не? Затоа што тие ОЧЕКУВААТ светлата да бидат запалени. Тие тоа го очекуваат затоа што знаат како работи

електричната струја. Тие ги разбираат ЗАКОНИТЕ кои владеат со електричната енергија, и знаат дека тие закони никогаш не се менуваат.

Но ако се вратите station наназад 1000 години и им кажете на луѓето во тоа време дека ќе го осветлите целиот град со мали стаклени сијалици, тие ќе помислат дека сте полуделе. И доколку имаат прилика да видат дел од градот осветлен на таков начин, би го сметале тоа за чудо. Сè она што луѓето не можат да го објаснат, тие тоа го нарекуваат чудо. Но, тоа не е чудо; туку законот на електрична енергија што функционира исто како што ќе функционира за секој кој одвојува време да научи како функционира протокот на електричната енергија.

Штотуку научивме како функционира електричната струја, или може да се каже дека го обновивме нашиот ум за законите што ја регулираат електричната енергија. Очекуваме тие да работат и воопшто не сме изненадени кога ќе видиме дека функционираат. Напротив, повеќе сме изненадени кога ќе видиме дека не функционираат. Со разбирање на законите што ја регулираат електричната енергија и запишувајќи ги истите, ние можеме да ги дуплираме светлата низ целиот свет. Како? Можеме да го направиме тоа со тоа што ќе ги научиме другите како функционираат овие закони и со тоа да им овозможиме да уживаат во придобивките од тоа да се има светло. Сето тоа е овозможено преку разбирањето на законите што ја регулираат електричната енергија. Ако не ги разбираме овие закони, нема да имаме можност да уживаме во нивните придобивки или истите да ги дуплираме кога ни се потребни.

Кога ќе видиме авион, не велиме, „Леле, ова е чудо“. Не, ние очекуваме авионот да лета, затоа што, ќе повторам уште еднаш, ние разбираме како лета авионот и зошто лета. И повторно, ако се вратиме 1000 години наназад во времето, и над главите на луѓето прелета двокатен авион Ербас 380, што би рекле тие? Би рекле дека тоа е чудо! Се согласувам дека Ербас 380 е прилично импресивен авион, тежи 5.4 милиони килограми, со носивост на преку 800 луѓе, со брзина од 920 километри на час до 15 000

километри. Толку е прекрасен и страшен што може и вас да ве стави во искушение да мислите дека е чудо. Но, не е. Можеме да ги прашаме инженерите што го имаат конструирано Ербас 380 како лета, и тие ќе ни го кажат секој закон на физиката што го примениле за да го полетаат тој авион, и ќе ни кажат за секоја завртка и дел што го употребиле. Инженерите не стојат на пистата гледајќи со неверување на авионот што штотуку полетал, „Леле, неверојатно, погледнете го тоа, не можам да поверувам дека ова нешто всушност лета". Ние сме подготвени да патуваме со авион затоа што знаеме дека неговата способност за летање се заснова на физичките закони кои нема да се променат. Сѐ додека останеме во рамките на параметрите на тие закони, тој авион ќе лета. Запомнете го ова: Законите не се менуваат!

Ние никогаш не би се качиле на авион доколку законот не е конзистентен. Замислите да купиме авионски билет и на него да пишува, „Патувањето со овој авион е на ваш сопствен ризик, бидејќи законот на полетување работи спорадично. Еден ден законот работи, следниот не работи. Никој не знае со сигурност – се чувствувате среќни денес? Имајте убав лет!" Кога последен пат се плашевте дека наместо да седите ќе лебдите во авионот? Никогаш? Зошто не? Затоа што знаете дека законот на гравитација никогаш не се менува.

Овие работи што ги спомнав се физички закони на Земјата што Бог ги создал. Но, погодете што? Духовните закони на Неговото Царство функционираат на истиот начин – не се менуваат! Пред Бог да ми зборува за Неговото Царство, бев многу добро упатен во тоа како функционираат физичките закони на Земјата, но мислев дека Божјото Царство е поинакво. Мислев дека Бог прави сѐ што сака, кога и да посака. Но, дознав дека тоа не е вистина. Кога увидов дека духовните закони на Божјото Царство не се менуваат и можат да се научат, да се разберат и да се применат, тогаш разбрав зошто Исус постојано велеше, „Царство Божјо прилега на...", и потоа ќе го поврзеше Царството со нешто во природниот свет за да можат луѓето да разберат како функционира. Одеднаш, како да ми светна сијалица во умот. Помислив, „Ако Бог ни го даде Царство, а Тој тоа го направи, и

ако тоа Царство функционира според закони кои не можат да се променат, тогаш јас би можел да ги научам тие закони и истите да ги применам во мојот живот".

*„Не плаши се мало стадо! Зашто волјата на вашиот Отец е вам да ви го даде Царството."*
— Лука 12:32

Тоа беше денот кога станав духовен научник! Ја видов Библијата во сосема поинакво светло. Почнав да поставувам прашања додека ја читав: „Зошто рибите беа умножени? Зошто тој човек беше исцелен? Зошто се намножи лебот?" и така натаму. Кога ѝ пристапив на Библијата на тој начин, барајќи од Бог да ми ги покаже законите што беа таму – ЛЕЛЕ!

Кога Господ зборуваше со мене на денот кога ми се јави адвокатот и ми кажа дека мојата неволја е резултат на тоа што никогаш не одвоив време да научам како функционира Неговото Царство, како што веќе споделив веднаш отрчав кај мојата сопруга каејќи се за тоа што не Го барав Господ и што дозволив да западнеме во овој хаос. Но, не знаевме што навистина значи да му веруваме на Царството за нашите одговори. Како што знаете, бевме дел од црква, на пат кон рајот, и Го љубевме Бог. Но, сѐ уште немавме претстава за тоа што мислеше Бог кога рече „Царство". Имавме реален проблем, и не знаевме од каде да ги најдеме парите за кои адвокатот ни кажа дека имаме три дена да ги собереме или како ќе се справиме со тужбата што ќе биде покрената против нас доколку не се појавиме со парите во тие три дена.

Ова беше добар тест. Тоа беше моето прво искуство во однос на финансиите, и сакав Господ да ми покаже што сака да каже со „Царството". Дозволете ми да ви кажам што се случи. Не заборавајте, адвокатот рече дека имам три дена да му ги однесам парите, кои јас воопшто ги немав! Токму тој очај предизвика да се повлечам во спалната соба и да извикам кон Господ; се наоѓав во голема неволја! Се разбира, тогаш Тој ми проговори за Царството и дека тоа е одговорот за мене; и повторно, немав

поим што сака да каже со тоа, но бев повеќе од подготвен да научам.

Два дена подоцна, во вечерните часови отидов на состанок со клиент за неговото животно осигурување. Патем, во тие денови, секогаш го паркирав возилото зад аголот на улицата каде што живееше клиентот, никогаш пред самата куќа. Комбето што го возев имаше мал проблем. Секогаш кога ќе го запалев оставаше позади себе бел чад и тоа во големи количини. Сметав дека нема да му користи на бизнисот доколку паркирам пред влезот на куќата на клиентот и на заминување оставам позади себе чад. Претпоставував дека мојот кредибилитет во областа на финансиите би можел да настрада доколку тоа се случи пред нив, бидејќи барав тие да инвестираат илјадници долари кај мене. На крајот на краиштата, ако бев толку добар финансиски менаџер, зошто би возел комбе што едвај се движи? Ни оваа вечер не беше поразлично.

Приближувајќи се до домот на мојот клиент, бев преплашен кога видов дека тој всушност ми доаѓа во пресрет по улицата. Тој не мислеше ништо со тоа; само сакаше да разговаравме. Но, јас бев малку загрижен дека тој нема да си замине сè додека јас не тргнам прв. Продолживме да разговараме и кога влегов во комбето. Преку спуштениот прозорец, продолжив да зборувам, надевајќи се притоа дека ќе ми посака добра ноќ и откако ќе си замине јас ќе се преправав неколку минути како да правам нешто сè додека не го изгубам од видик, но тој не го стори тоа. Конечно, рече добра ноќ, но наместо да тргне кон својот дом, се повлече неколку чекори station наназад и застана таму. Знаев дека немам каде. Го запалив комбето надевајќи се дека можеби овој пат нема да еруптира во бел чад, но беше тоа неостварлива желба. Моментално, воздухот се наполни со бел чад што ги печеше очите.

Со забрзани движења клиентот ми сигнализираше да го исклучам комбето. Дојде до прозорецот и ми рече да ја отворам хаубата. Ми објасни дека работи со скратено работно време како автомеханичар, и сакаше да провери што не е во ред. По една минута, се врати и рече, „Како што и мислев, проблемот

е во дихтунгот. Носи го комбето веднаш на поправка". Му се заблагодарив и си заминав, но неговата препорака не ми значеше ништо. Немав пари да го поправам комбето.

Мојата канцеларија беше оддалечена околу 10 километри од домот на мојот клиент, и додека возев во тој правец, ме обзеде добро познатото чувство на депресија. Но, додека возев, се сетив што ми рече Господ, и почнав да разговарам со Него за ситуацијата со моето комбе. „Господе", реков, „немам пари за да го поправам комбето. Сè уште должам пари за него, а не можам да го продадам во неисправна состојба. Не знам што да правам. Можеби ќе биде подобро ако комбето просто изгори. На тој начин осигурителната компанија ќе ги покрие трошоците и јас би се ослободил од него".

На околу 5 километри од мојата канцеларија забележав нешто како меур, што претходно не го забележав на хаубата. Како што гледав, меурот стануваше сè поголем и поголем, сè до моментот кога се паркирав на паркингот пред канцеларијата, кога меурот пукна како огнена топка. Бев во шок; предниот дел од комбето сега беше зафатен во пламен кој се издигаше два метри над хаубата. Влетав во канцелариската зграда и го повикав противпожарниот оддел. Следниот ден, осигурителната компанија изврши проценка на штетата на комбето и ми дадоа чек со кој не само што го исплатив долгот за комбето, туку и ми останаа доволно пари да му напишам чек на адвокатот што ми се јави три дена претходно. Дренда и јас бевме вчудовидени. Не знаевме

**ВЕЌЕ БЕВМЕ УВЕРЕНИ ДЕКА БОЖЈИОТ СИСТЕМ ФУНКЦИОНИРА, И СЕ ОБВРЗАВМЕ ОД ТОЈ МОМЕНТ НАТАМУ ДА ПРОДОЛЖИМЕ ДА УЧИМЕ И ДА ГО ПРИМЕНУВАМЕ БОЖЈИОТ СИСТЕМ НА ЦАРСТВОТО.**

што да мислиме. Знаевме дека Бог работи во наша полза и дека нешто се менува. Но на нашата посветеност на Царството допрва ѝ претстоеше тест на еден нов начин што го трасираше текот на нашите животи во наредните години.

Откако изгоре комбето, секако, бевме возбудени, но наеднаш сфативме дека сега сме без возило. Иако комбето сега беше исплатено и кредитниот долг кон адвокатот беше исплатен, немавме пари да купиме ново комбе. Кога слушна дека го изгубивме комбето, се јави татко ми и ни кажа дека сака да ни помогне да купиме ново комбе. Бевме возбудени кога ја слушнавме веста. Јас и татко ми отидовме во локалниот салон за автомобили и најдовме комбе што ни се допадна на мене и на Дренда. Татко ми рече дека ќе ни даде 5000 долари за да го купиме комбето чиј вкупен износ беше 17 000 долари. Што значи ни преостануваа 12 000 долари да доплатиме. Неволно ја пополнив кредитната апликација и татко ми се потпиша како жирант. Ми рекоа ќе ме известат следниот ден доколку ни го одобрат заемот.

Таа ноќ не можевме да заспиеме. Знаевме дека не можевме да си го дозволиме тој заем. Господ веќе ми зборуваше токму за ваквите финансиски потфати. Но тоа што немавме возило беше доволен притисок врз мене да попуштам. После ужасната непроспиена ноќ, Дренда и јас се согласивме дека не можеме да го потпишеме заемот. Му се јавив на татко ми и му се заблагодарив за неговата љубезна понуда, но му реков дека ќе мора да се повлечеме. Следно се јавив во застапништвото и им го кажав истото. И тие беа разочарани бидејќи заемот беше одобрен и комбето беше подготвено да го земам. Иако немавме претстава како Бог ќе ни помогне во оваа ситуација, сепак чувствуваме мир.

Во овој период, Дренда имаше огласено за продажба неколку антиквитети што ги имаше најдено на локална распродажба. Таа му имаше оставено порака на еден човек од кого сакаше да купи неколку парчиња мебел, месец дена пред да се запали комбето, но не успеа да стапи во контакт со него. Неколку дена откако изгоре комбето, тој се јави и се согласи да го продаде мебелот на Дренда за помалку од 1000 долари. Дренда склучи договор со аукциска компанија да го продаде мебелот за неа и успеа да

договори наместо провизијата од аукцијата да ѝ биде исплатена во готовина, да биде подмирена во противвредност на возилото кое аукциската компанија го поседуваше. И така дојдовме до добра половна кола караван која беше целосно исплатена, кредитната картичка беше подмирена, и долгот за комбето беше платен.

Леле! Значи вака функционира Царството. Веќе бевме уверени дека Божјиот систем функционира, и се обврзавме од тој момент натаму да продолжиме да учиме и да го применуваме Божјиот систем на Царството. Можеби ќе прашате, „Кој принцип го применивме?" Најважното беше да не му веруваме на долгот, туку да го побараме од Бог тоа што ни треба и да Му дозволиме Тој да ни покаже како да го пожнееме одговорот.

Инцидентот со комбето ме заинтригира и ми потврди еден друг инцидент што се имаше случено неколку месеци претходно, но во тоа време не разбрав што Бог сакаше да ми покаже. Коцките во мојот ум сѐ уште не беа склопени дека се работеше за принцип на Царството.

Сакам да одам на лов на елени но со години се враќав дома со празни раце. Ќе отидев на лов, ќе чекав на студот во заседа, и така ден за ден без среќа во ловот. Не само што ми се допаѓаше ловот како лов, имав и деца за хранење и знаев дека добро ќе ми дојде да уловам нешто. Иако во минатото имав некаков ловциски успех, сепак поминаа години од последната успешна сезона на лов кога донесов дома месо. Еден ден, додека размислував за претстојната сезона на лов на елени, го слушнав Господовиот глас. Ми рече, „Зошто не ми дозволиш да ти покажам како да го уловиш својот елен оваа година". Тоа ме збуни. „Да ми покаже како да фатам елен", што впрочем значи тоа? Додека се молев за значењето на овие зборови, бев под импресија да посеам финансиско семе или дар токму за таа цел. Чувствував дека Бог ми зборува дека кога ќе го посеам семето за еленот, треба да верувам дека веќе сум го добил пред воопшто да го имам, согласно пишаното во Марко 11:24:

*„Затоа ви велам: сѐ што ќе побарате во*

*молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде.“*

Иако како христијанин, отсекогаш давав и финансиски ја подржував мојата црква, сеењето на ваков начин со фокусирана намера верувајќи притоа дека сум го примил тоа за кое сум се молел, беше нешто ново за мене. Земав чек и во делот за белешки напишав, „За мојот елен во 1987“. Ги положив моите раце врз чекот и го испратив до една организација во која имав доверба и како што го праќав чекот по пошта изјавив дека штотуку го добив во одговор мојот елен. Во тоа време живеевме во Тулса, Оклахома, и искрено немав некое посебно место за лов, но еден пријател од црквата ме покани да одиме заедно на фармата на неговата баба за Денот на благодарност. Ми кажа дека во тој предел има неколку елени. Кога дојде Денот на благодарноста заедно со моето семејство тргнавме на пат радувајќи се на можноста да уживаме во добра храна и заедништво, како и во уловот на мојот елен.

Мојот пријател не знаеше да ми каже конкретно каде да ловам, но имаше едно пасиште кое беше оградено со шума, и ми предложи да излезам на пасиштето и да седнам до едно големо дрво кое се наоѓаше таму. Сакам да си ја замислите таа слика. Седев скриен зад едно големо дрво кое се наоѓаше на средина на искосеното пасиште. Седев потпрен со грбот до дрвото гледајќи кон шумата, која се наоѓаше на околу 120 метри од мене. Сега кога ќе погледнам назад на таа слика, тоа воопшто не беше идеална ситуација за лов, седнат до дрво на отворено поле.

После 30 или 40 минути, без да знам, еден млад елен трчаше по полето зад мене во правец кон шумата што беше пред мене. Дрвото стоеше помеѓу мене и еленот, така што ни тој ме гледаше, ниту јас го гледав. Еленот без да ме види дека седам до дрвото ми трчаше во пресрет во обид да стаса до шумата. Кога се доближи до дрвото ме насети, и застана прашувајќи се каде сум. Погледна зад дрвото, и нашите погледи се сретнаа на само неколку метри оддалеченост. Не сум сигурен кој беше повеќе изненаден, но еленот воопшто не губеше време пред да почне да бега со

најголема можна брзина. Со гласен извик, трчајќи најбрзо што може се упати кон шумата. Сè уште седев таму, додека еленот сè повеќе се оддалечуваше од мене, а јас се обидував да ја подигнам пушката и да го најдам во домен.

Обидот да го држам на нишан еленот кој трчаше со полна брзина не беше најлесниот начин да пукам. Да бидам искрен, никогаш порано не сум пукал во елен што трча. Се сеќавам дека едвај можев да го држам еленот на нишан додека скокаше високо во воздухот, како што впрочем прават сите елени кога трчаат со голема брзина. Но, кога го повлеков чкрапалото, еленот падна на земјата и не мрдна. Бев шокиран! Сè се случи за неколку секунди. Пукав на оддалеченост од 100 метри, колку што можев да проценам.

На звукот на истрелот мојот пријател дојде до мене и ми честиташе на уловот бидејќи го виде како лежи на земјата. Не му имав кажано на мојот пријател за тоа што ми зборуваше Господ во однос на тоа како да го примам мојот улов, но сега го погледнав и му реков, „Не мислам дека уловот се должи на моите извонредни ловечки вештини“. Тогаш од моето ловциско палто извадив парче хартија, на кое стоеше запишан денот кога го испратив чекот по пошта. Пишуваше, „Верувам дека го примив мојот елен во 1987, во името на Исус“. Го имав запишано датумот и времето кога ја молев таа молитва. Му го покажав листот на мојот пријател да го види напишаното и почнав да му раскажувам што ми кажа Господ да направам.

Овој настан ми го привлече вниманието. Знам без сомнение дека беше од Бог. Но, поради некоја причина, не разбрав дека навлегувам во сферата на законот на Царството. Всушност, терминот „Царство“, сè уште не беше нешто за што размислував. Уловот на тој елен беше неверојатен момент, но дали ќе се случи повторно? Без концептот на законите на Царството, не би знаел како или кои закони предизвикаа еленот да се појави. Па така ова го препишав на „Божја работа“ и со нетрпение ја исчекував следната сезона на лов за повторно да го тестирам „делото на Бог“. Но пред да дојде следната сезона, ни се запали комбето. По губењето на комбето и по добивањето на половната кола

која во целост беше исплатена, Бог го имаше во целост моето внимание. Сега бев навистина возбуден да одам во лов во новата сезона. Сакав да ја тестирам мојата теорија и да научам повеќе за Божјото Царство. Сезоната за лов не беше толку далеку!

Го застрелав првиот елен во Оклахома, есента 1987 година. Но, во Јули 1988 година, се преселивме во Охајо, каде што пораснав. Иако пораснав таму, поминаа 12 година откако живеев таму. Додека растев во Охајо, никогаш немав успех во лов на елени. Иако се обидував неколку пати, никогаш немав прилика да истрелам ниту барем еден истрел. Откако се сместивме во една изнајмена куќа во Охајо, сфатив дека не знам каде да ловам. Како момче, ловев зајаци во пределот околу потокот што се наоѓаше преку улицата од куќата на мојот татко. Поставував линија од стапици години по ред, сепак ниту еднаш не видов елен или некаков знак дека воопшто има елени во таа област. Еден ден додека бев на факултет, мојот брат ми се јави целиот возбуден. Ми рече дека всушност видел елен покрај потокот во близина на куќата на татко ми. Обајцата бевме шокирани.

Сеќавајќи се на тој разговор, решив да се упатам по течението на потокот, на денот на отворањето на сезоната на елени. Му се јавив на брат ми и го прашав за совет каде поточно по должината на потокот да одам. Иако поминаа неколку години откако последен пат и тој беше таму, сепак се сети на еден голем јавор што се граничеше со потокот и шумата и ми предложи дека тоа би било добро место. Бидејќи го познав течението на потокот од моите детски години, го знаев секој свијок на тој поток и точно знаев каде ме насочува.

Дренда и јас го удвоивме тоа што Бог ни го покажа претходната година во Оклахома – да посееме семе, да го запишеме, и да веруваме дека сме го примиле тоа што сме го молеле, согласно Марко 11:24. Во тоа време, Охајо имаше полиса на лимит на лов од два елени од било кој пол, но размислувавме да посееме семе прво за еден елен, а потоа да одиме по вториот. Заедно со Дренда го посеавме семето за еленот и верувавме дека го примивме кога се молевме за тоа. Чудесно, за само 40 минути по отворањето на сезоната за лов, имав не еден, туку два елени.

Дефинитивно нешто се случуваше!

Еден месец подоцна, имав сон за една бизнис идеја. Бизнисот го вклучуваше целото финансиско знаење што го имав стекнато низ годините од осигурителната дејност, но имаше поразлична цел во сонот. Не го разбрав целосно, но бев сигурен дека Бог ме води да започнам сопствен бизнис и да ја напуштам фирмата во која работев осум години. Во времето кога го имав сонот, сè уште работев на продажба на полиси за животно осигурување и хартии од вредност.

Неделата кога го сонував сонот, имав закажано средба со едно семејство во врска со нивното осигурување, и иако разговаравме за животно осигурување, знаев дека поседувањето на таквата полиса не е нивната вистинска потреба или проблем. Тие беа во долгови и нивниот месечен буџет беше хаотичен. Дел од моето нормално планирање за моите клиенти се состоеше во пополнување на финансиски извештај со сите нивни финансиски податоци. Тоа ми овозможуваше да проценам колкаво животно осигурување им е потребно. Таа ноќ, бев некако вознемирен во однос на ова семејство. Сакав да им помогнам, но не знаев како. Седнав со нивниот финансиски извештај пред мене и почнав да разгледувам неколку опции. Додека правев финансиски пресметки со мојот финансиски дигитрон, скршнав од перспективата на животното осигурување и почнав да барам дали постои можност да ослободам готовина во

**БЕВ ШОКИРАН КОГА СФАТИВ ДЕКА ОВА СЕМЕЈСТВО МОЖЕ ДА ИЗЛЕЗЕ ОД НИВНИТЕ ДОЛГОВИ ЗА ПОМАЛКУ ОД 7 ГОДИНИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ЈА И НИВНАТА ХИПОТЕКА И ПРИТОА БЕЗ НИКАКВА ПРОМЕНА ВО НИВНИТЕ ПРИХОДИ.**

нивниот месечен буџет. Распределувајќи некои нивни издатоци, бев шокиран кога сфатив дека ова семејство може да излезе од нивните долгови за помалку од седум години, вклучувајќи ја и нивната хипотека, и притоа без никаква промена во нивните приходи.

До овој момент работев во полето на финансиите осум години, и никогаш не сум слушнал некој да каже дека ова е возможно. Одново и одново го прегледував случајот и секој пат го добивав истиот одговор: 6.2 години и ќе излеат од долгови. Посегнав кон фиоката каде што ги чував досиејата на моите клиенти и почнав да ги разгледувам и нивните финансиски извештаи. Го применив истиот метод на пресметка и дојдов до истиот заклучок: за помалку од седум години и тие ќе бидат без долгови. Искрено, бев шокиран од овие податоци.

Сметав дека мојот клиент ќе биде охрабрен да го види ова, затоа решив да направам убава презентација со моите откритија и да им ја претставам следниот пат кога ќе се сретнам со нив во врска со нивното животно осигурување. Навистина ми беше жал за ова семејство. Знаев како финансискиот стрес влијае врз секоја област во животот и сакав да знаат дека ситуацијата не им е безнадежна. Им ја покажав презентацијата, и додека минував низ податоците, тие запрепастено ме гледаа. Кога им покажав колку брзо можат да излезат од долговите, мажот скокна на своите нозе и со солзи во очите почна да ми се заблагодарува. Навистина, атмосферата прилегаше на телевизиско шоу каде едно семејство добива на лотарија или ја освојува главната награда во некоја игра. Едвај можеа да поверуваат во она што им го кажував. Тоа навистина беше емотивно искуство за нив, но и за мене.

Додека размислував за таа ноќ, не можев да се ослободам од фактот дека со едноставно прераспределување на издатоците и средствата на мојот клиент, можев да им покажам како да излезат од долгови за помалку од 7 години. Го видов влијанието што ова го имаше врз нив и надежта што им ја даде презентацијата. Ги минав досиејата на сите мои клиенти за да проверам колкумина можат да влезат во таа „временска рамка од 7 години за да бидат

ослободени од долговите", и бев изненаден кога видов дека 85% ги задоволуваат критериумите. Но, кој им го кажуваше ова на луѓето? По таа ноќ со случајот на мојот клиент, како и случаите со другите мои клиенти, сфатив дека евентуално би можел да започнам бизнис кој ќе им покажува на луѓето како да излезат од своите долгови со користење на мојот план.

Во тоа време, јас самиот бев во долгови, но со сигурност чувствував емпатија за луѓето кои беа под финансиски стрес, и оваа мисија ми беше далеку попривлечна отколку само да продавам животно осигурување. Почнав на сите мои клиенти да им покажувам примерок од мојот финансиски план, и сите тие, без исклучок, беа шокирани.

Во моделирањето на бизнисот се соочив со неколку проблеми што требаше да се решат, Прво, вршењето на пресметките и изготвувањето на презентација поединечно за секој случај ми одземаше многу време зашто ги правев рачно. Второ, на кој начин ќе заработував правејќи го ова? На крајот, склучив договор со компанија за дизајнирање на компјутерски софтвер, и ми изготвија програма која ми овозможуваше да ги изготвам финансиските планови многу побрзо. Што се однесува до мојот втор проблем, знаев дека навистина не можам туку така да им наплаќам на луѓето за да излезат од долгови кога тие воопшто немаа никакви пари. Почнав да се молам за ова.

Еден ден имав наплив на идеи. Навистина чувствував дека Бог ми даде идеја за тоа како да ја водам мојата компанија, помагајќи им на луѓето без да им наплаќам, но во исто време заработувајќи пари за себе. Во мојот план, би барал нешто што јас го нарекувам „изгубени пари", пари кои клиентот веќе ги имал, но не ги увидел. На пример, би направил споредба помеѓу висината на износите за возило, куќа, животно и здравствено осигурување, барајќи притоа заштеда. Би ги споредил хипотекарните стапки за да видам дали рефинансирањето има некаква смисла. Би проверил многу такви работи, иако лично не се занимавав со секоја област на конкретниот бизнис што го истражував. Кога ќе се сретнев со моите клиенти, им ги покажував потенцијалните заштеди и потоа ги упатував да бараат компанија што може да ги имплементира

моите идеи, или до претставник кој раководеше со компанија што јас ја најдов и која беше поевтина за нив. Одеднаш, сфатив дека овој клиент може да вреди надомест за препорака од тие компании.

Во суштина, јас веќе ја завршив целата работа упатувајќи го мојот клиент на нивната компанија и производ. Сѐ што тие требаше да направат е едноставно да се пријават. Така почнав да контактирам со продавачите, претставниците, и професионалците, истите тие кои им ги предложував на моите клиенти, кажувајќи им што е тоа што правам и при тоа ги прашував дали тие сметаат дека вреди да се плати надоместок од нивна страна за упатувањето на клиентите до нив. Сите тие одговорија, „Да". И почнав тоа да го правам. Ја напуштив мојата стара компанија и основав своја компанија која им помагаше на луѓето да излезат од долгови. Бизнисот тргна добро, и во самиот процес произведе доволно пари за јас и мојата сопруга да излеземе од нашите долгови за само две и пол години! Бевме толку возбудени! (Ако сте заинтересирани да добиете бесплатен план, контактирајте нѐ. Ние сѐ уште ги изготвуваме денес, 28 години подоцна!)

Секој ден беше нов ден бидејќи Бог продолжи да ни покажува сѐ повеќе и повеќе за тоа како функционира Неговото Царство. Додека посетував еден друг клиент, Бог ми зборуваше да почнам да вработувам луѓе со цел мојот мал бизнис да прерасне во вистински бизнис. Како што ангажирав луѓе да работат со нас, нашиот бизнис почна да напредува на сѐ повисоки нивоа. Споделив во *Воведот* како ги исплативме нашите автомобили во готовина и како го изградивме нашиот дом од соништата. За време на моите месечни деловни состаноци со новите вработени споделував за Божјото Царство, и луѓето беа привлечени кон мојата компанија не само поради потенцијалната можност за деловна соработка, туку и да слушнат повеќе за Царството и како да го применат во нивните сопствени животи.

Лекциите на кои Бог ме учеше беа неверојатни, и се разбира, многу од тие лекции беа научени додека одев на лов секоја година. Приказните што ги видов за време на ловот, во најмала

рака, беа зачудувачки. Немаше да им верувам освен што ги видов како се одвиваат пред мои очи. Секоја приказна ме учеше нешто ново за Царството што никогаш порано не сум го видел. Мислев дека е добро да споделам неколку од нив со вас во оваа книга, но ако навистина сакате да ги прочитате моите ловџиски приказни, можете да најдете копија од мојата книга, *Лов во вера*, на мојата веб-страница.

Оваа приказна се случи неколку години по моето откритие на лов на елени користејќи го моето новооткриено знаење за Царството. Како што веќе споделив со вас, Бог ме научи како да посеам семе за мојот елен и да го примам во вера како одговор на мојата молитва – и без исклучок, секоја година, во време од 30 до 45 минути ќе го уловев мојот елен. Патем, ова се случува веќе 28 години. Како и да е, оваа конкретна година, како и обично излегов на лов, сосема убеден дека еленот ќе се појави. И за само неколку минути, видов еден елен како се оддалечува од мене и се спрема да влезе во имотот на соседот оддалечен на околу 200 метри. Знаев дека штом еленот ќе влезе во шумата ќе го снема, а сепак знаев дека тоа е мојот елен. Ова се случуваше во време кога сè уште не знаев како да користам лак и стрела за лов, или како со гровтање и звуци да го намамам еленот кон мене. Знаев дека овој елен е мојот одговор на молитва, мојата жетва на посеаното семе, но беспомошно гледав како еленот е на дофат да влезе во шумата на имотот на мојот сосед. Но, одеднаш слушнав глас во мојот дух, „Кажи му на еленот да дојде кај тебе.“ „Што? Да му кажам на еленот да дојде кај мене“, што значи тоа? Не бев сигурен, сепак извикав гласно, но не со доволно силен глас за да ме слушне еленот. „Елену, ти заповедам да застанеш, да се свртиш назад и да дојдеш и да застанеш близу до дрвото каде што сум јас.“ Користев лак и стрела овој пат, затоа го додадов тој последен дел во реченицата зашто сакав еленот да ми се приближи најблиску што може. Мислев ако верата може да го врати тој елен назад кај мене, тогаш може да го врати до дрвото за да можам полесно да го погодам.

Неверојатно, кога ги кажав тие зборови, еленот моментално застана, се сврте назад, и почна да се движи директно кон

моето дрво. Бев во шок гледајќи го еленот како ги преминува тие 200 метри и дојде под самото дрво, и мирно застана таму, а платформата на која што бев качен се наоѓаше на само 3.5 метри над него. Не користев ништо за да го намамам, ниту камуфлажа, ниту гровтање, ниту мирис, бевме само јас и Бог, а сепак тој елен стоеше во мојата непосредна близина, директно под мене. Мислам дека никој не можеше да го промаши еленот. Тој ден со голема радост го однесов еленот дома, но не можев да се ослободам од она што штотуку го посведочив. Дали тој елен всушност се врати кај мене затоа што му заповедав да го направи тоа? Сигурно се чинеше така.

Фармата што ја изнајмуваме во Охајо се протегаше на 89 хектари, и беше опкружена со полиња, нешто шума и поток обраснат по бреговите со грмушки. Во текот на зимските месеци, а особено ако има снег на земјата, сакавме да одиме на лов на зајаци. Охајо имаше сезона за лов на фазани со прстенест врат која се одвива паралелно со сезоната за лов на зајаци, но ретко можевме да видиме фазани на нашата фарма.

Овој конкретен ден, излеговме во лов на зајаци и ловевме по течението на потокот, кога се појави еден фазан. Брзо истрелав кон птицата и ја погодив. Во моментот кога го повлеков чкрапалото, знаев дека куршумот го зафати само крилото на птицата. Фазанот падна, но штом ја допре земјата веднаш се крена и почна да трча за својот живот. Фазанот може да трча со брзина од 55 километри на час, а овој фазан правеше сѐ што беше во негова моќ за да го докаже тоа. Почвата беше покриена со нови врнежи од снег, а птицата трчаше низ отвореното поле по една блага стрмнина што ми овозможуваше да ја следам во чекор.

За момент застанав, беспомошно мислејќи дека птицата ќе побегне, но во мојот дух доживеав ненадејно помазание. Знаев што се случи кога му заповедав на тој елен да застане и да ми дојде во пресрет. Чувствував дека треба да се обидам со истото и сега, па викнав гласно, „Фазане, во името на Исус, ЗАСТАНИ!" За момент, ја загубив од поглед птицата. Јасно можев да го видам целото поле, и фазанот застана во истиот момент кога извикав

кон него. Мојот син Тим кој беше со мене, рече, „Тато, фазанот застана во оној момент кога ти извика“. Но каде беше сега? Тим и јас ги следевме неговите траги во полето и конечно го најдовме како седи во снегот. Ја имаше главата околу половина закопана во снегот, но со целото тело седеше таму на отворено, на снегот. Имаше мал дел со трева околу него и тоа беше причината зошто не можевме да го видиме. Дали беше мртов? Ја подигнав птицата, и таа веднаш почна преплашено да мавта со крилјата и да креска. Птицата беше жива! Додека ја прегледуваме птицата за време на колењето, видов дека само малку ѝ го имав закачено десното крило. Тим и јас се погледнавме еден со друг во неверување. Никој ни би поверувал во она што штотуку го видовме, никој.

Како што претходно спомнав, Охајо имаше полиса за ограничување на ловот на два елени од кој било пол, но можеше да се лови само еден елен годишно. Државата се обидуваше да ја намали популацијата со елени со таргетирање на повеќе срни. Јас по обичај, ќе го посеев моето финансиско семе за елен и срна, и како под саат, еленот ќе се појавеше во првите 30 до 40 минути првиот пат кога ќе излезев на лов; а вториот пат ќе се појавеше срната. Еден ден ми текна, „Елените се појавуваат по редоследот по кој ги запишував кога ќе го посеев моето семе“. Дали тоа беше навистина така? Што би се случило ако го изменам редоследот? Вообичаено ќе посеев за елен и срна и по тој редослед тие се појавуваа. Овој пат, посеав за срна и за елен, наместо за елен и срна, и како и секогаш тие се појавија, но овој пат прво се појави срната, а потоа еленот. Неколку години правев вакви измени тестирајќи ја мојата теорија, и секоја пат функционираше. Кога видов дека се случуваат овие работи, бев целосно восхитен и со стравопочит кон Царството и колку малку знаев за него. Една работа беше сигурна, Господ ми покажуваше дека имам многу повеќе авторитет во врска со тоа како ќе се одвива мојот живот, отколку што јас мислев или знаев.

Како споредна забелешка, моментално додека го пишувам ова, во тек е сезоната за лов на елени, 2015 година. Посеав семе за елен со четири врвови или повеќе, едногодишна срна, и едногодишен елен без врвови, за храна. И како по некој распоред, елен со шест

врвови дојде директно до дрвото каде што бев; а следниот пат уловив едногодишна срна, единствената што дојде до моето дрво. Знам дека следниот пат ќе се појави едногодишниот елен. Знам дека звучи лудо; јас само ви го кажувам тоа што сум видел дека се случува.

Но, еден лов го направи целото ова искуство толку реално што дури ме исплаши. Имав посеано семе за елен со четири врвови или повеќе, и исто така за едногодишен елен (се смета за срна зашто неговите рогови се под крзното и се како мали копчиња). За време на сезоната на лов со лак, излегов како и обично, и за 15 минути го уловив мојот елен со осум врвови. Кога излегов следниот пат, бев сигурен дека едногодишниот елен ќе ме чека таму.

Две недели подоцна, повторно излегов на лов, и додека седев на платформата на дрвото, видов прекрасен елен со осум врвови како доаѓа преку пасиштето на оддалеченост од околу 300 метри од мене. Одеше директно кон моето дрво. Воопшто не скршнуваше од курсот, се движеше низ полето кон моето дрво, и кога дојде застана и стоеше мирно околу 20 секунди. Тогаш се сврте и се врати преку пасиштето по истиот пат од каде што дојде кај мене. Сетете се, само еден елен беше дозволен за лов во Охајо, а јас веќе имав уловено еден со осум врвови, и едноставно бев приморан само да седам и да го гледам овој елен знаејќи дека не смеам да пукам. Бев целосно збунет. Ова беше прв пат да сум излезен на лов и да дојде елен толку блиску до мене, а сепак тоа да не е еленот за кој сум посеал финансиско семе. Начинот на кој се однесуваше овој елен, доаѓајќи преку полето, директно кон моето дрво, стоејќи мирно и потоа враќајќи се назад преку пасиштето по истиот пат, беше едноставно чудно. Се чинеше како еленот да беше на некаква задача. Чекав цело утро, но мојот едногодишен елен не се појави.

Таа вечер, додека седев во мојата канцеларија, бев навистина вознемирен поради овој настан. Нешто не беше во ред; мојот едногодишен елен требаше да се појави. И зошто тој елен со осум врвови се појави туку-така. Почнав да се молам во Духот, и да барам од Бог да ми покаже што се има случено. Го слушнав

Неговиот глас како ми вели, „Погледни го твоето семе“. „Да го погледнам моето семе?!“ Јас знаев колку имав посеано. Мојата банка прави копии од чековите што ги уплаќам, па така посегнав кон извештајот и го погледнав чекот што го имав напишано кога го посеав семето за срната. Мислев дека имам посеано семе за два елени, еден елен со четири рогови или поголем, и еден едногодишен елен кој се смета за срна, како што реков претходно. Но еве како гласеше мојот чек, „два елени, еден со четири врвови или поголем, и еден едногодишен елен“. Иако сакав да кажам два елени, еден со четири врвови или поголем и еден едногодишен елен, сепак не пишуваше така. Пишуваше, „два елени, со четири рогови или поголем, и еден едногодишен елен“. Колку елени се тоа? Три, и вториот беше со четири рогови или поголем, исто како и првиот. Кога го видов ова, седев вчудовиден. Да, еленот со осум врвови имаше своја задача. Тој требаше да биде таму поради законот на Царството. Скокнав и почнав да викам и да трчам низ куќата. ЛЕЛЕ!!!

Во исто време, тоа што го видов ме исплаши. Ако ова што го видов посочуваше кон тоа колку точно и специфично Царството функционираше, тогаш треба да бидам повнимателен. Ненамерно ги активирав настаните што навистина не сакав да се случат, но сепак се случија затоа што ги ослободив согласно духовниот закон. Сега сфатив дека многу луѓе, вклучително и јас, искусуваат работи што впрочем не сакаа да ги искусат, но сепак тие самите го предизвикаа она што го доживуваа. Сетете се, со Неговите зборови, Исус го исуши смоквиното дрво, а во друга прилика го извика Лазар надвор од гробот. И во двата случаи, беше употребен истиот закон, но за различни цели. Следниот пат кога отидов на лов, едногодишниот елен се појави токму како што имав посеано семе за него.

Целата оваа серија настани ме изненади и имаше огромно влијание врз моето гледиште за Царството. Сега знам, без никаква забуна, дека Царството навистина е многу специфично. Сепак, дали треба да бидеме изненадени од тоа? Секој физички закон во природниот свет е исто така специфичен. Претпоставувам дека никогаш не сум сфатил дека духовните закони функционираат

исто како и физичките закони, кои духовните закони ги донеле во постоење. Требаше да бидам свесен за тоа, но не бев. Но, сега знам дека Царство е специфично, многу специфично.

Ќе ви раскажам уште една ловџиска приказна. (Ми се допаѓаат лекциите што ги научив за време на лов, ви благодарам за вашето трпение додека ги споделувам со вас.) Кога увидов колку е специфично Царството, решив да спроведам уште поконкретен експеримент. Оваа година, решив да посеам финансиско семе за елен со седум врвови. Обично, еленот има ист број на врвови на секоја страна. Елен со четири врвови, има по две од двете страни; со осум врвови, има по четири од обете страни, итн,. Но, многу пати, роговите на еленот не се изедначени од различни причини, и елените имаат различен број на врвови на секоја страна. Но, како што кажав, нормално, тие имаа ист број од обете страни.

Сакав да ја ослободам мојата вера за нешто што е специфично, а не норма, зашто, како што реков, сакав да спроведам еден експеримент. Веќе научив дека колку повеќе сме специфични, толку подолго можеби ќе треба да чекаме, и толку попрецизни ќе бидат упатствата од Светиот Дух за тоа да се случи. И така, на денот кога сезоната за лов со лак беше отворена, знаев дека не треба да одам; знаев дека мојот елен не е таму. Всушност, чекав цел Октомври, и просто во мојот дух знаев, „Не, тој сѐ уште не е таму“. Беше фрустрирачко чекањето; сѐ беше обоено во боите на есента, навистина сакав да излезам во шумата. Но сепак чекав.

Тогаш се случи. Една вечер додека седев во дневната соба и разговарав со родителите на мојата сопруга, кои дојдоа да нѐ посеат од Џорџија, слушнав глас во себе: Утре е денот. Мојот елен со седум врвови ќе биде таму! Му соопштив на семејството дека утре ќе го уловам мојот елен. Се разбудив возбуден и излегов од дома пред мугрите. Отидов на лов со самострел и застанав на платформата на дрвото од каде што имав прегледност на мочуриштето од десет хектари кое се граничеше со шумата. Беше тоа добра точка за лов. Додека седев и чекав долетуваа патки; поминуваа глодари, па дури и куни можеа да се забележат по рабовите на мочуриштето. Пределот со грмушки што се

**СЕГА ЗНАМ, БЕЗ НИКАКВА ЗАБУНА, ДЕКА ЦАРСТВОТО НАВИСТИНА Е МНОГУ СПЕЦИФИЧНО.**

граничеше со мочуриштето беше едно од врвните места на легло за елените на мојот имот. Чекав, но ништо не се случуваше. Чекав 45 минути, па еден час, и ништо.

Слушнав како се отвораат и затвораат вратите од автомобилот од другата страна на мојата куќа, и знаев дека родителите на Дренда се подготвуваат да се вратат дома во Џорџија. Им ветив дека ќе појадувавме заедно пред да заминат, а јас требаше да го приготвам појадокот. Мојот првичен план се состоеше во тоа да го уловам еленот рано наутро, и потоа да се вратам дома на време за појадокот. Но еленот сѐ уште го немаше, и неволно се симнав од платформата и се упатив кон куќата. Знаев од искуство дека на мојот имот елените доаѓаа во мочуришната област подоцна наутро, бидејќи како што веќе споменав, тоа беше едно од нивните примарни легла. Знаев дека еленот ќе се појави секој миг, но едноставно не можев да си дозволам да останам повеќе. Ќе треба да дојдам некое друго утро.

Ги поздравив домашните и почнав да го приготвувам појадокот. Јас сум тој кој секогаш го приготвува појадокот во нашиот дом, и тоа го правам од кога можам да се сетам. Имам свој посебен рецепт за вафли од житарки кои се апсолутно вкусни, ако можам самиот да се пофалам. Јајца, колбаси, сирење и гриз се на врвот на менито, но главната состојка што го прави мојот појадок толку посебен е вистинскиот јаворов сируп. Охајо е држава на јаворов сируп, и многу луѓе низ оваа област приготвуваат и продаваат јаворов сируп. Не дозволувам никаков лажен јаворов сируп во мојот дом, само вистинскиот. Го приготвував појадокот во кујната, чии прозорци се насочени кон шумата и мочуриштето, кога одеднаш го видов еленот како го преминува полето и оди кон мочуриштето. Извикав, „Еве го мојот елен!“ Им реков на домашните да го преземат приготвувањето на појадокот зашто јас морав да одам по него!

Знаев од претходно кој пат го поминуваат елените низ полето за да дојдат до мочуриштето, и знаев дека за да стигне таму, мора да помине директно под моето дрво. Сметав дека ако се качам на платформата од задната страна пред да стигне еленот до подножјето на дрвото, можеби ќе имам прилика да пукам. Но за да стигнам на време пред еленот да пристигне морав да тргнам ВЕДНАШ! Истрчав низ вратата и на излегување го дофатив лакот. Трчав околу полето и тогаш, колку што можев најтивко, полека се искачив до платформата на дрвото. Дотука сѐ помина во најдобар ред, еленот сѐ уште не беше дојден.

Седнав на платформата и тогаш го видов еленот како доаѓа преку полето и се упатува директно кон дрвото на кое што бев качен. Еленот не обрнуваше внимание на ништо друго освен на срната што ја следеше, и ниту ме виде или намириса. Срната помина под платформата и продолжи кон мочуриштето, и еленот доаѓаше по истата патека. Не можев да побарам подобро поставување. Кога еленот се приближи на растојание од 25 метри, внимателно нанишанив со самострелот и ја пуштив стрелата. Веднаш штом ја ослободив стрелата сфатив дека се повлеков. Да бидам искрен; скоро останав без здив од трчање од задната страна на полето околу мочуриштето обидувајќи се да го претекнам еленот.

Бев разочаран кога видов дека стрелата удри многу ниско, и знаев дека ги промашив виталните области. Кога го погодив, еленот скокна во густите грмушки кои го покриваа мочуриштето и полека се оддалечи од мојот видик. Она што го имав забележано во моите досегашни ловења, е дека кога еленот е погоден со стрела понекогаш тој не е свесен што се случило. Многу пати, тие едноставно ќе продолжат да одат, под претпоставка да не ве виделе или намирисале. Исто така знаев и дека елен кој е повреден ќе легне во грмушките и нема да се оддалечи многу. Бидејќи овој елен не ме забележа, токму тоа го правеше. Тивко слегов од платформата на дрвото и се упатив кон куќата по истиот пат по кој дојдов, одбирајќи го подолгиот пат за да не го исплашам еленот.

Кога пристигнав дома, сите почнаа да ме прашуваат што

се случило и дали го уловив еленот. Им кажав на сите што се случи и ги замолив моите синови да дојдат и да ми помогнат во потрагата на еленот во грмушките, надевајќи се дека ќе имам уште една прилика да пукам во него. Ја опколивме областа и полека почнавме да се пробиваме низ грмушките. Одеднаш, видов дека еден од моите синови наиде на еленот кој исплашено почна да скока во високата трева. Се наоѓаше на околу 65 метри од мене, преминувајќи од моето десно кон лево.

Одеднаш, еленот го забележа мој друг син на работ на полето. Сфаќајќи дека не се работи за истата личност што го исплаши, и бидејќи навистина не знаеше кој е најбезбедниот пат за него да побегне, еленот застана на кратко проценувајќи ги опциите што ги имаше. Знаев дека ова е мојата единствена шанса да пукам. Еленот уште ме немаше видено. Сега стоеше на оддалеченост од 65 метри од мене и гледаше во мојот син. Самострелот има доволно сила да погоди елен на тоа растојание, но стрелата би паднала на неколку сантиметри па дури и метри пред да го достигне растојанието од 70 метри. Никогаш порано не сум стрелал на таа далечина, и мојот самострел не беше од поновите модели од 85 килограми што можат да стрелаат со брзина од 120 метри на секунда. Точноста на мојот самострел беше ограничена на околу 30 или 35 метри.

Со оглед на тоа дека еленот беше широк и на отворено и стоеше мирно, решив да стрелам. Го подигнав лакот, нанишанив кон еленот и ја пуштив стрелата. Гледав како стрелата лета кон еленот, и на мое изненадување видов дека стрелата го погоди еленот во вратот. Стрелата навлезе до половина во вратот на еленот (се извинувам за деталниот опис), и излезе од другата страна. Еленот се струполи во грмушките, и не успеав да видам на која страна падна. Полека почнав да се приближувам кон грмушките каде што исчезна. И таму беше! Стрелата си ја заврши својата работа, а јас го добив мојот елен.

Мојот син Тим ми се придружи, додека јас заинтересирано ги разгледував роговите на еленот. Немав прилика претходно да ги

изборојам, но сега, додека ги броевме имаше седум врвови. Гледајќи го одблиску, видовме дека еленот е всушност со осум врвови, но еден од роговите беше скршен, што го направи елен со седум врвови. Тим и јас восхитени Го славевме Господ додека стоевме таму во стравопочит кон Него. Царството беше апсолутно неверојатно! Заедно со Тим, се прашувавме, „Кој воопшто би ни поверувал? Дали некој воопшто знае дека Царство функционира на овој начин?"

Мислам дека ја сфативте поентата. Царството оперира според многу специфични закони кои се воспоставени и кои се веродостојни дека ќе функционираат на ист начин секој пат. Беше толку возбудливо на почетокот кога сфатив дека овие закони ќе работат во врска со сѐ, вклучително и финансиите. Можев да ги научам овие закони. Ќе станам духовен научник, и ќе откријам како функционира ова Царство. И Бог ќе ми помогне во тоа.

## ВТОРО ПОГЛАВЈЕ
# СИНА МАГЛА

Кога Дренда и јас почнавме да гледаме како Божјото Царство работи и функционира во нашите животи, во целост се ослободивме од долговите, и сакавме да им кажеме на сите што ги среќававме што сме научиле. Му кажувавме на секој што сакаше да слуша, додека во исто време ја основавме нашата црква и јас го водев мојот бизнис. Но, чувствував во мојот дух дека има нешто друго; не знаев што е тоа, но знаев дека Бог ме води да направам многу повеќе за да го споделам Царството со луѓето.

Во текот на целата 2005 година имав поттик во мојот дух да одржам конференција што јас ја нареков конференција за финансиска револуција, серија од пет состаноци на кои чувствував дека ќе имам време да изложам некои од финансиските принципи на Царството што мене ми го променија животот. Пораснав во Методистичка црква, и понекогаш имавме состаноци на пробуда што траеја цела недела. Токму овој тип на модел го видов во мојот дух, конференција составена од пет сесии кои ќе ми овозможат да ги поведам луѓето низ концептите и принципите на кои Бог ме научи во финансиската област. Сè до овој момент, ги немав ставено овие принципи во систематска форма. Но, во мојот дух можев да се видам себеси како одржувам состанок содржан во пет сесии на тема финансии.

Додека се молев за тоа, налетав на Лери, пријател што го немав видено подолго време. Тој ми кажа за претстојната конференција во Албанија на која тој ќе зборува, и ме покани да зборувам на

истата. Лери скоро 12 години беше во мисија во Албанија и имаше големо влијание во таа земја. Но помислата да патувам толку далеку беше нешто ново за мене. Јас не патував многу, и никогаш претходно не сум бил во Албанија, и не бев сигурен дека воопшто знам каде се наоѓа Албанија. Лери ме охрабри, велејќи ми дека конференцијата е од национален карактер, и дека многу од националните пастори ќе бидат присутни, и сметаше дека моите сознанија за финансиските принципи на Царството ќе бидат корисни за луѓето. Исто така ми рече дека ќе имам две или три сесии на конференцијата да зборувам. Иако не беа пет сесии, сепак се радував на можноста да предавам на оваа тема во рамките на сесиите што ми беа доделени. Затоа му реков дека би сакал да дојдам.

Кога се симнав од авионот во Албанија, Лери ме пречека и ме поздрави со неверојатна изјава, „Гери“, рече тој, „еден од говорниците откажа во последен момент, ќе имаш пет сесии за зборување“. Срцето ми потскокна. Ова е тоа! Знаев дека ова е координирано од Бог и дека сега ќе имам прилика да видам како ќе се одвива она што веќе го видов во мојот дух. Ги имав со мене моите белешки, но ги немав ставено во формат што ќе покрие пет сесии. Па така, секој ден поучував, потоа се враќав во мојата соба да се молам во Духот и да ги напишам белешките за следната сесија. Во текот на сите сесии, помазанието беше едноставно неверојатно.

Пред да продолжам понатаму, треба да ви кажам дека Албанија во времето кога јас бев таму, беше исклучително сиромашна земја. Просечната плата беше околу 500 долари месечно, додека митото беше составен дел од животот за луѓето. Додека размислував како да ги подучам луѓето во областа на финансиите, не бев сигурен како ќе ги прифатат предавањата. Знаев дека Словото е делотворно за секого, но ова беше ново искуство за мене. Додека ја предавав првата сесија, можев да насетам ѕид на почетокот помеѓу мене и луѓето. Но за време на втората сесија, можев да ја почувствувам духовната глад на луѓето, и можев да видам на нивните лица како верата расте во нив додека ја слушаа добрата вест за Царството. Секој ден додека ги поучував, луѓето стануваа

сѐ порадосни, и можев да видам дека се возбудени за Царството.

Вечерта, пред да ја споделам последната сесија, Господ ми рече дека треба да соберам доброволен прилог за локалните цркви. Бев малку несигурен по ова барање бидејќи, пред сѐ, ова не беше моја конференција, и второ, не знаев како луѓето ќе реагираат. Лери и јас, моравме да го покриеме поголемиот дел од трошоците за пат и сместување на пасторите со цел да дојдат на конференцијата. Зборував со Лери за ова, и тој ме охрабри да го соберам прилогот.

И така, за време на последната сесија го собрав доброволниот прилог за конференцијата, а помазанието беше толку силно што едвај можев да стојам. Сите што беа во салата танцуваа и радосно извикуваа додека излегуваа напред да ги стават своите пари во торбите за доброволен прилог. Служителите ги држеа торбите во своите раце додека луѓето со солзи во очите ги ставаат парите внатре, истовремено едвај задржувајќи се на своите нозе. Никогаш порано не сум видел вакво нешто, барем не за време на собирање на доброволен прилог. Додека ги гледав луѓето како танцуваат и како викаа од радост додека го даваа својот прилог, бев совладан од помазанието, но и од искрената вера на оние што даваат такво скапоцено семе.

По завршувањето на службата, Лери исто така беше трогнат од она што го виде. Беше изненаден од полните торби со доброволен прилог што ги однесовме во неговиот апартман од вечерашната служба. Тој ми кажа дека обично само една торбичка би се наполнила делумно при собирање на доброволен прилог на службите од неговото искуство во минатото. По завршувањето на службата, ги зедовме торбите со пари, и се упативме кон апартманот на Лари движејќи се низ преполната улица со луѓе.

Кога стигнавме во апартманот на Лери, седнавме во неговата дневна соба и ги отворивме торбите за да ги изброиме парите. Додека Лери ја истресуваше содржината на торбите на масата, се случи нешто што до ден денес ми е тешко да го објаснам со зборови. Одеднаш, светло сина магла ја исполни собата и присуството на Бог нѐ совлада. Просто само седевме под помазанието што го исполни местото каде што бевме. Беше тоа

помазание сосема поинакво од помазанието што некогаш сум го почувствувал додека сум проповедал или сум се молел за луѓе. Ова помазание носеше присуство со себе. Беше свето и направи да се чувствувам како да сум во самото присуство на Бог. Како што седевме таму, присуството во собата стануваше сѐ посилно. Сѐ што можевме да направиме е само да седиме и да плачеме. И тогаш, сред купот пари што беше истурен на малата масичка, видов бурма. Бев совладан од фактот што некој од присутните на конференцијата, кој немал пари, го дал единственото нешто што било скапоцено за него. Во тој момент Бог ми рече:

> *„Те повикувам да ги поучуваш нациите на принципите на кои Јас те научив за Царството и финансии. Оваа вечер овој прстен беше ставен со голема вера во прилогот. Но, сакам да го земеш и да го чуваш како спомен на оваа вечер. Исто така, знај дека, како што бурмата зборува за брачниот завет, ти го објавуваш Мојот завет на снабдување на Мојот народ. И знај дека каде и да те пратам, Јас ќе ги обезбедам потребните пари за тоа.“*

Не можев да заспијам цела ноќ. Останав во апартманот на Лери таа вечер, а помазанието се задржа таму. Додека летав преку Атлантикот, на враќање дома, исто така, не можев да спијам. Сѐ што можев да направам е да гледам низ прозорецот и да плачам за времетраењето на тој осум часовен лет. Не можев да заспијам цели 46 часа откако Бог ми зборуваше таа вечер. Месеци подоцна, кога и да помислев на таа вечер, ќе го почувствував истото присуство и ќе почнев да плачам.

Не му кажав на Лери што ми кажа Господ за тој прстен. Парите во доброволниот прилог им припаѓаа на црквите во Албанија, и знаев дека прстенот може да се продаде и да се добијат дополнително финансии за него – но знаев што Господ ми зборуваше во врска со него. Затоа, бев среќен кога Лери ми се јави и ми кажа дека Господ му зборувал и му рекол да ми го даде тој

прстен. Го земав прстенот и сега се наоѓа во мојата канцеларија. Многупати сум го погледнал тој прстен за да се потсетам на зборовите што Господ ми ги упати таа ноќ, додека се соочував со она што изгледаше како огромни финансиски предизвици низ годините оттогаш. Без пропуст, Бог беше верен да обезбеди сѐ што ми требаше за да ги спроведам Неговите упатства од таа вечер. Таа вечер во Албанија ми го промени животот, но имаше многу повеќе што Бог сакаше да ми го покаже во деновите што следуваа.

Кога се вратив дома од Албанија, почуствував силен поттик да ја пренесам оваа порака за Царството секаде каде што можам. Имав таква силна страст да ги споделам овие информации, и бев нестрплив повторно да ги поучувам истите тие пет сесии и да видам дали ќе се случи истото како и во Албанија. Не морав долго да чекам. Еден пастор од Јута ме покани во неговата црква да ги поучувам истите сесии. Слушнал од Лери дека предавањата имаат потенцијал да го променат животот на слушателите и сакаше да дојдам. Тој беше пастор на мала индијанска црква која беше многу сиромашна. Имаа потреба од финансиска помош, и ако тоа што Лери му го кажал беше вистина, тој чувствувал дека јас можам да помогнам.

Отидов во Јута и одржав состаноци во недела наутро и недела навечер, сѐ до среда навечер. Предавањата се состоеја од пет сесии, исто како во Албанија, и одговорот на луѓето беше ист. Радосно извикуваа и танцуваа на последната вечер од конференцијата, под многу силно помазание, додека го даваа својот прилог. Овој пат не видов сина магла, но чувствував силно помазание во текот на сите пет сесии. По завршувањето на последната сесија, бев шокиран, исто како што Лери беше во Албанија, на големиот прилог што го дадоа тие 17 брачни парови присутни на конференцијата. Го собрав доброволниот прилог и го однесов во мојата канцеларија за да го избројам следниот ден.

Наредниот ден, доцна наутро, добив повик од мојата канцеларија. Мојата секретарка беше на телефон и можев да сфатам дека нешто се случува. Нејзиниот глас трепереше, и звучеше како да плаче. Првите зборови ѝ беа, „Пасторе, нешто се

случува со парите што ги донесе". „Што сакаш да кажеш Трејси?", ја прашав. Таа почна да ми раскажува дека ја отворила торбата со пари за да ги изброи и да ги депонира, но во моментот кога го направила тоа, помазанието толку силно се спуштило врз неа што таа паднала на подот во канцеларијата. Мојата друга секретарка, слушајќи го метежот од канцеларијата, дошла да види што се случува, но и таа, исто така, почнала да се тресе под силата на помазанието. Трејси рече, „Што се случи со тие пари таму во Јута?". Ѝ одговорив дека не знам.

Неколку недели подоцна, ги поучував истите овие принципи во една мала црква во јужниот дел на Охајо. Во оваа црква, ги испративме првите четири сесии на ДВД, и тие веќе ги имаа погледнато претходните четири недели. Отидов во неделата навечер со цел да ја одржам последната, петтата сесија. И повторно бевме совладани од помазанието. Кога го собрав доброволниот прилог таа вечер, го имав истиот одговор како и на другите состаноци. Луѓето беа возбудени да даваат. За време на собирањето на прилогот, црквата стави една кошница напред за луѓето да ги ставaт своите дарови внатре. Овој пат, сината магла повторно се појави. Имаше нешто како заоблен круг со дијаметар од околу два метри околу кошницата за доброволен прилог додека луѓето ги ставаа парите внатре. Помазанието беше толку силно што мораа да ми помогнат да стигнам до мојот автомобил по завршувањето на состанокот,

**НО ИСУС НЕ САМО ШТО ПЛАТИ ЗА НАШЕТО ПРАВО ДА ОДИМЕ НА НЕБОТО, ТОЈ, ИСТО ТАКА, НИ ОВОЗМОЖИ ДА ЖИВЕЕМЕ КАКО СИН ИЛИ ЌЕРКА НА БОГ И ДА ГИ УЖИВАМЕ ПРИДОБИВКИТЕ ОД БОЖЈОТО ЦАРСТВО ОВДЕ НА ЗЕМЈАТА.**

бидејќи не бев во состојба сам да одам.

Како што се одвиваа овие работи, јас навистина не знаев што се случува, и не бев слушнал дека истото се случува на друго место. Продолжив да одржувам конференции, и помазанието продолжи да биде силно. И да, таа сина магла повторно се појави на неколку конференции. Но, делот што најмногу ме збуни беше фактот што помазанието беше на самите пари. После конференциите, мојот персонал имаше тешко време броејќи го прилогот. Сѐ сеќавате на помазанието што ви го опишав таа вечер во Албанија во апартманот на Лери кога тој ги истресе парите на масата? Ако само земевте од парите што беа ставани во овие доброволни прилози, веднаш би го почувствувале помазанието и би почнале да се тресете. Знам дека звучи лудо, но едноставно ова е она што јас го забележав.

Како духовен научник, бев збунет од сето ова и Го прашав Господ за значењето на истото. Тој ми кажа зошто помазанието се пројавуваше толку силно во однос на доброволниот прилог. Ми кажа дека повеќето луѓе даваат од должност или од легализам. Некои даваат како по некоја пишана формула, но при тоа немаат вистинска вера. Многумина даваат затоа што мислат дека Бог ќе им се налути доколку не го сторат тоа. Некои даваат како да се работи за исплата на долг што го должат. И ми кажа дека додека поучувам за Неговото Царство и ги откривам скриените финансиски принципи на Царството, се крева вера во срцата на луѓето. И тогаш, кога тие даваат, даваат во вера, поврзувајќи се на тој начин со Царството, и како резултат на сето тоа помазанието се прелева.

Од тоа патување во Албанија во 2005 година, мојот живот се промени толку многу. Мојата желба да ги досегнеме луѓето со добрата вест за Царството предизвика Дренда и јас да користиме телевизиски пренос со цел да се досегнеме до нациите. Буквално, сега трошиме милиони годишно за да им кажеме на луѓето за ова Царство што ние го откривме години претходно. Но, можеби вие сѐ уште не сте ја слушнале добрата вест за Царството. И ние бевме на ваше место – верници на пат за рајот, без притоа да знаеме како да го ослободиме Небото на Земјата. Но, Исус не

само што плати за нашето право да одиме на Небото, Тој, исто така, ни овозможи да живееме како син или ќерка на Бог и да ги уживаме придобивките од Божјото Царство овде на Земјата. Но, уште поважно, сѐ уште има милиони луѓе што треба да се досегнат со добрата вест на Евангелието, а за тоа се потребни финансии. Луѓето гледаат. Нашите животи треба да бидат поразлични!

Што е тоа што го поучував во Албанија што го донесе помазанието? Што е тоа што Бог ми рече дека треба да го проповедам на нациите? Токму тоа е целта на оваа книга и верувам дека и вам ќе ви го промени животот, како што го промени мојот.

ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ

# БОЖЕ, БИДИ МИЛОСТИВ!

Ми се јави човек по име Џери и ме праша дали може да ручаме заедно додека сум во неговата област. Имав интервју во една телевизиска станица во град блиску неговиот, и тој сакаше да сподели со мене како неговиот живот се променил благодарение на моите материјали и телевизиската програма. Никогаш порано го немав сретнато Џери, но еднаш или двапати разговарав со него по телефон. „Секако“, му одговорив. Неминовно требаше да ручам некаде, и си помислив, додека сум таму, би било убаво да го сретнам и да ја слушнам неговата приказна.

Се сретнав со Џери и неговиот син на ручек, и Џери почна да ми ја раскажува својата приказна. Џери бил пастор на црква 30 години, но морал да се повлече од службата како резултат на мозочниот удар што го доживеал, што во голема мера го онеспособил. По мозочниот удар, неговиот живот се распаднал. Бидејќи не бил во состојба да работи, заостанале со одржувањето на семејниот имот, и куќата била ставена на оглас за продажба. Плаќањето на сметките и купувањето храна станале исто така предизвик. Всушност, Џери рече дека работите толку се влошиле што тој седнал еден ден со наполнет пиштол 45 во едната рака и Библијата во другата, со намисла да си го одземе животот.

Токму во таа состојба на безнадежност Џери го видел нашиот телевизиски пренос и порачал некои од нашите материјали. Џери ми кажа дека во тој период тој се соочувал со итна потреба од 2000 долари за да ги покрие основните трошоци за храна и сметки. Кога ги добил материјалите, ги слушал одново и одново

сè додека верата не почнала да се крева во неговото срце. Одлучил да Му верува на Бог за тие 2000 долари што му биле потребни. И така, тој го направил истото што Дренда и јас го направивме со првиот елен што го добивме во вера. Цери посеал семе за тие 2000 долари. На парче хартија го запишал датумот и точното време кога поверувал дека ги примил тие пари согласно Марко 11:24, и го испратил чекот до нашата служба.

Јас не знаев дека сето ова се случува бидејќи немав разговарано со Цери. Тој ми кажа дека по една и пол недела дошол човек во неговиот дом и побарал да разговара со него. Цери го познавал тој човек од минатото, но ми рече дека подолго време немале контакт. Почнале со неврзан разговор на почетокот, а потоа човекот му кажал дека вистинската причина зошто дошол да го види е за да му даде чек од 2000 долари. Продолжил да му објаснува дека пред недела и пол, на тој и тој ден, во толку часот, бил поттикнат од Светиот Дух да му врачи чек на Цери во износ од 2000 долари.

Цери бил вчудовиден. Набрзина посегна по паричникот од каде што извади парче хартија на кое беа запишани денот и времето кога поверувал дека ги добил потребните 2000 долари. Датумот и времето запишани од Цери на хартијата се совпаѓаа со точното време кога овој човек бил поттикнат од Светиот Дух да му даде 2000 долари. Цери знаеше дека ова не е случајност; тој знаел дека ова е директен одговор на Божјото Царство, поточно на законите на Царството.

Цери ја продолжи својата приказна и ми кажа дека има седум деца, сите се во брак, освен шеснаесетгодишниот син (кој беше заедно со нас на ручек), што во основа се имаше одвратено од Господ кога видел низ што сè минува неговиот татко. Синот бил лут на Бог затоа што неговиот татко верно Му служел 30 години, и чувствувал дека Бог го напуштил.

Цери се обидуваше да најде начин да допре до неговиот син, и имаше идеја. Во моите материјали зборувам многу за лов на елени и раскажувам за тоа како Бог ме научи да ловам со вера. Ловот на елени, беше исто така пасија на неговиот син, па Цери му објаснил како да улови елен во вера таа есен, на начин

својствен за Царството. Синот размислил за тоа и на крајот се сложил, и тогаш тој и татко му ја ослободиле својата вера, исто како што направи Џери за своите 2000 долари. Момчето го уловил еленот за само осум минути. Додека Џери и неговиот син го noселе еленот во месарницата, слушале во колата едно од моите ЦД-а. Кога стигнале пред месарницата синот останал во колата за да го дослуша ЦД-то. Кога Џери се вратил, неговиот син му рекол, „Тато, мислам дека сме пропуштиле некои работи сите овие години. Знам дека еленот беше резултат на Божјото Царство“.

Неговиот син одново му го посвети својот живот на Господ и му рекол на својот татко дека ако Бог може да обезбеди 2000 долари и елен, тогаш со сигурност Тој може да обезбеди 17 000 долари што им беа потребни за да спречат нивната куќа да не биде запленета. Тоа беше моментот кога Џери го воспостави првичниот контакт со мене. Се сеќавам на писмото што го добив од него заедно со семето што тој и неговиот син го посеаја со цел да ја ослободат куќата од запленување. Се сеќавам дека писмото беше доста кратко, но со конкретно наведена потреба. Не се спомнуваа никакви други информации или објаснување, освен дека сакаат да ја ослободат куќата од запленување. Се сеќавам и дека ги положив моите раце врз писмото, согласувајќи се со нив во молитва за таа цел. Се сеќавам многу добро на моментот и времето кога го направив тоа.

Во тој период, Џери продолжи да ми раскажува, дека за околу две недели, еден друг човек дошол во неговиот дом. Повторно, и тоа било некој што Џери го познавал од своето минато. Човекот му кажал дека го видел неговиот дом огласен за продажба и го прашал Џери колку пари му се потребни за да ја спречи продажбата на неговиот дом. Џери му го кажал износот, нешто повеќе од 17 000 долари. Човекот напишал чек за целиот износ и си заминал. Џери останал да зјапа во чекот. Додека ми го раскажуваше ова, беше целиот во солзи, седнат наспроти мене во ресторанот, и ми благодареше што ги поучувам луѓето за принципите на Божјото Царство. Ми рече дека му е толку драго што сите негови деца ја виделе Божјата рака во овие случувања,

што му дало прилика да го сподели Царството со нив. Ми се допадна оваа приказна! Тоа е реалноста на Божјото Царство, и се чувствувам благословен што можам да го споделувам со луѓето и за возврат да ги слушнам нивните приказни. Видете, Цери немаше потреба од сожалување. Нему му беа потребни одговори и ги најде во Царството.

Сметам дека треба да додадам нешто во врска со приказната на Цери. Иако, навидум се чини дека тие луѓе туку така се појавиле пред вратата на Цери и му дадоа пари, не сакам да добиете погрешна идеја дека вашиот финансиски одговор ќе се појави туку така додека вие седите и пиете кока-кола. Не, вие имате ваш дел што треба да го направите за да го пожнеете она што ви треба. Во случајот на Цери, тој беше пастор 30 години. Тој сеел во животите на овие луѓе многу долго време. И второ, Цери не беше во состојба да го напушти својот дом во потрага по работа поради мозочниот удар. Цери пожнеа од таму каде што имаше посеано во неговата пасторална служба, од луѓето во неговата црква во чии што животи сеел со години.

**„ВИСТИНА, ВИ ВЕЛАМ, АКО ИМАТЕ ВЕРА КОЛКУ СИНАПОВО ЗРНО, ЌЕ Ѝ РЕЧЕТЕ НА ОВАА ПЛАНИНА: „ПРЕМЕСТИ СЕ ОДОВДЕ ТАМУ!“ И ТАА ЌЕ СЕ ПРЕМЕСТИ, И НИШТО НЕМА ДА БИДЕ ЗА ВАС НЕМОЖНО“.**

**– Матеј 17:20**

Морам да ви кажам дека Цери беше целосно излечен од последиците на мозочниот удар, и имаше ослабено повеќе од 32 килограми, кога го сретнав на ручек тој ден. Слава на Бог, тој цврсто се фати за Божјото Царство. Можеби ќе кажете, „Па добро, Цери бил пастор; со сигурност тој знаел сѐ во врска со

Царството". Очигледно не е така, и јас сум сигурен дека тој не е осамен случај, барем од она што сум го видел. За жал, многу верници во црквите не знаат како да навлезат во сферата на Божјото Царство, и да ги примат своите одговори. Следната приказна од Евангелието по Матеј, дава добра илустрација за тоа како голем број луѓе размислуваат.

> *Кога дојдоа кај народот, пристапи кон Него еден човек, кој падна на колена и рече: „Господи, смилувај се на мојот син, зашто при нова месечина го напаѓа зол дух и се мачи многу; често паѓа во оган и често – во вода: го одведов кај Твоите ученици, но тие не можеа да го излекуваат".*
>
> *А Исус одговори и рече: „О, роде безверен и развратен! До кога ќе бидам со вас? До кога ќе ве трпам? Доведете Ми го тука!" И му нареди Исус на демонот и тој излезе од момчето; и тоа оздраве во тој час.*
>
> *Тогаш учениците пристапија кон Исус насамо и Му рекоа: „Зошто не можевме ние да го истераме?" А Исус им рече: „Заради вашето безверие: зашто, вистина ви велам, ако имате вера колку синапово зрно ќе ѝ речете на оваа планина: „Премести се одовде таму!" И таа ќе се премести, и ништо нема да биде за вас неможно".*
>
> — *Матеј 17:14-20*

Во оваа приказна гледаме човек кој е очаен; неговиот син бил измачуван од зли духови, речиси до смрт. Слушајќи за службата на Исус и дека Исус има моќ да изгонува демони, таткото прави план да го одведе својот син кај Исус за Тој да го исцели. Меѓутоа, кога стигнува таму, открива дека Исус не е таму, туку

дека земал тројца од Своите ученици на планината да се молат. Но другите ученици кои беа таму му рекле дека тоа не е проблем за нив, бидејќи тие изгонуваа демони од моментот кога Исус им даде овластување да го прават тоа, во Негово име, па можат да се погрижат за синот на овој човек. Но, додека се молеле за момчето, демонот не заминал. Иако се труделе, демонот не сакал да замине. Таткото беше вознемирен, додека толпата што Го следеше Исус беше збунета.

Но, токму во тој момент Исус и тројцата ученици пристигнаа на местото на настанот, слегувајќи од планината. Исус, гледајќи го метежот, прашува што се случува. Таткото објаснува како го довел синот кај учениците, но тие не можеле да го истераат демонот. Таткото тогаш прави нешто што би го направиле многумина други соочени со криза каде што се чини дека нема одговор. Повикува кон Исус за милост. Иако молењето милост звучи како добра работа кога сте очајни, сепак не беше тоа одговорот за овој човек, а не и ниту ваш. Таткото, сакајќи да поттикне сочувство кај Исус за неговата ситуација, му кажува на Исус како демонот го измачува неговиот син, фрлајќи го во оган во обид да го убие. Исус го прекинува човекот. Нема потреба да слуша повеќе за измачувањето на кое е изложен неговиот син. Фрустрирано, Исус извикува, *„О, роде безверен и развратен! До кога ќе бидам со вас? До кога ќе ве трпам? Доведете Ми го тука!“* Во само една реченица, Исус целосно објаснува зошто демонот не изглегол.

Но, пред да преминеме на импликацијата на зборовите на Исус, треба повторно да ја воспоставиме основата на која се потпираме, а тоа е дека Бог не лаже и не може да лаже. Она што Тој го зборува е вистина. Откако тоа го утврдивме, можеме да ја процениме ситуацијата со оваа изјава, „Демоните ТРЕБА да излезат!“ Ако тоа не го сторат, тогаш нешто не е во ред, и грешката не е кај Бог, туку кај нас. Запомнете го ова, проблемот со примањето од Бог е секогаш на наша страна. Исус јасно ни ја кажува причината зошто демонот не си заминал – развратното размислување и неверување. Ќе ги разгледаме обете причини подоцна. Но, во овој момент од нашата дискусија, сакам да се

фокусираме на таткото и синот во приказната.

Сосема е очигледно дека таткото е во очајна состојба поради својот син. Кога ништо не се случи кога учениците се молеа за него, се чинеше дека ништо друго не му преостанува. Немаше сигурен одговор. Единствениот одговор за кој мислеше дека може да помогне, не беше од никаква полза. Не му преостануваше ништо друго освен да моли за милост. Самата фраза, „моли за милост", имплицира дека некој има моќ или авторитет да помогне, но избрал да не го прави тоа. Сè што може таткото да направи е да даде долго објаснување за ужасната тортура која момчето ја трпи, надевајќи се дека тоа ќе предзвика сочувство кај Исус за неговата ситуација.

Сосема искрено, ова е начинот како се молат повеќето луѓе, знаејќи дека Бог има моќ да помогне, но не се сигурни во Неговиот одговор, па тие молат за милост. Така, со долги молитви и многу зборови, тие ги изложуваат пред Бог сите детали од нивната болка и околности. „Татко, знаеш дека ми требаат тие пари до петок; Те молам Боже, помогни ми." Или, „Боже, Те молам, ако ми го исцелиш детето, ќе Ти служам сите дни од мојот живот. Те молам Боже". Не ја потценувам тежината на ситуациите со кои се соочуваат луѓето, но ве молам забележете колку брзо Исус ја донесе Божјата моќ во таа ситуација и го ослободи момчето. Тоа е Божјото срце, Неговата желба. Нема туку недостаток на сочувство, на моќ, или на авторитет. Тоа не беше проблемот во приказна. Исус го изложува проблемот како развратно размислување и неверување. Со други зборови, погрешното размислување и нивниот недостаток на вера ја попречи надлежноста на Царството во овој случај.

Во ред, има многу да се зборува овде, зашто тука се содржани многу клучеви за Царството и како тоа функционира. Нема да навлегувам во сите работи што мора да ги знаете во оваа приказна, но барем ќе ги спомнам, а подоцна ќе ги проучиме законите што гледаме дека се на сила овде.

За да стекнеме основно разбирање за законите на Царството, ние мора да ја разбереме оваа примарна и основна точка: Бог му даде на Адам целосна надлежност над земјата. Тој требаше да

владее со неа.

> *Потоа Бог рече: „Да создадеме човек според Нашиот образ, според Нашето подобие како што сме Ние, кој ќе биде господар над морските риби, над небеските птици, и над добитокот – над целата земја и над сите гадинки што лазат по земјата!“*
>
> — Создавање 1:26

Посланието до Евреите 2:7-8 е многу јасно:

> *Си го направил за кратко малку подолен од ангелите, но со слава и чест си го овенчал и си го поставил над делата од Твоите раце; сѐ си потчинил под нозете негови. А кога сѐ му потчини, ништо не му остави непотчинето; но сега уште не гледаме дека сѐ му е потчинето.*

Засега, разберете дека Бог не може да ја спроведе Својата власт во земното царство (во царството на луѓето) освен ако маж или жена кои имаат правна надлежност овде не го ослободат Небесниот авторитет.

Токму затоа Исус им рекол на Своите ученици во Евангелието по Матеј 18:18:

> *„Вистина ви велам: сѐ што ќе сврзете на земјата, ќе биде сврзано и на небото; и сѐ што ќе разврзете на земјата, ќе биде развразано и на небото“.*

Повторно, Небото нема надлежност овде во земното царство, освен ако истата не е ослободена преку човекот, маж или жена. Тоа е причината зошто Исус овде вели дека ако човек, маж или жена, го ослободат Небесниот авторитет овде на Земјата, Небото ќе го поддржи. Ако ние тоа не го направиме, Небото не може тоа

да го направи наместо нас. Ако оваа мисла ви се чини страна, ве молам не застанувајте тука. Подетално ќе ја разгледаме таа тема малку подоцна. Но, засега прифатете ја таа вистина како причина зошто демонот не го напушти момчето – **не мораше**! Демонот делуваше во рамките на своето законско право да остане таму. Повторно, Исус кажа дека причината поради која демонот не морал да си оди е поради недостигот на вера, или недостатокот на надлежност. Бог ја изгуби Својата надлежност во човечките работи кога Адам во суштина Го исфрли Бог надвор преку неговиот бунт. Тоа беше моментот, исто така, кога сатаната ја стекна својата надлежност над човештвото.

**НО ТОА НЕ СЕ ОДНЕСУВА НА ВАС, ПРИЈАТЕЛИ МОИ; ВИЕ ИМАТЕ ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА ВО ЦАРСТВОТО. ИМА ОДГОВОРИ НА ВАШИТЕ ПРОБЛЕМИ.**

> *Потоа ѓаволот Го одведе на една висока планина и Му ги покажа за миг сите царства во светот. И Му рече ѓаволот: „Тебе ќе ти ја дадам сета оваа власт и нивната слава, зашто мене ми е предадена, и ја давам кому што сакам. Ако ми се поклониш, сето тоа ќе биде Твое“.*
>
> — Лука 4:5-7

Следствено, Бог ја изгуби Својата законитост во земното царство од причина што го изгуби човекот што ја носеше истата – Адам. Повторно, подоцна ќе зборувам повеќе за овие специфични закони, како што веќе реков, но главната причина зошто се осврнав на оваа приказна беше за да укажам на ставот и очајот на таткото и како тој прибегнува кон молење милост.

Ве молам внимателно прочитајте ги следните неколку реченици.

Ако не постои авторитет или закон или систем за спроведување на правдата за да се изнајде решение за личноста во потреба, тогаш молењето милост е сѐ што преостанува. Дозволете ми да го кажам ова на друг начин. Ако личноста нема правно решение за проблемот и нема пристап до процес каде правдата е задоволена, тогаш нема ниту гаранција дека ќе добие одговор. Молењето милост е сѐ што преостанува да се направи.

Но, тоа не се однесува на вас, пријатели мои; вие имате пристап до правдата на Царството. Има одговори на вашите проблеми. Сетете се, царството е влада, и функционира според закони кои се непристрасни и достапни за секој граѓанин што живее под надлежност на тоа царство. Како што кажав претходно во оваа книга, Божјото Царство е воспоставено врз правдата (правен процес што има пристап до Божјиот авторитет за да го спроведе она што Неговиот закон вели дека е правилно) и праведноста. Постоеше причина зошто тој демон не излегол, и не беше во прашање некаква слабост кај Бог или промена во Неговата волја. Исус ни го покажува тоа со тоа колку брзо ги укори учениците и потоа го изгони демонот.

**БИДЕЈЌИ ЧОВЕКОТ ИМА ЗАКОНИТОСТ НАД ЗЕМНОТО ЦАРСТВО, БОЖЈАТА ВЛАСТ И НЕГОВИОТ АВТОРИТЕТ НЕ МОЖАТ ДА ДЕЛУВААТ СЀ ДОДЕКА МАЖ ИЛИ ЖЕНА, КОИ ИМААТ НАДЛЕЖНОСТ НА ЗЕМЈАТА, НЕ СЕ ВО ЦЕЛОСТ УВЕРЕНИ ВО ОНА ШТО НЕБОТО ГО ЗБОРУВА, И ТОГАШ ГО ОСЛОБОДАТ ТОЈ АВТОРИТЕТ ОВДЕ.**

Повеќето Христијани, кога не гледаат демонстрација на Царството, ја менуваат својата доктрина,

велејќи, „Сите демони не излегуваат“. Тие знаат дека Бог ја има сета моќ, и тие претпоставуваат дека Бог може да направи сѐ што сака во земното царство, и така, ако демонот не излегол, тогаш Бог сигурно избрал да не го приморува да излезе. Пријатели мои, ваквото разбирање е сосема погрешно. Исус рече дека НИВНОТО развратно размислување и нивното неверување се тие што ја прекинале Небесната надлежност во овој случај. Дозволете ми да го кажам ова на следниот начин. Причината поради која демонот не излегол беше правно прашање – точка. Не мораше да излезе затоа што никој што беше присутен таму не ги донел во ситуацијата Небесниот авторитет и неговата правна надлежност. „Но, Гери, тие се обидуваа да го изгонат“. Да, но како што кажав, законски, демонот не мораше да излезе. Зошто? Повторно кажувам, Небото немаше надлежност да го натера демонот да излезе.

Дозволете ми да го парафразирам тоа што штотуку го кажав. Тие имаа развратно размислување, нарекувајќи нешто што е погрешно дека е добро или прифатливо или испревртено размислување наспроти она што Бог би рекол за одредена работа. Неверувањето исто така беше голем проблем бидејќи е потребна вера за Небото да има надлежност во земното царство. Учениците не беа убедени, наполно уверени дека демонот ќе излезе. Тие беа исплашени.

Бидејќи човекот има законитост над земното царство, Божјата власт и Неговиот авторитет не можат да делуваат сѐ додека маж или жена, кои имаат надлежност на Земјата, не се ве целост уверени во она што Небото го зборува, и тогаш го ослободат тој авторитет овде. Патем, кога нашите срца се целосно уверени во она што Небото го зборува се нарекува вера, и никој немаше вера тој ден. Тие беа подвоени во своите умови и исполнети со неверување, со што ја прекратија Небесната надлежност во оваа ситуација. Но, Исус имаше вера и знаеше дека овој демон ќе излезе! Исус ги презеде работите во Свои раце и демонот излезе. „Но, Гери, причината поради која демонот излезе кога Исус го укори беше поради тоа што Тој беше Исус“. Навистина? Ајде да погледнеме во Евангелието по Марко 6:5, кога Исус служеше во

својот роден град.

> *И не можеше тука да изврши никакво чудо; освен што излекува малку болни, полагајќи ги рацете врз нив.*

Ќе мора да се согласите дека Исус имаше моќ да исцелува, така? Тогаш би требало да сте во состојба да објасните зошто Тој не можеше да направи сѐ што сакаше да направи во овој случај? Потребата од исцеление беше таму, но нешто Го попречи. Тој Самиот ни го дава одговорот во шестиот стих: „*И се чудеше на нивното неверие*". Верата (согласноста со Небото) му дава законитост на Небото да делува во земното царство. На пример, можете лесно да го видите овој принцип во вашиот случај, како бевте спасени и како дојдовте до Христос.

> *Бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение.*
>
> — Римјаните 10:10

Поверувавте во вашето срце (во она што Небото го зборува), и бевте оправдани. Тоа е правен термин, и означува спроведување на закон и имплицира дека Небото сега има законитост во земното царство. Имајќи го предвид овој принцип, да се потсетиме дека на Адам му беше дадена законска надлежност овде на Земјата, и луѓето сѐ уште ја имаат таа позиција. Ова не треба да се помеша со невозможноста човекот да владее духовно, тој тоа го загуби во полза на сатаната во градината. Бог не може да ја прекрши правната положба што човекот сега ја има во земното царство. Поради тоа, Бог мора да најде маж или жена кои ќе се согласат со Небото со цел да се здобие со правен пристап и преку нив Небесната надлежност да дојде до израз во земното царство.

Во Посланието до Римјаните 10:10, ќе забележите дека има две работи што мора да се случат пред Небесниот авторитет и сила да бидат ослободени овде во земното царство. Првата работа веќе ја спомнав: Ние мораме да бидеме целосно уверени и

усогласени во нашите срца со она што Небото го зборува; ова се нарекува вера. Второ, ние треба да разбереме дека да се има вера само по себе не е доволно за да го ослободи Небото на Земјата. Дали сте изненадени? Дозволете ми да објаснам. Земете на пример прекинувач за осветлување. Приклучен е во електрично напојување, но сепак, вие сѐ уште морате да го притиснете прекинувачот со цел да се вклучи осветлувањето. Кога веруваме во нашето срце во она што Небото го зборува, тоа ја прави конекцијата со Небото легална или оправдана. Но, потоа ние треба да го ослободиме тој авторитет овде на Земјата. Исто како во мојот пример, ние мора да го вклучиме прекинувачот. Ова го правиме преку исповедање и делување по основ на авторитетот на Царството.

Знам дека се повторувам, но разбирањето на овој закон на Царството е од ВИТАЛНО значење за вас за да ја имате способноста да го примите она што Небото го има за вас. Ќе примите сѐ што ќе примите од Небото на истиот начин на кој бевте спасени – со тоа што ќе верувате во вашите срца во она што Небото го зборува и потоа ќе исповедате со вашата уста и ќе делувате според она што го зборува Небото.

Царството, како што Исус поучувал и демонстрирал, било сосема туѓо за учениците. Многу пати, можеме да ги видиме учениците збунети од она што го гледаат. Во претходниот стих што го прочитавме, верувам дека учениците се исплашиле од манифестацијата на демонот и како резултат на тоа се поколебаа во својот ум, со што ја поништиле нивната вера. Претпоставувам дека како што тргнале да го изгонуваат демонот, тој се манифестирал, веројатно фрлајќи го момчето на земја, и демонстрирајќи се на голем начин. Ова можеби предизвикало страв. Се користам со претпоставки овде, но во една работа сум наполно сигурен. Се случило нешто што предизвикало нивните срца да преминат од усогласеност со Небото во неверување.

Од друга страна, Исус беше целосно уверен во тоа што Небото го зборува за таквата ситуација и му наредил на демонот да си оди. Како што можеме да видиме, проблемот со демонот што не излегувал не беше во рамките на Небесното царство, туку

во земното.

Кога би требало да изберам само еден стих кој би ја илустрирал функцијата на Царството во земното царство подобро од кој било друг стих, би морал да кажам дека тоа е стихот во Евангелието по Марко 11:22-24. За да ја поставиме сцената треба да се вратиме неколку стихови наназад, и ќе видиме дека Исус му зборуваше на смоквиното дрво кое се исуши и умре. Откако не нашол плод на дрвото, Исус го проколнал. Следниот ден додека учениците поминувале покрај истото дрво, увиделе дека дрвото е мртво. Петар е зачуден од она што го гледа и во шок извикува кон Исус.

**ЗАТОА ВИ ВЕЛАМ: СЀ ШТО ЌЕ ПОБАРАТЕ ВО МОЛИТВА, ВЕРУВАЈТЕ ДЕКА ЌЕ ГО ДОБИЕТЕ - И ЌЕ ВИ БИДЕ.**

**– Марко 11:24**

> *„Имајте вера во Бога. Зашто, вистина ви велам <u>ако некој ѝ рече</u> на оваа планина: „Дигни се и фрли се в море!“ и не се посомнева во срцето свое, туку поверува дека ќе биде како што рекол, ќе му се исполни, што и да каже. „Затоа ви велам: сѐ што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде.“*
>
> — Марко 11:23-24

Забележете дека Петар бил зачуден од она што се случило. Како се случи тоа? Исус едноставно му се обратил на дрвото. А сепак, без никаков сомнеж, дрвото возвратило на зборовите на Исус и дрвото умре. Исус тогаш му ја кажува на Петар „вистината“, законот на Божјото Царство. Објаснувањето на Исус ни дава повеќе разбирање за интеракцијата на Божјото Царство во земното. Повторно во овој пример го гледаме на дело истиот закон за кој веќе зборувавме: потребата од маж или жена на Земјата, потполно уверени во пораката на Небото (кои сега се

оправдани), и кои го исповедаат или го ослободуваат Небесниот авторитет. Се разбира, човекот во оваа приказна, е Самиот Исус, но Исус сосема јасно кажува во Неговото објаснување на Неговите ученици дека „секој“ може да го направи тоа што Тој штотуку го направил.

Сигурен сум дека ќе се согласите дека ако луѓето навистина го знаат ова и го разберат законот што Исус го поучуваше, тоа би имало драматично влијание врз нивните животи. Го видов влијанието на Царството во моето семејство, но беше прекрасно да се види како Царството влијаеше на другите семејства додека ги поучувавме на она што ние самите го научивме. Дозволете ми да споделам приказна од мојата црква каде што овој закон беше демонстриран. Многу пати, поседувањето знаење за Царството и неговото функционирање е разликата помеѓу живот и смрт. Токму тоа беше случај во оваа приказна.

Џенифер почна да ја посетува нашата црква и да слуша за верата и за Царството. Таа беше воодушевена кога дозна за нејзиниот авторитет и права во Царството, особено што беше бремена со второто дете и сакаше да се породи дома. Затоа таа почна да проучува што вели Божјото Слово за породувањето, и за ветувањата во Царството во однос на нејзиното дете. Таа беше уверена дека породувањето во домашни услови ќе помине во најдобар ред. Побара бабица и праша една жена во црквата, која самата неколку пати се имаше породено дома, да биде со неа и да ја упатува за време на породувањето.

Во периодот пред да се породи, таа беше присутна на секоја богослужба просто впивајќи ги принципите на Царството. Овие концепти беа нови за Џенифер и таа уживаше во сознанието дека постојат вистински одговори во Божјото Царство. За жал, во тоа време, нејзиниот сопруг мораше да работи и во неделите, и често беше спречен да оди во црква заедно со неа. Конечно дојде времето да се породи. Бабицата и жената од црквата беа повикани во нејзиниот дом.

Беше околу 2 или 3 часот по полноќ кога телефонот покрај креветот заѕвони. Од другата страна на линијата ја слушнав жената од црквата како вреска, „Пасторе, ве молам молете се;

бебето се роди мртво!“ Веста ме разбуди. Жената од црквата ми кажа дека бебето штотуку било однесено во болница со возилото на брза помош. Исто така ми кажа дека медицинскиот тим констатирал смрт на бебето по пристигнувањето.

Дренда и јас веднаш станавме и се облековме. Почнав да се молам во Духот, слушајќи било какво упатство од Него за тоа што треба да правам. Знаев дека ѓаволот ќе сака да ја наклевети нашата црква преку овој настан. Можев да ги видам написите на насловните страници во весниците, „Бебе умре бидејќи црквата-култ ги охрабрува жените да се породуваат дома“. Ние навистина немаме заземено некаков посебен став за прашањето каде треба жените да се породуваат, дома или не, но, да, вистина е дека многу жени избираат да се породат дома. Дренда и јас продолживме да се молиме во Духот додека возевме кон болницата, која се наоѓаше на 20 минути оддалеченост. Некаде на половина пат, наеднаш почувствував како Божјиот Дух се спушта врз мене, и знаев дека бебето ќе биде добро. Токму во истиот миг, мојата сопруга се сврте кон мене и ми рече дека Господ само што ѝ кажал дека бебето ќе биде добро.

Знаев што Господ ни кажа на мене и на мојата сопруга, па кога стигнавме пред собата за итни случаи, бев љубопитен на што ќе наидам кога ќе влезам. Во собата видов група од околу седум или осум медицински сестри кои стоеја над нешто што мене ми изгледаше како сосема нормално, расплакано бебе со здрава, розеникава боја на кожата. Внимателно ги проучував нивните лица. Во повеќето ситуации кога бебето е опколено од група жени, ќе видите насмевка на нивните лица. Но овој пат, насмевките отсуствуваа. Наместо тоа, на нивните лица можеше да се забележи шок.

Во болницата ја сретнавме жената која ни се јави. Таа повторно нѐ извести дека бебето беше прогласено за мртво во домот, од страна на медицинскиот тим, пред дваесеттина минути. Бебето, исто така, било прогласено за мртво по пристигнувањето во болницата, но одеднаш се разбудило. Будно го затекнавме и ние. Слава на Бог! Дренда и јас бевме воодушевени што го видиме бебето живо и здраво, впрочем исто како што ни кажа Светиот

Дух.

Во меѓувреме, со друга амбулантна кола беше донесена мајката на бебето, Џенифер, во породилното одделение. Таа не знаеше за состојбата на нејзината новородена ќерка. Мојата сопруга, Дренда, отиде на одделот каде што беше таа, за да провери како е. Кога Дренда влезе во собата каде што лежеше Џенифер, ѝ рече, „Џенифер, бебето е добро, таа е прекрасна". Медицинската сестра која била во собата скокнала и грубо рекла, „Не, бебето е во мртовечка вреќа!" Мојата сопруга отсечно ја поправила сестрата за нејзината грешка. Денес, слава на Бог, бебето, кое го доби името Хејли, е прекрасна млада дама, без никакво оштетување на мозокот или несакани здравствени проблеми од било каков вид.

Имајќи разбирање дека Божјото Царство функционира врз основа на духовни закони, знаев дека овој резултат не е случаен. Со оглед на тоа дека сум духовен научник (не Христијански научник, туку некој што проучува како функционира Божјото Царство), сакав да дознаам што точно се случило.

Знаев дека бебето Хејли беше прогласено за „мртво при пристигнување" од страна на медицинскиот тим што дојде во домот. Исто така знаев дека бебето беше прогласено за мртво и при пристигнувањето во болницата. Што се случи тогаш? Разговарав со жената од црквата која беше во домот за да помогне при породувањето и ја замолив да ми раскаже сѐ детално за тоа што се случило. Барав некаква трага. Таа ми кажа дека породувањето се одвивало во најдобар ред сѐ до моментот кога бебето излегло од мајката. Бебето немало витални знаци и било модро. Бабицата се обидела да го оживее бебето, но не можела. Жената продолжи и рече дека многу членови на семејството на Џенифер биле присутни во куќата, кои почнале да паничат кога виделе што се случува. Но, Џенифер смирено им рекла да молчат, а потоа го ставила прстот на лицето на нејзиниот сопруг, велејќи му, „Да не си кажал ниту збор – бебето ќе биде добро!"

Ја прекинав жената додека зборуваше и ја замолив да ми повтори што точно му рекла Џенифер на својот сопруг. Таа ми го кажа истото што штотуку го изјави, дека Џенифер го ставила прстот на лицето на нејзиниот сопруг и му рекла, „Да не

си кажал ниту збор – бебето ќе биде добро!“ Леле! Тоа беше тоа! Тоа беше моментот, изјавата што го спаси животот на бебето Хејли. Се чувствував како детектив кој штотуку решил голем случај! Бев возбуден. Беше толку едноставно, а сепак толку длабоко. Џенифер едноставно го применила духовниот закон среде таа ситуација, и тоа го спаси животот на нејзиното бебе! Размислувајќи за ова што штотуку го осознав, сето тоа имаше смисла.

Џенифер знаела дека, поради работниот распоред нејзиниот сопруг не бил изграден во верата како што беше таа изминатите месеци. Таа исто така знаела дека тој, како глава на нивниот дом, во случај да ја прифатеше застрашувачката сцена при пораѓањето, и се согласеше со веста, ќе ја запечати судбината на бебето. Затоа, нејзиниот прв одговор бил да разговара со сопругот и да не дозволи тој да се согласи со веста за смртта на нивното дете, Наместо тоа, Џенифер била убедена дека детето ќе живее и ќе биде добро, и таа тоа го изјавила храбро и со вера.

Веднаш штом Џенифер излегла од болница, отишла кај медицинскиот тим и ги прашала што направиле за бебето додека биле на пат кон болницата таа вечер. Тие ја погледнале засрамено.

„Ништо“, конечно еден од нив одговорил.

„Како мислите ништо?“, прашала Џенифер. Дали му дадовте вештачко дишење?

„Не“, одговориле тие.

„Дали направивте нешто за бебето?“

„Не“, одговориле повторно.

Тие ѝ рекле дека бебето едноставно било мртво, и дека немале никаква надеж дека нешто би се променило. Меѓутоа, бебето само „се разбудило“, кога пристигнале во болницата! Медицинскиот тим добил признание од болницата за интервенција на годината, годишна награда заснована на исходот од тешка ситуација. Но тие самите признале дека не направиле ништо.

Неодамна Хејли и нејзината мајка Џенифер, гостуваа во нашата телевизиска програма; и сите ние, со солзи во очите, одново го прославивме Божјото Царство. Го прославивме фактот дека некој беше на сцената таа ноќ, кој знаеше да ракува со

духовниот закон и авторитетот на Царството.

Во оваа приказна ја гледаме Џенифер, со целосна увереност во она што Небото го зборува, како го ослободува тој авторитет во самата ситуација со свои сопствени зборови. Законот работи!

Друго семејство во нашата црква го имаше следното искуство со истиот закон на Божјото Царство. Две сестри се договориле да имаат заеднички ручек, што не беше лесна задача, зашто заедно имаа 12-13 деца. Додека ручале, забележале дека го нема четиригодишниот Џоел. Ја пребарале целата куќа, но не можеле да го најдат. Помислиле дека можеби се крие, но по целосно претражување на куќата, повторно не успеале да го најдат. Одеднаш Тина, мајката на Џоел, добила ужасна мисла. Што е со вградениот базен во дворот позади куќата? Истрчала низ задната врата, заедно со тринаесетгодишната внука Кортни. Тина била совладана од страв кога го нашле Џоел на дното од базенот, неподвижен. Никој не знаел колку долго бил внатре. Тина вреснала некој да повика итна помош додека таа се нурнала во базенот и го извлекла Џоел надвор. Џоел не дишел, бил пребледен во лицето и неподвижен.

Кортни, тринаесетгодишната внука, која израсна во нашата детска служба, ѝ рекла на својата тетка, „Не, тето, нема потреба да викаме итна помош; ние имаме авторитет овде. Треба да се молиме“. Почнале да се молат заедно, но сепак ништо не се случило. Тина повторно извикала, „Повикајте итна помош!“ Кортни ѝ рекла на својата тетка, „Тето, треба да му зборуваме живот на Џоел“. И Кортни рекла, „Џоел, во името на Исус, разбуди се!“ Наеднаш Џоел се закашлал, исплукал вода и се освестил, сосема нормално.

Кога ќе се сетам на оваа приказна, одново се восхитувам. Не сум зачуден што момчето беше добро, туку сум восхитен од тринаесетгодишното девојче и нејзината присебност во тој момент. Во многу стресна и смртна ситуација, таа беше во состојба да процени што треба да се направи без да се препушти на стравот. Постапката на Кортни е уште една потврда дека сознанието за тоа како функционира Царството е многу повеќе од само убава проповед; се работи за живот или смрт!

Уште еднаш забележете како функционираше законот на Царството. На почетокот Кортни рече дека треба да се молат, што и го направија, но ништо не се случи. Тоа е од причина што кога се молиме не го ослободуваме Божјиот авторитет и моќ. Но се молиме за насока. Тоа е токму она што ним им требаше во тој момент. Ќе забележите во приказната дека Кортни потоа вели дека треба да зборуваат живот на момчето. Кога го направија тоа, тој се разбуди и беше сосема добро, и е до ден-денес. Повторно, можеме да видиме срце кое има целосна увереност во она што Небото го зборува, но сепак ништо не се случува додека тој Небесен авторитет не биде ослободен во земното царство од маж или жена кои тоа го прават во вера.

Дозволете ми да споделам уште една приказна, семејна приказна. Братот на Дренда, ја однесе Кенди, неговата сопруга, во болница за да се породи со нивното петто дете. Дренда и јас ја посетивме Кенди во болницата, на денот на породувањето за да го видиме новиот член на семејството. Мислевме дека таа се имаше породено пред ние да стигнеме таму. Кога влеговме во породилното одделение, бебето Холанд само што беше донесено во јаслите. Како што веројатно знаете или сте виделе јаслите на породилното одделение е во основа целото со стакла, што ви овозможува да ги видите новороденчињата додека ги внесуваат внатре.

Кога ја внесоа малата Холанд, веднаш забележав дека изгледа речиси бело. Сите нивни деца се бели, со руса коса; и на почеток мислев дека недостатокот на боја веројатно е можеби нормално за нивните деца при раѓање. Но, сепак таа не изгледаше како што треба. Одеднаш, лекарите се растрчаа наоколу. Медицинските сестри брзо ги повлекоа завесите што ме спречи да видам што се случува во јаслите, и знаев дека

**ЗАПОМНЕТЕ ДЕКА ЗАКОНИТЕ НА ЦАРСТВОТО ФУНКЦИОНИРААТ СЕКОЈ ПАТ, ЗА СЕКОГО!**

тоа не е добар знак. И покрај тоа што завесата беше повлечена, имаше мал процеп преку кој гледав што се случуваше внатре. Сестрите почнаа да носат опрема, додека лекарот почна да ѝ дава вештачко дишење на Холанд. Отидов до другата врата на јаслите каде јасно можев да слушнам што зборуваат лекарите меѓу себе. Додека слушав се шокирав кога рекоа дека бебето нема отчукување на срцето и дека не можат да предизвикаат реакција на срцето. Продолжив да слушам, и одвреме-навреме се слушаше слабо отчукување на срцето на мониторот. Ќе слушнев едно отчукување, и по 15 до 20 секунди ќе слушнев друго. Холанд немаше отчукување на срцето!

Лекарот излезе од собата и му пријде на Џони (братот на Дренда), „Џони, ситуацијата не изгледа добро; жал ми е, но, сè уште се обидуваме". Не ни беше дозволено да влеземе внатре во јаслите, па така, Дренда и Џони ги положија своите раце на едната врата од јаслите, додека јас ги положив рацете на другата врата што се наоѓаше на другиот крај на јаслите. Почнавме да се молиме и да изјавуваме дека Холанд нема да умре туку ќе живее и дека ќе биде добро. Во името на Исус, му заповедавме на нејзиното срце да чука.

Одеднаш, лекарот кој разговараше со Џони излезе од јаслите со големо брзање. Помина покрај нас без да каже збор. По неколку минути тој се врати со медицинска сестра која го следеше во чекор, зборувајќи со висок глас, „Докторе, не можеме да го направиме тоа. Немаме овластување во оваа болница да спроведеме таква процедура. Не можам да ви дозволам да ја имате таа крв". Тој воопшто не ѝ обрнуваше внимание и влезе во јаслите. Грабна еден прирачник, и можев да видам дека внимателно ја проучува процедурата што сакаше да ја спроведе. Гледав низ процепот на завесата додека тој вметнуваше долго цевче во бебето. Сфатив дека му дава крв на бебето.

Одеднаш, срцето почна да чука. Доби на брзина и дојде до нормално ниво на отчукување за едно новороденче. Лекарот излезе надвор по некоја минута и рече, „Внатре имаше ангели; Бог ми помогна со ова бебе!" Можевме да видиме дека е потресен. Потоа дознавме дека тој не бил на должност тој ден и не бил

назначен како лекар во породувањето на Кенди. Во моментот додека сето ова се случуваше тој дошол во болницата за да провери друг пациент. Лекарот беше зачуден од тоа што се случи бидејќи ни кажа дека Холанд немала отчукување на срцето цели 36 минути!

Денес Холанд е прекрасно и нормално четиригодишно девојче. Верувам дека токму нашето разбирање на законот на Царството донесе одговор во таа ситуација. Сè уште се сеќавам, кога ги положив рацете на вратата од јаслите размислував во себе, „Ние нема да одиме на погреб за внуката на Дренда! Не, сè додека ние можеме да направиме нешто околу тоа!“

Додека размислувате за тоа како Царството влијаеше врз исходот на секоја од овие приказни што ги споделив со вас, сакам да запомните дека законите на Царството функционираат секој пат, за секого! Впрочем, како што реков на почетокот на оваа книга, природните закони во земното царство функционираат со исти резултати секој пат. Тие се непристрасни и тие ќе функционираат за секој кој ќе одвои време да ги научи и да ги примени. Електричната енергија работи исто во САД како и во Африка; нема разлика.

Кога почнав да сфаќам дека Божјото Царство е Царство со многу дефинирани, иако скриени закони, знаев дека го најдов одговорот на моите проблеми. Сфатив дека никогаш не беше тоа Бог што ме држеше настрана, избирајќи да не ме благослови или да ми помогне во време на потреба. Не, сега сфатив дека Бог ми дал сè што некогаш ќе ми треба во животот преку Исус Христос, Кој преку Својата жртва ми даде пристап до сето она што го има Небото. Сега сфатив дека Царството функционира според одредени закони што можев да ги научам и да ги применам во мојот живот.

Почнав да ја читам секоја приказна во Библијата со поразличен светоглед, барајќи индиции кои што ми откриваа нови нивоа на Царството. Се посветив на тоа да бидам духовен научник за да можам да научам зошто работите се случуваа во библиските приказни што ги читав толку често. Овој стих во Првото послание до Јован звучи смешно и чудно за многу луѓе.

Знам дека веќе го прочитаме, но ајде да го прочитаме повторно бидејќи во него одекнува вистината што е вашиот одговор.

> *И тоа е увереноста, која ја имаме пред Него, дека ако побараме нешто по Неговата волја, Тој нè услишува. А кога знаеме дека ни услишува што и да побараме, ЗНАЕМЕ дека ќе добиеме, што и да сме побарале од Него.*
>
> — 1 Јован 5:14-15

Ми се допаѓа овој стих затоа што зборува за законот, а законот ни дава сигурност дека ќе ја добиеме правдата. Во тоа е нашата увереност – дека ако бараме нешто по Негова волја (законот, она што Бог го нарекува правилно), Тој нè слуша. Повторно сакам да нагласам, дека овој термин, „нè слуша“, не зборува за тоа дека Бог ги слуша нашите звучни зборови, иако Тој ги слуша. Напротив, зборува за тоа дека Бог го презема нашиот случај. Ако земете предвид судија кој презема некој случај и суди согласно законот, а не според сопствените чувства (барем така би требало да функционираат работите), тогаш ќе го разберете овој стих. Тој нè услишува – Тој го преземе случајот или го сослушува случајот, и ние можеме да бидеме сигурни дека ќе ја примиме правдата што законски ни припаѓа.

Пријатели мои, навистина мислам дека треба да застанете тука и одново, полека да го прочитате ова. Ако, тоа што штотуку го прочитавте е вистина, и е, тогаш вашиот живот ќе експлодира од радост! Луѓето кои се молат без да го имаат ова знаење немаат сигурност; тие само џагорат, користат многу зборови кога се молат. Исус зборуваше за ова во Евангелието по Матеј 6:7-13.

> *„Кога се молите, не говорете многу како незнабошците, зашто тие мислат дека за своите многубројни зборови ќе бидат услишени.“*
>
> — Матеј 6:7

Фразата, „џагорење или употреба на многубројни зборови“, значи бесмислена конфузија на зборови или звуци. Така се молат повеќето луѓе. Тие немаат претстава за нивното право на правда или за она што Бог веќе законски им го дал во Царството. Нема потреба да измолувате нешто од Бог или да плачете за нешто што веќе го имате!

Да претпоставиме дека полицаец стои покрај патот и му дава знак на еден камион да застане, и тој почнува да плаче и да го моли камионот да застане. „Те молам камиону, застани. Смилувај ми се. Те молам, толку убаво те молам, застани“. Ова би била најжалосната и најсрамната навреда за нацијата на Соединетите Држави и нејзиниот правен систем. Не, тој полицаец, стои исправено и јасно му дава знак на каминот за застане, и тој запира врз основа на законот на земјата и неговата позиција како полициски службеник кој ја претставува владата на неговата земја.

Луѓе кои сметаат дека треба да измолат нешто од Бог немаат претстава за законот на земјата или за нивната положба. Причината поради која молбите на полицискиот службеник упатени до камионот да застане е таква навреда за нацијата е во тоа што дава слика на нација без закон и авторитет. Сè што ќе имате во таква нација е анархија. Кога Христијаните се однесуваат така, кукаат и плачат во молитва за да измолат нешто од Бог, го прикажуваат Божјото Царство како слабо, и кое не е во состојба да даде одговори. Тоа предизвикува луѓето да се сомневаат во Божјата спремност или Неговата способност да им помогне, кога цело време тие веќе имаат право на она што го бараат. Исус ни дава јасен одговор во врска со ваквите блуткави и колебливи молитви – „ПРЕСТАНЕТЕ!“

> *„Кога се молите, не говорете многу како незнабошците, зашто тие мислат дека за своите многубројни зборови ќе бидат услишени; вие, пак, немојте да бидете како нив, зашто вашиот Отец небесен знае од што имате потреба уште пред да Го помолите. Туку*

*молете се вака:*

*Оче наш, Кој си на небесата, да се свети името Твое; да дојде царството Твое; да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата; лебот наш насушен дај ни го денес; и прости ни ги долговите наши, како што и ние им ги проштеваме на нашите должници, и не воведувај нѐ во искушение, но избави нѐ од лукавиот“.*

— Матеј 6:7-13

Запомнете, во овие стихови Исус нѐ поучува како да се молиме. За жал, многу луѓе ги имаат овие стихови врамени во прекрасни рамки во нивните домови, меѓутоа не го разбираат нивното значење. Овој пасус е познат како молитвата „Оче наш“. Но преку овие зборови Тој ги поучуваше Своите ученици како да се молат. Тој не ги молеше буквално тие зборови како што ние денес ја молиме оваа молитва во нашите цркви. Овие зборови се всушност упатство за употреба, ако сакате така да ја наречеме молитвата, за тоа како да се молиме и да добиеме одговор, а не само да ја меморираме и да ја цитираме од збор до збор.

*„Да дојде царството Твое; да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата*“, е инструкција за тоа како да се молиме. Ние треба да се молиме на начин што ќе ја донесе Божјата волја што е на Небото во земното царство и во нашите ситуации. Каде се крие вашиот одговор? Верувајте во она што Бог вели дека е ваше, и употребете го вашиот авторитет во Небесното царство за да го донесете Небото во земното царство и да ги снабдите вашите потреби и потребите на оние околу вас.

Застанете за миг и размислете за ова. Ако знаевте, без никаков сомнеж, дека вашата молитва е делотворна и дека целото Небо ја поддржува, дали тоа ќе ви даде сигурност кога се молите. ДА!!! Знаејќи точно кои се вашите законски права како жител на Небото, знаејќи што веќе ви е бесплатно дадено и разбирајќи

го процесот за примање на истото, и уживајќи во придобивките од тие закони, вие можете да чекорите во сосема нов начин на живот – начинот на живот во Царството. Што ќе се случи тогаш со стравот? Што ќе се случи со несигурноста? Како тоа знаење би поттикнало сигурност и доверба во поглед на иднината, и увереност среде бура? Ова е влијанието што Царството го имаше врз мене и Дренда кога почнавме да го откриваме. Честопати бевме изненадени од она што го гледавме. Не, дозволете ми да го преформулирам тоа. Постојано бевме изненадени и воодушевени! Уште повеќе, бевме восхитени од авторитетот што Бог ѝ го дал на Црквата да го користи во полза на Небесната власт што Црквата ја претставува и преку која таа власт делува овде во земното царство.

*Зашто ЗАКОНОТ на Духот, кој дава живот во Христос Исус, ме ослободи од ЗАКОНОТ на гревот и смртта.*

— Римјаните 8:2

Откритието дека сме ослободени од „законот на гревот и смртта“ и дека ни е дадено Царството и пристап до „законот на Духот на животот“ беше неодоливо. Но уште повеќе нè совлада кога гледавме како тој закон ја произведува праведноста на Царството во нашите животи.

Царството ми овозможи да бидам исцелен физички, како и емоционално давајќи ми нова надеж, и ослободувајќи ме од употребата на антидепресиви. Ми овозможи да преминам од сиромаштија, мачејќи се да ја платам месечната кирија од 300 долари за руинира селска куќа од илјада осумстотите години, до градење на дом од 715 метри квадратни на површина од 59 хектари, кој во целост беше исплатен. Исто така, и повеќе ѝ се допаѓав на мојата сопруга! Да се поседува и да се вози пристојно возило секој ден без страв дека ќе се расипе на сред пат, беше бесценето. Само неколку години претходно можноста да давам стотици илјади долари за ширење на Евангелието се чинеше невозможна мисла. Животот, светлината на Царството

ја проголтаа темнината; и исто како што Бог рече во книгата Создавање, кога погледна над Неговото завршено создание, „Добро е!", така и јас стоев со восхит и реков, „Добро е, толку многу добро".

Дренда и јас бевме толку возбудени што можевме на секој што сакаше да нè  слуша да му кажеме за Царството и да ги споделиме нашите приказни. Луѓето во нашата црква го прифаќаа поучувањето и ги имаа истите резултати како и ние, и една од тие луѓе беше нашата дванаесет годишна ќерка. Таа имаше прилика да види како Бог прави толку многу работи во нашите животи и безброј пати беше сведок на непроменливите закони на Царството на дело во нашето семејство. Знаев дека таа ги набљудува и учи овие закони, но еден настан ми покажа колку таа навистина беше навлезена во осознавањето на овие закони.

Една вечер влегов во нејзината соба за да ѝ посакам добра ноќ, но нешто беше поразлично. На ѕидот во собата имаше слика од куче померанец. За секој искусен родител, таквата слика е јасен знак дека наскоро детето ќе побара да има куче. Одамна решив дека не сакам друго куче во домот. Сестрата на Кирстен, Поли, веќе имаше куче, и тие ја делеа спалната соба, и кучето на Поли постојано беше во собата со нив.

Нежно ѝ реков на Кирстен дека ми се допаѓа сликата, но дека не сакам друго куче дома. Ако сака куче, тогаш нека поминува повеќе време со кучето на нејзината сестра. Кирстен не рече ништо таа вечер, само дека го разбрала тоа што ѝ го кажав. За мене работата беше завршена, но померанецот неколку пати после таа ноќ, беше споменат од нејзина страна, во коментари како, „Зарем не би било прекрасно да имаме померанец?" или, „Тие имаат толку прекрасно бушаво крзно". И се разбира, веднаш по коментарот, Кристен брзо ќе ми покажеш слика од нив што ја нашла на интернет. И секој пат, ќе ѝ кажев, „Не". Јас бев главата во семејството, и што се однесуваше до мене нема да имаме друго куче дома.

И повторно ќе помислев дека работата е завршена сè додека еден ден, околу еден месец подоцна, кога се вративме дома од црква, Кирстен уверено ми пристапи и со насмевка на нејзиното

лице ми рече, „Тато, денес го примив моето кученце померанец со вера исто како што поучуваш". Ја потсетив на моите претходни изјави во врска со посвојување друго куче. Без да ја тргне насмевката, таа рече, „Но тато, мама вели дека Бог може да го промени срцето на Царот". Нејзиниот коментар не беше бунтовен. Таа едноставно се согласила со нејзината мајка и се молела Бог да ми го промени срцето. Тоа ми беше доволно. Сега знаев дека таа разговарала со својата мајка, и нејзината мајка ја охрабрила дека Бог навистина може да ми го промени ставот.

Врз основа на тоа охрабрување, таа ја ослободила својата вера тоа утро во црквата, посеала семе и исповедала дека го примила кученцето со вера. Заземав став, ѝ кажав колку ја сакам, но, уште еднаш јасно ѝ ставив во знаење дека, „Нема да донесеме уште едно куче во куќата". Ѝ реков дека ми е жал, но дека такво нешто едноставно нема да дозволам да се случи. Се чинеше како воопшто да не се грижи околу тоа што ѝ го реков; си замина насмеана. Повторно, помислив дека сега конечно ставивме крај на оваа работа.

Но, околу еден месец подоцна, бев поканет да поучувам во една мала црква во Мисисипи. Се работеше за многу мала селска црква опкружена со непрегледна површина на отворено земјиште. На крајот од првата вечер, пасторот ми пристапи и ми рече дека Господ му зборувал за време на богослужбата. Ми рече, „Не знам дали го знаете ова или не, но јас одгледувам кучиња померанци и Господ ми рече да ви дадам едно од кученцата кои сега се шест недели стари и спремни да бидат вдомени". Стоев пред него со отворена уста. Сѐ уште стоев цврсто на ставот да не земам друго куче дома, и затоа му одговорив, „Ќе ве известам". Не знаев дека тој одгледува кучиња од каков било вид и со сигурност не му спомнав ништо претходно за желбата на Кирстен да има баш такво кученце.

На крајот се скршив и ѝ раскажав на Дренда што се случи, но и дека не сакам да земам кученце со мене дома. Таа ме погледна и рече, „Зарем ќе ѝ ја ускратиш верата на нашата ќерка?" Дренда исто така не сакаше второ куче во куќата, но ја сакаше Кирстен

повеќе од каква била нелагодност што посвојувањето друго куче би ни ја предизвикала. И сега, кога Бог го донесе кучето како резултат на верата на Кирстен, како можевме да ѝ го ускратиме тоа? И така, му кажав на пасторот дека ќе земам едно кученце.

Не ѝ кажавме на Кирстен, но ѝ кажавме на нејзината сестра и ѝ рековме да ја земе со себе Кирстен кога ќе дојде да нè земе од аеродромот. Кирстен дојде да нè пречека, и кога дојдовме до нив ѝ подадовме мал кафез за патување што го купивме за кученцето. Кога Кирстен го виде малиот померанец се расплака. Како сè да застана. Сите луѓе што беа во наша близина застанаа и ја посматраа сцената пред нив. Набргу, околу нас се собра топла додека Кирстен плачеше, држејќи го во раце малечкото кученце. Дренда им раскажуваше на насобраните како сме дошле до кучето и како Кирстен Му веруваше на Бог за тоа кученце.

Тоа беше моментот кога сфатив дека можеш да имаш пробуда на аеродром ако само држиш малечко кученце во рацете. Сите сакаа да го видат, и на сите очите им беа насолзени гледајќи ја Кирстен како плаче, дури и на службениците на аеродромот. За целото тоа време се чувствував како ужасен татко. Кога ја видов радоста што кученцето ѝ ја донесе на мојата ќерка и како Бог ѝ го даде како резултат на нејзината вера, се прашував зошто воопшто бев против нешто што очигледно е толку скапоцено за неа. Шекспир, како што таа го нарече кучето, беше просто симпатичен. Тој стана вистински член на нашето семејство. Иако беше независно мало кученце, ја следеше Кирстен каде и да одеше дење и ноќе.

Иако ова е прекрасна приказна, сакам да поставам едно прашање кое треба да биде одговорено, и кое всушност е целта на оваа книга. **<u>Од каде, како се појави тоа кученце?</u>** Никогаш порано никој ми немаше понудено куче. И како тоа се работеше конкретно за истото куче за кое мојата ќерка имаше вера? Дали се работеше за чиста случајност? Не, очигледно не. Тоа беше директен резултат на Царството и законите што го регулираа што вродуваа со плод во моето семејство. Царството го произведе тоа, исто како што би го направило тоа секој пат за секој што има вера и го ослободува авторитетот на Царството

овде во земното царство. Ние можеме да признаеме дека беше тоа Божјото Царство што го донесе ова куче. Но, како го направи тоа? Кои закони беа на сила што овозможија ова да се случи? Се надевам дека, како што ќе минуваме низ оваа книга, ќе добиете јасни одговори кои ќе ви помогнат да знаете точно како да уживате во Божјото Царство. На крајот на краиштата, вие сте граѓанин на тоа Царство, со законски права и придобивки! Но, прво дозволете ми да ви дадам уште еден пример за Царството од нашиот семеен живот.

ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ

# ОГРОМНАТА РИБА

Како што Дренда и јас осознававме за Божјото Царство и авторитетот што го имавме во земното царство, станувавме сè повеќе свесни за фактот дека ние сме тие што всушност одредуваат како ќе живееме. Божјото Царство влијаеше на секоја област од нашите животи, но ние бевме тие што требаше да го ослободат снабдувањето што ни требаше или го посакувавме во нашите животи. Тоа не се случи само по себе. Како на пример, малото куче на нашата ќерка, не беше премногу мало или неважно за да се стави под власта на Царството. Кога го сфативме тоа, навистина немаше нешто што беше невозможно или надвор од можноста за нас. Поголемиот дел од мојот живот немав сфатено дека Бог ни дал Царство, ЦЕЛО Царство кое можеме да го уживаме. И беше навистина интересно да се види како Царството влијаеше на секоја област од нашиот живот, дури и на „малите, несуштински“ области. Следната приказна е идеален пример за тоа. Ја нарекувам приказната за „Огромната риба“.

Се случи додека со семејството бевме во Алјаска, на одмор. Самиот факт дека бевме дури таму беше како сон за мене. Слетавме во Енкориџ, каде што изнајмивме камп приколка за три недели во чие времетраење го поминавме поголемиот дел од западниот брег. Беше едноставно прекрасно! Еден ден додека возевме на полуостровот Кенаи, забележавме огромна риба, како виси во мрежа закачена напред на носачот на еден од чартер бродовите. Всушност, повеќето од изнајмените бродови

веќе беа укотвени во пристаништето, и на страната на секој од нив висеше иста таква голема риба. Целата таа глетка мене ми изгледаше доста збунувачка. Никогаш порано не бев видел риба-иверка и не знаев за каква риба се работи, но беа огромни. Бевме изненадени од глетката додека поминуваме покрај компаниите што ги изнајмуваа бродовите и сите без исклучок рекламираа дневен риболов на риба-иверка. Одеднаш, мојата сопруга се сврте кон мене и ми рече, „Би сакала да фатам таква риба и би сакала да одам на риболов со капетанот на тој брод таму". Таа посочи кон знакот на кој стоеше истата реклама за риболов, но на самиот знак стоеше христијански знак на риба.

Како прво бев шокиран! „Што, сакаш да одиш во риболов на иверка?" Таа никогаш порано немаше пројавено желба за риболов. Но, овој пат, таа инсистираше, па така се паркиравме и влеговме во канцеларијата на пристаништето. Персоналот беше зафатен со друг клиент, што ни даде прилика да разгледаме наоколу и да ги прочитаме написите што беа закачени на огласната табла. Видовме оглас кој зборуваше за дерби натпревар во риболов на иверка кое беше во тек, но наскоро ќе заврши. Бидејќи и самите ние не знаевме за што станува збор, претпоставувам дека нема да знаете ни вие, затоа дозволете ми да ви објаснам. Дербито беше и сѐ уште е натпревар за лов на најголемата риба-иверка во месецот од страна на сите учесници, капетани на чартер бродовите. Победникот ќе добие страница со своја слика во весник и чек. Со Дренда разговаравме да се пријавиме на натпреварот, бидејќи и така веќе одлучивме да одиме на риболов. А и пријавувањето чинеше само неколку долари; и тогаш се случи.

Дренда, мојата слатка, нежна и кревка жена, се сврте кон мене и ми кажа дека одлучила дека таа ќе го освои Дербито, така што бизнисот на овој капетан ќе го добие признанието меѓу сите останати капетани, бидејќи тој е христијанин, и Бог ќе ја добие целата слава. Кога дојдовме на ред да се пријавиме на приемното биро кај капетанот што веќе го избравме, Дренда смело изјави дека таа ќе победи на Дербито со цел славата да Му припадне на Бог и нивниот бизнис да добие признание затоа што е христијански бизнис. Можете да си замислите што си

помисли капетанот на бродот. Се разбира, дека секој би сакал да победи на Дербито; и сигурен сум дека го слушнал истото од многумина, ако не и од повеќето туристи што одеа на риболов со неговиот брод. Сепак, не сум сигурен дека имало многу луѓе кои изјавиле дека ќе победат на натпреварот за слава на Бог.

Капетанот не коментираше многу околу изјавата на Дренда во врска со Дербито. Кога излеговме на риболов и почнавме да фаќаме риби-иверки, Дренда постојано го прашуваше капетанот, кој патем, беше и сопственик на бродот, колку голема треба да биде рибата за да победи на Дербито. Тој само ќе ѝ одговореше дека треба да биде поголема од таа што штотуку ја фатила, што од друга страна само предизвика таа одново и одново да го поставува истото прашање штом ќе фатеше нова риба. Кога улови риба од околу 20 килограми, тој ѝ рече дека не е доволно голема. Кога улови риба од 30 килограми, ѝ рече дека не е доволно голема. Се разбира, секој знае колку е добра рибата-иверка за јадење, и ние планиравме да го однесеме дома нашиот улов. Дозволени беа две риби по човек, па така ја задржавме таа од 30 килограми.

Полека денот се приближуваше кон својот крај, и веќе приминуваше во самрак. Мојот син Том, ќерката Поли, и јас, веќе имавме уловено по две риби, колку што беше лимитот. Моите други две деца, Ејми и Тим, си заминаа дома порано за да присуствуваат на една конференција, и не беа со нас. Дренда, веќе ја имаше уловена својата риба од 30 килограми, но ништо од целиот улов што го имавме на бродот не беше доволен да ни донесе победа на Дербито. Но, Дренда сепак беше убедена дека ќе фати голема риба. Бидејќи се стемнуваше сè повеќе, капетанот ни рече на сите да ги приберееме нашите трски бидејќи беше време да се вратиме на пристаништето. Дренда ја игнорираше наредбата додека капетанот ни помагаше да ги поставиме трските и да ја спремиме опремата. Таа го замоли за само уште неколку минути, и уште еднаш кажа дека таа ќе ја улови рибата што ќе го освои Дербито. Капетанот почека уште неколку минути и конечно тргна накај неа со зборовите: „Жал ми е, но навистина мора да тргнеме“.

Непосредно пред да посегне по нејзината трска, таа нагло повлече надолу. Со сигурност се работеше за голема риба бидејќи трската почна да се витка и од силното влечење почна да чкрипи. Капетанот ја потфати трската за да процени колку е голема рибата, и се согласи дека се работи за голема риба, но сметаше дека е ајкула. Рече дека може да претпостави дека се работи за ајкула по начинот на кој ја влечеше трската. Ѝ требаше долго време на Дренда да ја извлече рибата. Ѝ беше потребна сета сила за да ја подигне од длабочината на водата, што изнесуваше околу 100 метри. Кога рибата се појави на површината на водата секој можеше да види дека навистина станува збор за голема риба, и тоа иверка, поголема дури од Дренда.

Како што рибата беше привлечена до бродот, капетанот рече дека истата е премногу голема за да ја качат жива во бродот зашто ќе продолжи да удира со перката, и постоеше можност да повреди некој или да му наштети на самиот брод. Капетанот поседуваше специјален производ дизајниран за такви големи риби. Производот (нешто како шилест стап) имаше мал експлозивен врв на него, кој, кога ќе дојде во допир со главата на рибата, ќе експлодира и ќе ја убие. Капетанот го приближи стапот до главата на рибата и врвот експлодираше, што предизвика рибата остро да се повлече, а со тоа и експлозивот ја промаши.

На звукот на експлозијата рибата со сета сила повлече и повторно се нурна во водата, нурнувајќи кон самото дно, на длабочина од 100 метри. Стравуваме дека конецот нема да издржи или дека јадицата ќе испадне додека рибата јуришаше кон дното. Дренда повторно мораше да ја повлече рибата нагоре. И како и првиот пат, и овој пат тоа преставуваше вистинска борба за неа, затоа јас ги ставив моите раце околу неа, прифаќајќи ја макарата на трската, и заедно двајцата полека повторно ја подигнавме рибата на површина. Овој пат капетанот успеа да ја внесе на бродот каде што сите се восхитувавме на нејзината големина.

Ја однесовме рибата на градскиот плоштад каде се наоѓаше вага доволно голема за мерење. Рибата тежеше околу 56 килограми и беше подолга од Дренда. Човекот што го вршеше мерењето, рече дека до овој момент од натпреварот тоа е најголемата

риба, но сѐ уште претстоеја уште две недели риболов до крајот на натпреварот, па така, не можевме со сигурност да знаеме дали рибата ќе победи или не. Но, еден ден пристигна чек на име на Дренда и копија од написот со нејзина слика ставени во весникот. Бевме воодушевени.

Царство повторно функционираше! И повторно морав да го поставам прашањето, „Како успеа да ја фати рибата?" Во текот на целиот наш брак сум ја видел само два пати на риболов, тоа едноставно не беше нешто што ја привлекуваше. Сѐ уште бев шокиран што таа сакаше да фати риба-иверка на прво место. Но, имаше свои причини за тоа; сакаше да го улови победникот на Дербито! И таа тоа го стори! Кога се поздравувавме со капетанот, пред да заминеме од Аљаска, имавме прилика да споделиме со него за Божјото Царство и како успеавме да ја фатиме таа риба. Иако во тој период сѐ уште не знаевме дека нашата риба ќе биде официјалниот победник на Дербито, сепак рибата беше доволно голема што му го привлече вниманието. И како што веќе спомнавме, на крајот нашата риба победи.

Веројатно ќе си помислите дека нашата, или би требало да кажам приказната на Дренда, завршува тука. Знам дека луѓето ќе речат дека таа просто имала среќа, но истата среќа два пати? Пет години подоцна, Дренда и јас поканивме еден наш пријател, пастор, на риболов на лосос, во Аљаска. Се немавме вратено таму од нашето семејно патување со изнајмената камп приколка, иако цело време оттогаш се обидувавме да најдеме изговор да се вратиме. Повторно изнајмивме камп приколка, и планиравме да ловиме лосос зашто ловот на црвен лосос веќе беше во тек. Додека рибаревме, разговорот премина на рибата на Дренда. Нашиот пријател никогаш претходно не бил на риболов на иверка, па му рековме, „Добро, да одиме тогаш". Решивме да одиме на истото место на кое бевме години претходно и да го најдеме истиот капетан и брод, се разбира доколку сѐ уште се занимаваше со тој бизнис.

Додека се возевме кон местото каде што беше капетанот, видовме дека тој повеќе не е таму и помисливме дека ќе мора да побараме друг капетан. Но пред да го направиме тоа,

решивме да провериме прво на интернет за да видиме дали ќе го пронајдеме неговото име, бидејќи не се сеќававме на името на неговиот брод или компанија. По кратко истражување, успеавме да најдеме копија од написот во весникот во кој беше раскажана приказната за Дренда и рибата, заедно со нејзината слика од пред пет години. Во написот се спомнуваше и името на бродот, како и компанијата, и веднаш се јавивме на бројот што беше наведен. Компанијата сѐ уште работеше, но на друга локација, на околу осум километри од првичното место.

Кога влеговме во компанијата, жената што седеше на приемното биро, патем сопруга на капетанот и ко-сопственик на компанијата, штом нѐ здогледа извика, „Иверка-победникот!" Поминавме неколку минути во пријатен разговор за големата риба и за случувањата во изминатите пет години. Беше тоа период на економска рецесија и бизнисот не врвел добро. Таа рече дека луѓето едноставно не патуваат толку многу како порано трошејќи пари на риболов, и дека нејзиниот сопруг е доста обесхрабрен. Ја потсетивме на споделеното за Царството, но таа ни кажа дека нејзиниот сопруг не е заинтересиран да Му служи на Бог.

Кога стигнавме до бродот, капетанот, исто така се сети на Дренда и на големата риба. Дренда го праша како оди бизнисот со риболов, на што тој ѝ одговори дека претежно уловот се состои во мали риби, наспроти големата што таа ја улови за време на Дербито. Исто така, рече дека големите риби не живеат во оваа област бидејќи водата е премногу плитка. Тој ѝ објасни дека ајкулите се причината зошто го преместиле бизнисот од местото каде претходно рибареле, и каде Дренда ја улови победничката риба на Дербиото. Местото вриело од ајкули, кои ја кинеле мамката уште пред таа да стигне до дното, што од друга страна го чинело и многу пари за мамки и премногу време.

Го прашавме за големината на рибите што ги ловат во новата област, и тој ни одговори дека досега не видел поголема од 10 до 15 килограми со месеци. Дренда го погледна и му рече, „Добро, јас ќе фатам голема денес, најголемата што сте ја виделе подолго време, и ќе знаете дека Бог е верен". Но тој едноставно ѝ се

потсмеа. Во текот на целиот ден ловевме мали риби, до десет килограми, како што рече капетанот, и во текот на целиот ден тој ѝ префрлаше на Дренда за „големата риба“ што таа требаше да ја улови. Беше тоа реприза на претходното патување.

На крајот на денот капетанот ни рече да ги прибереме трските, но Дренда не обрна внимание на тоа, велејќи дека ѝ требаат само уште неколку минути за да ја фати големата риба. Капетанот почека некоја минута, но тогаш ѝ рече дека мора да тргнат. Токму тогаш трската повлече, и да ја скратам долгата приказна, таа фати риба од околу 30 килограми. Капетанот одново се изненади.

Кога отидовме во ресторанот таа вечер, зборувавме со еден друг капетан кој исто така вечераше таму. Кога слушна дека Дренда уловила риба од 30 килограми, не можеше да поверува. „Каде рибаревте; колку длабоко излеговте?“, сакаше да знае на кое место ја уловивме таа голема риба. Откако излеговме од ресторанот, требаше уште еднаш да застанеме до компанијата на капетанот за да се потпишеме со цел уловената риба да ни биде испратена дома.

Пред да се збогуваме со нашиот капетан, повторно ни се укажа прилика да му зборуваме за Царството. Го погледнав и му реков, „Навистина треба да откриете како таа успеа да ги фати тие две риби. Законите на Царството функционираат и во однос на финансиите исто така“. Овој пат го имавме неговото внимание, барем беше заинтересиран. Му ја оставивме мојата книга, „*Решавање на проблемот со парите*“ и си заминавме.

Дали овие две големи риби беа резултат само на среќа, чиста случајност, или беа резултат на законот на Царството? Вие одлучете, но јас и Дренда, веќе одамна донесовме одлука по ова прашање. Без разлика дали станува збор за риболов, ослободување од долговите, или исцеление, нашето искуство со Царството беше возбудливо, при тоа во голема мера менувајќи ги нашите животи. И други, благодарение на нашите искуства го доживуваа Царството исто така. Еве писмо од една жена која ја слушнала приказната за Дренда и рибата.

*Поздрав Гери и Дренда,*

*Откако ја прочитав приказната за Дебра и уловот на победничката риба-иверка, си помислив дека и јас треба да ја споделам мојата рибарска приказна со вас. Неодамна отидовме на семеен одмор на плажата Коко, во Кејп Канаверал, Флорида. Мојот сопруг, Роберт, сакаше да оди со рибарски брод во поголемите длабочини во надеж дека ќе се врати назад во Колорадо со добар улов. Со месеци го планиравме нашето патување, и кога ми кажа дека сака да оди на риболов, возбудено му реков: „Да го направиме тоа! И ајде да Му веруваме на Бог за добар улов!“ Го прашав Роберт каков вид на риби има во Флорида, особено на местото каде што планиравме да одиме на риболов. Од сите риби што тој ми ги спомна, јас одлучив да се молам и да верувам за огромен црвен скобар.*

*Дојде денот, веќе бевме на бродот и чекавме да ги примиме нашите упатства од капетанот и екипажот на бродот. Цело време исповедав дека ќе фатам огромна црвена риба-скобар, и мојата возбуда растеше додека капетанот зборуваше. Но се разочарав кога го слушнав капетанот како вели дека моментално единствените риби што не би можеле да ги уловиме се бас (гргеч), иверка, и црвен скобар...! „Уф“, си помислив; „За што друго ми преостанува да верувам?“*

*Но, не сакав да ја пропуштам приликата да ја ставам мојата вера во пракса. Реков, „Господи, цело време верував за улов на огромен црвен скобар, и така нека биде, ќе уловам еден и сепак ќе однесам дома некаква риба!“*

*Додека бевме на бродот, се свртев кон мојата*

*осум годишна ќерка Рејчел, и ѝ реков: „Запомни дека можеш да се молиш и да Му веруваш на Бог дека ќе фатиш риба денес. Го веруваш ли тоа?“ Таа се насмевна и климна потврдно со главата. Истите зборови на охрабрување ги упатив и на мојата дваесет и едногодишна ќерка Џордан. Таа ме погледна изненадено, но и таа се согласи. Го погледнав и Роберт и му реков, „Ајде да веруваме за добар улов!“*

*Поминаа неколку часа и ништо не доаѓаше ни приближно блиску нашите трски. И тогаш, нешто ја повлече јадицата на Рејчел, и таа многу се израдува. Го повика татко ѝ на помош. Неколку минути подоцна, тие извлекоа ајкула од Атлантикот! Леле, Рејчел, го доби тоа што го веруваше! Ја пофаливме! Каков риболовец!*

*Се сеќавам дека почнав да мислам дека можеби јас нема ништо да уловам, но моментално ја прекинав мислата и исповедав дека веќе ја имам мојата риба. Седнав, се опуштив, и го слушнав Бог како ми вели, „Ако само се опуштиш и Ми дозволиш да ја донесам рибата до тебе, ќе ја фатиш“. Знаев дека не сум којзнае каков рибар, па секако не можам да се потпрам на моите вештини; затоа седнав, земав длабок здив со потполна увереност во Бог и чекав. Околу 20-30 минути подоцна, нешто го заплетка конецот; мислев дека се работи за нешто друго, но на крајот се воспостави дека сепак е риба.*

*Мојот сопруг почна да ми дава упатства, дојде и капетанот и тој почна да ме насочува. Ми рече, додека јас се обидував да ја приближам рибата поблиску до бродот, дека најверојатно станува збор за огромен црвен скобар на крајот на јадицата. Бев многу изненадена дека тој знаеше за каква риба станува збор пред таа да се*

*појави! И да, како што влечев, мојот црвен скобар од 10 килограми излезе на површината! Со голема радост и возбуда Му благодарев на Бог. Знаев дека доживеав пробив во мојот систем на верување. Цело време се потсетував на увереноста на Дренда и сметав дека и јас сум подобна за истата вера и доверба во Бог. Мојата истрајност ми се исплати на крајот.*

*Ви благодарам за вашата служба и за книгите што ги имате напишано, вклучително и „Лов во вера“. Му благодарам на Бог, благодарна сум и на вашата служба, што ми помогнавте да навлезам во поголеми благослови. Со радост гледам на иднината, исчекувајќи ја со уште поголема вера и возбуда. Знам колку ова искуство му помогна и го благослови и нашето семејство исто така!*

*Со почит,*
*С.Т.*

ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# ЧИЈ БЕШЕ ИЗБОРОТ?

Во претходните приказни видовме дека Божјото Царство произведе, во рамките на земното царство, куче, риба, финансии да се исплати долгот за куќата, пари да се исплатат автомобилите и домот што ни беа потребни, го спаси животот на три деца и повеќе. Сите овие приказни се производ на Божјото Царство, или дозволете ми да го кажам тоа поинтимно, Царството на НАШИОТ Бог! Ние не треба да бидеме изненадени бидејќи Неговото Царство е неверојатно големо.

Во Второто послание до Петар 1:3 пишува:

> *Неговата божествена сила ни подари сѐ што е потребно за животот и побожноста.*

Во сите приказни што ги разгледавме, сакам да поставам многу важно прашање, „Чиј избор беше?" Еве што мислам со тоа: Дали Бог одеднаш реши да  го донесе тоа куче кај Кирстен, или таа риба кај Дренда, мојата сопруга? Дали ова беа само настани што Бог во Неговата суверена волја одлучи да ги направи за нас? Или имаше друга причина зошто се случија овие работи? Мислам дека одговорот ќе предизвика шок кај повеќето луѓе. Знам дека ме шокираше мене.

За да одговориме на тоа прашање, ајде да ја погледнеме приказната во Евангелието по Лука, осмо поглавје.

*А кога одеше Исус, народот се туркаше во Него. И една жена која страдаше дванаесет години од крварење, и сиот свој имот го беше потрошила по лекари, а ниеден не можел да ја излекува, пристапувајќи одзади, се допре до крајот на Неговата облека и наеднаш ѝ престана крварењето.*

*И рече Исус: „Кој се допре до Мене?“ А бидејќи сите порекнува, Му рече Петар и оние што беа со Него „Учителе, народот Те опколил и Те притиска, а прашуваш: „Кој се допре до Мене?““ Но Исус рече: „Некој се допре до Мене, зашто сетив дека излезе сила од Мене.“*

*Жената штом виде дека не може да се сокрие, со треперење пристапи, па како падна пред Него, Му кажа пред сиот народ зошто се допрела и дека веднаш оздравела.*

*А Тој ѝ рече: „Не бој се, ќерко, верата твоја те спаси; оди си во мир!“*

— Лука 8:42-48

Библијата јасно кажува дека Исус бил притиснат од сите страни, што дури и Петар бил изненаден од прашањето на Исус, „Кој се допре до Мене?“ Како духовен научник, јас сакам да знам, треба да знам, зошто оваа жена беше исцелена, а никој друг не беше исцелен. Зошто помазанието ѝ служело само на неа, а не на сите други кои, исто така, во тој момент се допирале до Него? Одговорот е тука, но пред да одговорам на прашањето, ајде да поставиме уште едно. Дали Исус намерно ѝ служел на неа? Дали Тој ги положи Своите раце врз неа? Одговорот е не; всушност, Исус не ни знаел дека таа е таму. Тој мораше да праша кој го извлекол помазанието од Него, со оглед на тоа дека Тој не ја видел. Значи, чиј избор беше таа да биде исцелена тој ден?

Дозволете ми да го поставам прашањето поинаку. Дали Бог избра да ја исцели во тој момент или беше нејзина одлука да прими од Бог? Ова е важно прашање бидејќи толку многу луѓе „чекаат" Бог да направи нешто во нивните животи. Верувам дека фактот што Исус не ни знаел дека таа е таму докажува дека се работи за нејзината одлука да прими, а не за одлуката на Исус да ја исцели.

Ова отвора неверојатно важно откровение, а тоа е – Бог не избира случајно да исцели одредена личност, а друга не. Тој веќе ни даде на сите нас пристап до исцелението преку нашата законска положба во Неговото Царство. Реалноста е таа – ние сме тие што избираме. Но, јас сакам да знам како таа навлезе во таа сила, како ја искористи таа моќ? Како таа „одлучила" да прими? Исус точно ни кажува како таа зачекорила во авторитетот и моќта на Царството. Тој ѝ рече, „Ќерко, верата твоја те исцели. Оди си во мир." Оваа реченица ни кажува сѐ што треба да знаеме и дава одговор на нашето прашање зошто таа примила, и зошто никој друг што беше таму тој ден не примил. Како духовни научници, ајде подетално да ја разгледаме оваа приказна и да видиме дали можеме да откриеме какви било индиции за тоа зошто таа прими од Бог.

Пред сѐ, Исус ја нарекува, „ќерко", што значи дека била дел од нацијата Израел. Тоа значи дека таа имала завет со Бог. Или може да се каже, таа имала легална положба пред Небото како жител на Израел да прима од Бог. Но овој факт не може да биде единствената причина зошто таа прими, бидејќи сите останати што тој ден се притискаа до Исус го имаа истото правно стојалиште. Мора да постои нешто друго што предизвикало силата да произлезе од Исус. Исус ни кажува уште една причина зошто таа прими. Всушност, Исус рече дека тоа е главната причина зошто таа лично прими од Бог. Тој рече дека нејзината вера ја исцелила.

Сега ја знаеме причината зошто таа била во состојба да прими. Прво, законски таа имаше право да прими со оглед на тоа дека беше ќерка на Авраам; и второ, нејзината вера беше прекинувачот што ѝ дозволи на таа сила лично да потече во

нејзиното тело во тој момент. Фактот дека таа била ќерка на Авраам, имено таа стоеше пред Небото под заветот што Бог го склучил со Авраам, може да се спореди со електрична компанија што ја вклучува струјата и електричните жици во вашиот дом што ве поврзуваат со електричната компанија. Но, тоа не значи дека вашите светла ќе бидат вклучени. Мора да го вклучите прекинувачот за светлата да се запалат. Сѐ што ни преостанува сега да откриеме е каде се наоѓа прекинувачот или што всушност е прекинувачот? Исус го нарече, „нејзината вера“, но што е вера и како истата да ја вклучиме? Ова е значајно прашање на кое мора да се одговори.

## Што е вера?

Верата е термин што Христијаните го користат доста лабаво. Јас сум убеден дека многумина, ако не и мнозинството, не знаат што е вера, зошто е потребна, како да знаат дали имаат вера (дали се во верата), и како да дојдат до вера. Ако верата е прекинувачот што ја исцели оваа жена, тогаш треба многу внимателно да ја разгледаме верата! Ја наоѓаме дефиницијата за верата во Посланието до Римјаните 4:18-21. О, да, знам што мислите, „Не, Гери, дефиницијата за верата се наоѓа во Посланието до Евреите 11:1.“

> *А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа.*
>
> — Евреите 11:1

Да, тоа е традиционалниот одговор, но ако добро го погледнете стихот, Евреите 11:1 ни ги кажува придобивките од верата, а не што всушност е верата. Јас верувам дека стихот во Посланието до Римјаните ќе ни даде многу јасна слика за тоа што е вера.

*Авраам без никаква основа за надеж, поверува со надеж дека ќе стане татко на многу народи, според реченото: „Такво ќе биде твоето потомство". И откако не ослабна верата негова, тој не помисли дека телото негово е веќе безживотно, зашто беше речиси стогодишен, и дека утробата Сарина е речиси безживотна: и во ветувањето Божјо не се посомнева со неверие, туку остана со цврста вера и Го прослави Бога, наполно уверен дека Тој е силен да го изврши она што го ветил.*

— Римјаните 4:18-21

Да ја разбереме прво позадината на оваа приказна. Авраам и Сара не можеле да имаат деца. При тоа не мислам дека тие имаа проблеми со зачнувањето и упорно се обидуваа. Тие имаа речиси сто години, со други зборови беше завршено за нив. Нивните тела не можеа да имаат деца; тоа беше невозможно! Сепак, Бог му ветил на Авраам дете, иако природно тоа било крајно невозможно. Библијата вели дека Авраам бил наполно уверен дека Бог е силен да го изврши она што го ветил, и покрај природните факти кои наведуваа поинаква приказна. Еве ја нашата дефиниција за верата: „Да се биде наполно уверен дека Бог е силен да го изврши она што го ветил". Мојата верзија гласи: **Да бидеме во согласност со Небото**, не само

**А ВЕРАТА Е ПОДЛОГА ЗА УВЕРЕНОСТА ВО ОНА НА КОЕ СЕ НАДЕВАМЕ - УБЕДЕНОСТ ВО ОНА ШТО НЕ СЕ ГЛЕДА.**

**- ЕВРЕИТЕ 11:1**

ментално туку наполно уверени, нашите срца смирени и целосно уверени во она што Бог го рекол, и покрај тоа што природното опкружување укажува на нешто друго.

## Нашата дефиниција за тоа што е вера:

Верата е наполна увереност во она што го вели Бог! Се работи за усогласување на нашите срца и ум со Небото, нашите срца се наполно уверени, сигурни и смирени.

## Зошто е потребна вера?

Зошто Бог едноставно не ги исцели сите што се во болница кога Тој ќе сака? Зошто не ги запре војните? Зошто не ги прати ангелите да ни го проповедаат Евангелието? Сигурен сум дека веќе сте ги слушнале сите овие прашања. Одговорот е дека Тој не може. Не станува збор за тоа дека Бог нема способност да го направи тоа, туку дека Тој нема надлежност или овластување да го направи тоа. „Гери, дали велиш дека Бог не може да прави што сака да прави?“ Знам дека ова ви звучи навистина чудно, но ајде да погледнеме во Библијата во потрага по одговорот на ова прашање.

*...туку, напротив некој посведочил зборувајќи:*

*„Што е човекот да мислиш на него, синот човечки, та да се грижиш за него? Си го направил за кратко малку подолен од ангелите, но со слава и чест си го овенчал и си го поставил над делата од Твоите раце; сѐ си потчинил под нозете негови“.*

*А кога сѐ му потчини, ништо не му остави*

*непотчинето; но сега сѐ уште не гледаме дека сѐ му е потчинето.*

— Евреите 2:6-8

Можеме да видиме од овој стих дека Бог му дал на човекот потполна правна надлежност над целото земно царство кога го поставил на Земјата. Не постоеше ништо што не беше под негова надлежност. Тој владеел со ова царство со апсолутна надлежност и авторитет. Неговата способност да владее со авторитет беше поддржана од владата што го постави овде. Во суштина, тој владеел со делегирана власт на Божјото Царство. Тој ја носеше круната на таа власт, која ја претставуваше славата на Бог, помазанието и почесната позиција што тој ја имаше.

За да добиете добра слика за тоа како изгледа ова, помислете на еден земски цар. Иако тој е природно, физичко битие, и сам по себе не поседува вистинска моќ, сепак тој носи круна која означува дека тој е претставник не само на себе самиот, туку и на целото царство и влада. Неговите зборови имаат авторитет само затоа што се поткрепени со сета моќ и природни ресурси на царството и владата што тој ги претставува.

Помислете на сообраќаец кој го насочува сообраќајот, тој ќе запре огромен камион со шлеп приколка со команда, „Стоп во името на законот". Да, камионот е многу поголем од човекот, и човекот сам по себе не може да се мери со камионот, но камионот застанува. Застанува не поради човекот, туку поради значката што тој ја носи, а која ја претставува владата. Во овој случај, владата е многу поголема од човекот што ја носи значката. За возачот на камион, не постои страв од човекот, но постои страв од владата која тој човек ја претставува, што од друга страна води кон тоа камионот да застане. Истото важи и овде. Адам управувал со сѐ што било создадено во земното царство. Божјата моќ и власт, претставувани преку круната на славата и чест, му додадоа на човекот увереност дека неговите зборови владеат во име на Божјото Царство.

Многу е важно да се забележи дека кога Адам ја изгубил

способноста да владее со земјата со тоа што извршил предавство против Божјата влада, тој ја изгубил својата круна. Земното царство стана извалкано и променето. Смртта влезе во земното царство, а сатаната сега имал законско право на авторитетот и влијание во човечките работи. Неопходно е да разберете дека човекот сѐ уште е легален владетел над земното царство, со оглед дека Бог го поставил, но сега тој нема овластување да владее духовно како некогаш. Сепак, дури и во неговата падната состојба, тој сѐ уште е задолжен за земјата. Да, тој повеќе ја нема круната на Божјата влада за да го поддржува. Тој нема авторитет да владее со Божјата моќ и слава; тој ја изгубил почесната положба. Но, тој сѐ уште е единствената легална врата кон земното царство. Ова е причината зошто Бог мора да користи луѓе исполнети со Духот за да ја спроведе Неговата волја во животот на луѓето. На ист начин, сатаната користи луѓе инспирирани од демонско влијание за да го спроведе неговиот план за луѓето во земното царство. Овој принцип на човечката надлежност над земјата е од витално значење за вашето разбирање на законите на Царството, и штом ќе го разберете, ќе ви одговори на прашањата што може да ги имате во иднина за тоа зошто се случуваат одредени работи, или зошто некои работи се случиле или не се случиле, духовно зборувам.

**ОВА Е ПРИЧИНАТА ЗОШТО БОГ МОРА ДА КОРИСТИ ЛУЃЕ ИСПОЛНЕТИ СО ДУХОТ ЗА ДА ЈА СПРОВЕДЕ НЕГОВАТА ВОЛЈА ВО ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО.**

Можеби ќе речете, „Но, јас мислев дека Бог ја поседува Земјата, и сѐ што е на неа?“ Точно, Тој ја поседува. Се надевам дека овој пример ќе ви помогне да разберете што сакам да кажам. Ако ви го изнајмам домот што го поседувам, иако правно го поседувам тој дом, сепак законски се откажувам од правото да дојдам во домот кога ќе посакам. Во повеќето договори за закуп

има клаузула која одредува кога сопственикот може законски да влезе во изнајмениот простор – на пример, да реши некоја итна ситуација или да изврши поправки – како и потребното известување за тоа. Ако тој се обиде да влезе во домот надвор од договореното, тоа ќе се смета за прекршување на договорот и провалување, дури и ако е сопственик на домот. Ако го прекршам законот кој е наведен во договорот, тогаш би можел да бидам законски принуден да го напуштам домот иако го поседувам. Ова илустрира зошто сатаната морал да оди преку Адам за да добие пристап до земното царство. Само Адам го имаше клучот! Сатаната мораше да помине нив вратата, а вратата беше Адам. Ако сатаната се обидел да го заобиколи Адам, тогаш тој законски би бил принуден да излезе.

> *Потоа ѓаволот Го одведе на една висока планина и Му ги покажа за миг сите царства во светот. И Му рече ѓаволот: „Тебе ќе Ти ја дадам сета оваа власт и нивната слава, зашто мене ми е предадена и ја давам кому што сакам. Ако ми се поклониш, сето тоа ќе биде Твое.“*
>
> — Лука 4:5-7

Во овој стих можете да видите дека сатаната тврди дека авторитетот и раскошот (богатството ) на човечкото царство му се дадени нему. Кој му го даде тој авторитет? Оној што го имал, Адам! Затоа Бог не може туку така да навлезе во човечките работи без да помине низ законскиот влез. Ако го стори тоа, сатаната ќе се повика на прекршок. Не, Бог ќе мора да помине низ истата врата која сатаната ја употреби, ако сака да ја спроведе Неговата власт и авторитет на земјата, а таа врата е човекот. Но, дали Бог може да најде таков човек?

> *И му рече Господ на Аврам: „Излези од својата земја, и од родот свој, и од домот на татко си, па појди во земјата што ќе ти ја покажам*

> *Јас! А од тебе ќе направам голем народ, и ќе те благословам, и името твое ќе го прославам и ти ќе бидеш благословен. Ќе ги благословам оние, што тебе ќе те благословуваат, и ќе ги проколнам оние, што тебе ќе те проколнуваат и преку тебе ќе бидат благословени сите народи на земјата.“*
>
> — Создавање 12:1-3

Авраам е наречен татко на нашата вера затоа што тој е човекот што му ја отвори вратата на земното царство на Бог, со што ќе бидат благословени сите народи на земјата. Се разбира, кога овој стих зборува за благословувањето на народите, зборува за Исус Христос, Кој подоцна ќе направи пат Божјата влада повторно да има легален пристап до земното царство преку верата на Авраам. Верата на Авраам ја отвори законски вратата за Небото, која Бог трајно ја држи отворена со склучување правен договор (завет) со Авраам и неговото потомство или наследници.

**„ЗАТОА ВЕРАТА ДОАЃА ОД СЛУШАЊЕТО НА ПОРАКАТА, А ПОРАКАТА ОД БОЖЈОТО СЛОВО (ЗБОРОТ ЗА ХРИСТОС).“**

**-РИМЈАНИТЕ 10:17**

Дозволете ми да го парафразирам тоа што го кажав. Единствениот начин на кој Небесната влада може да добие пристап во земното царство е преку маж или жена на земјата, бидејќи тие имаат правна надлежност овде. Таа законитост може да се постигне само ако маж или жена се целосно уверени во своето срце во она што Бог го вели (вера).

Друг начин да се каже е дека Небото може законски да дејствува во животот на маж или жена во земното царство, само ако тие сакаат и избираат да потпаднат под Божјата власт и авторитет. Ова би бил истиот принцип што го користел сатаната за да добие

пристап до земјата, користејќи го притоа Адам да го стори тоа. Тој го убедил Адам дека на Бог не може да Му се верува и го предизвика срцето на Адам да излезе од усогласеноста со Бог. Следствено, Адам избрал да му верува на сатаната и го отфрлил авторитетот на Бог.

Ова е истиот принцип што сега Бог ќе го употреби за да ја врати Својата влада и авторитет во земното царство преку Авраам. Авраам Му поверувал на Бог и неговата согласност му се засмета за праведност од страната на Бог, што значи дека неопходната правна согласност е добиена. Оваа согласност на двете страни, Бог и Авраам, Му овозможија на Бог да склучи правен договор (завет) со кој се обезбеди пристап на Небото во земното царство, но важно е да се напомене дека оваа согласност имаше правно влијание само за Авраам и неговите наследници. Обрезанието, како знак на овој завет, им беше даден на сите наследници на Авраам. Обрезанието се состоеше во отсекување на кожичка од машкиот полов орган. Кога мажот ќе го стави семето во својата жена, семето мора да помине низ обрезаниот полов орган, изјавувајќи при тоа на сатаната, на таткото и на мајката дека ова дете стои пред Небото како наследник на тој правен договор што Бог и Авраам го склучиле.

Меѓутоа, како што прочитавме претходно, секој маж или жена, иако го имаа тој правен договор на располагање, сепак мораат да го исполнат законското барање нивното срце да биде наполно уверено во она што Бог го кажал за да можат навистина да ги уживаат личните придобивки од согласноста меѓу Бог и Авраам. Во суштина, заветот раководеше со жиците до нивниот дом, но тие сепак мора да го вклучат прекинувачот со тоа што лично ќе веруваат и постапуваат согласно Божјото Слово.

Во ред, сега знаеме што е вера и зошто верата е законски потребна. Сега е императив да знаеме како да дојдеме до вера и како да знаеме дали сме во верата.

## Како да дојдеме до вера?

Еве еден патоказ: Не можете да се молите за вера. Дали сте изненадени? Така и мислев.

> *„Затоа, верата доаѓа од слушањето на пораката, а пораката од Божјото слово (зборот за Христос).“*
>
> — Римјаните 10:17

Како верата доаѓа од слушањето на Божјото Слово? Дали е тоа сѐ? Каков е процесот? Дали слушањето на Словото е сѐ што е потребно за да се развие верата во човечкиот дух? За да разбереме како доаѓа верата и за што зборува стихот во Римјаните 10:17, ќе го разгледаме четвртото поглавје од Евангелието по Марко. За да ја нагласам важноста на ова поглавје ќе се послужам со следната илустрација: ако ја фрлите Библијата во воздух, кога ќе падне на земјата треба да се отвори токму тука - Марко 4! Во Евангелието по Марко 4:3, Исус рече дека ако не разберете што Тој поучува во ова поглавје, тогаш нема да можете да разберете ниту една друга парабола во Библијата. Сметам дека ова е многу важно!

Зошто ова поглавје е толку важно? Затоа што ни кажува како Небото се поврзува со земното царство, како добива законитост, и каде се случува тоа. Ништо не е поважно во вашиот живот од тоа да знаете за што зборува целото ова поглавје. „Како функционира Божјото Царство?“, може да прашате. Прочитајте го Марко 4! Во ова поглавје, Исус раскажува три параболи за тоа како верата доаѓа во човечкиот дух, што, како што знаете, е услов за Небото законски да навлезе во земното царство.

Трите приказни во ова поглавје се параболата за сејачот, параболата за посеаното семе и параболата за синаповото зрно. Ќе започнеме со разгледување на втората парабола што Исус ја раскажува во Марко 4, приказната за човекот што фрлил семе в земја.

*Па рече: „Царството Божјо прилега на човек што фрлил семе в земја, па спие, и станува дење и ноќе; а како никнува и како расте семето, тој не знае. Зашто земјата сама од себе донесува плод, најнапред стебленце, па клас, а потоа и полно зрно во класот. А кога ќе узрее плодот, веднаш испраќа срп, зошто дошло времето за жетва.“*

— Марко 4:26-29

Пред да преминеме на анализа на овој пасус, прво да ги дефинираме термините. Што е семето за кое зборува Исус, и што е земјата? Исус всушност ги дефинира тие термини во претходната парабола за сејачот во истото поглавје. Семето е Божјото Слово, а земјата е срцето на човекот или духот на човекот. Така, во оваа парабола, користејќи ја личната дефиниција на Исус за тие два збора, може да кажеме дека Исус вели дека човек го фрла Божјиот Збор во своето срце. И тогаш, сама по себе, почвата, или срцето на човекот почнува да произведува вера (согласност со Небото) во земното царство.

Пред да продолжам понатаму, од клучно значење е да се сетите на нашата дефиниција за верата: наполнаувереност на срцето, на маж или жена, во она што Небото го зборува. Овој пасус вели дека иако човекот не знае како се одвива процесот, Зборот што бил посеан во неговото срце почнува да расте и сам по себе да произведува согласност со Небото. Ова се случува без разлика дали тој спие или е буден; тоа воопшто не е важно, процесот продолжува. Како што човекот го чува Словото во своето срце, полека неговото срце почнува да се усогласува со она што Небото го зборува, и се создава вера.

Овој пасус во Марко 4, ни кажува дека се работи за процес на усогласување на срцето. Приказната ни кажува дека најнапред кога нашето срце ќе го прими Словото, почнува да се формира верата. Исус ја споредува таа фаза со стебленце. Стебленцето потоа продолжува да расте и станува клас. На крајот, се формира главата на класот, но дури и во оваа доцна фаза од процесот сѐ

уште нема плод, нема согласност, и нема промена во природното опкружување. Потоа Исус вели дека процесот продолжува како што главата созрева и произведува полно зрно во класот. Кога процесот ќе ја достигне таа точка, кога полното зрно е во класот, таму е и согласноста, таму е и верата, дозволувајќи им на мажот или жената да го пожнеат во земното царство она што Небото го посеало во нивното срце.

Обрнете посебно внимание сега. Да разгледаме што всушност се случило. Небото го посејува Божјото Слово во земното царство, во срцето на маж или жена каде што е потребна согласност. Во тој момент, срцето на човекот сѐ уште не е во согласност со Небото, но во срцето отпочнува процес, кој сам по себе го доведува срцето во согласност со она што е посеано. Исус користи одлична илустрација за да ни го покаже овој процес. Споредувајќи го овој процес со сејач кој сее семе и како истото расте и созрева, Исус ни дава слика за тоа како изгледа верата. Во природниот свет, кога семето во класот е созреано, на лик тоа е <u>**ПОТПОЛНО**</u> исто како семето што било посеано во земјата. Дозволете ми да го повторам тоа.

**Кога семето во класот е созреано, на лик тоа е – <u>ПОТПОЛНО</u> – исто како семето што било посеано во земјата.**

Ако посеете пченично зрно, созреаното зрно во класот ќе одговара на семето што сте го посеале. Тие се исти, изгледаат исто, и вкусот е ист. Не можете да ја посочите разликата помеѓу двете зрна; тие се идентични.

Дозволете ми да го парафразирам она што Исус го кажува. Кога го слушаме Словото (Римјаните 10:17), ние всушност го фрламе (посејуваме) Божјото Слово во нашиот духовен човек, нашите срца. Ако го чуваме тоа Слово во срцето, тоа ќе созрее; и кога ќе биде зрело, сликите во нашето срце (земното царство) ќе се совпаднат со она што го кажува Небото. Или користејќи други термини, би можеле да кажеме дека како што сеете ветување од Небото во вашето срце, тоа само по себе полека ќе произведе увереност во она што Бог го кажал. На крајот, вашето срце ќе биде наполно уверено во она што Небото го зборува, и ќе дојде до согласност. На пример, ако се соочувате со болест,

околностите во вашето тело ви зборуваат дека сте болни. Како што го сеете Божјото Слово во вашето срце, кое вели дека Бог ја платил цената за вашето исцеление преку она што го направил Исус, вашето срце само по себе полека ќе се увери во она што Бог го кажува.

Кога тој Збор ќе созрее во вашето срце, увереноста дека сте исцелени станува она во што **вие** верувате и го исповедате. Не се работи само за цитирање на она што го вели Небото. Вашето срце е сега тврдо уверено. Кога велите, „Јас сум исцелен“, тоа не е формула што ја цитирате; туку, ова е она што вие сега го верувате и знаете дека е факт. Она што Небото го зборува сега станува ваша сопствена перцепција за реалноста.

Затоа Посланието до Евреите 11:1 вели:

> *А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа.*

Кога постои вера има натприродна увереност во она што го зборува Небото, но сепак има уште еден чекор во процесот.

Човекот сега мора да го примени својот срп, со цел да го донесе (да го пожнее) во постење, она во што е уверен во своето срце.

> *„А кога ќе узрее плодот, **веднаш испраќа срп**, зошто дошло времето за жетва.“*
>
> — Марко 4:29

Забележете дека иако срцето е во согласност со Небото, и Небесната реалност стана реалност на мажот или жената, сепак сѐ уште не се случила вистинска промена во физичкиот свет. Бидејќи човекот е оној кој природно има надлежност овде на земјата, тој е оној кој, исто така, мора да го ослободи Небесниот авторитет во земното царство. Бог не може тоа да го направи без

вклученост на маж или жена. Можам да ви го покажам ова преку добро познатиот стих за кој дискутиравме претходно.

*Бидејќи со срцето се верува за **<u>оправдание</u>**, а со устата се **<u>исповеда</u>** за спасение.*
— Римјаните 10:10

Со своето срце човекот верува во Словото, што произведува вера, и со тоа е оправдан. Оправдание е правен термин и значи спроведување на законот (администрација на правото). Значи, кога срцето на човекот е во согласност со Небото, и неговото срце е наполно уверено во она што Небото го вели, тој е оправдан. Сега Небото има законитост да тече во неговиот живот, во земното царство. Но, да се биде оправдан само по себе не е доволно да ја ослободи Божјата моќ. На истиот начин на кој една куќа е напојувана со струја од електричната компанија, има уште еден чекор – вклучување на прекинувачот за да се ослободи електричната моќ, и да се запалат светлата. Зошто? Затоа што, како што посочува стихот во Римјаните 10:10, следува уште еден чекор по оправданието.

Маж или жена, што стои оправдан пред Небото и Земјата, мора да исповеда или да делува согласно согласноста за всушност да ги ослободи Божјата моќ и помазание во земното царство. Ве молам продолжете да го читате тој стих сѐ додека во целост не разберете што ви зборувам. Ова е начинот како верата функционира! Така Небото добива законитост во земното царство, срцето е склоп, кој го поврзува Небото со земното царство, а потоа нашите зборови и постапки, кои се прекинувачот, ја ослободуваат Небесната моќ. Ве молам, повторно обрнете големо внимание на вториот дел од стихот: Ние сме тие што мора да го ослободиме Небесниот авторитет овде на земјата.

Концептот на Небото да чека на маж или жена за, пред сѐ, да обезбеди законитост, и второ, надлежност во земното царство, може да се види преку она што Исус го поучува во Евангелието по Матеј, шеснаесеттото и осумнаесеттото поглавје.

*„Вистина ви велам: сѐ што ќе сврзете на земјата, ќе биде сврзано и на небото; и сѐ што ќе разврзете на земјата, ќе биде разврзано и на небото.“*

— Матеј 18:18

**ТАКА НЕБОТО ДОБИВА ЗАКОНИТОСТ ВО ЗЕМНОТО ЦАРСТВО, СРЦЕТО Е СКЛОП КОЈ ГО ПОВРЗУВА НЕБОТО СО ЗЕМНОТО ЦАРСТВО, А ПОТОА НАШИТЕ ЗБОРОВИ И ПОСТАПКИ, КОИ СЕ ПРЕКИНУВАЧОТ, ЈА ОСЛОБОДУВААТ НЕБЕСНАТА МОЌ.**

Исус овде изјавува дека Тој ќе ѝ ги даде на Црквата клучевите (авторитетот) од Небесното царство во земното царство. Тој рече дека сѐ што ќе сврзете на земјата, небото ќе го поддржи; и сѐ што ќе разврзете на земјата, небото ќе го поддржи. Повторно помислете на полициски службеник; тој има авторитет, но владата има моќ. Полицискиот службеник го има клучот или авторитетот на владата, зашто има положено заклетва да биде претставник на таа влада. Владата го поддржува она што тој го кажува. Запомнете, само маж или жена, имаат законска надлежност овде, следствено, маж или жена можат да му дадат на Небото законска надлежност во земното царство.

Има уште една многу важна точка што треба да ја знаете за верата. Дозволете ми повторно да се осврнам на стихот во Евангелието по Марко, четврто поглавје.

*„Зашто __земјата сама од себе донесува плод__, најнапред стебленце, па клас, а потоа и полно*

*зрно во класот.“*

— Марко 4:28

Сетете се, Исус за земјата спомената во оваа парабола кажа дека го претставува срцето на човекот, или човечкиот дух, како што споменав претходно. Забележете каде се произведува верата; дали тоа ве изненадува? Таа не е производ на Небото, како што веруваат поголемиот број луѓе, туку се произведува овде во земното царство и е производ на вашето срце. Не можете да се молите за тоа или да го барате тоа од Бог. Небото нема потреба од вера. На Небото нема да ни треба согласност. Не, тоа е потребно само овде, во земното царство, и може да се случи само во срцата на мажите и жените на Земјата. Како што учи параболата во Марко 4, постои само еден начин да се постигне тоа, а тоа е со ставање на Божјото Слово во нашите срца и дозволување на процесот на усогласување да се случи. Значи, ако ми треба вера, што би направил? Ќе го посеам Божјото Слово во моето срце и ќе го оставам да расте сѐ додека не се создаде вера. Тоа е единствениот начин како доаѓа верата.

Пред да завршиме со Марко 4, сакам да зборувам за српот споменат таму.

*„А кога ќе узрее плодот,* ***веднаш испраќа срп****, зошто дошло времето за жетва.“*

— Марко 4:29

Верувам дека поголемиот дел од Христијаните не се научени како да го користат српот, и при тоа мислам дека не се научени како да го пожнеат тоа што им треба. Црквата општо е поучена како да дава, но не и како да го култивира и пожнее посеаното. Исус е многу специфичен во овој стих, кажувајќи ни дека кога жетвата на нашата вера е достапна, НИЕ мора да го примениме српот. И покрај тоа што можеби сме завршиле добра работа да го ослободиме нашето семе во вера, ако не знаеме како да го употребиме српот, нема да има жетва. Искрено, и јас самиот не знаев ништо за ова сѐ додека Господ не почна да ме учи како

функционира Царството. Дозволете ми да ви дадам неколку примери за тоа како изгледа ова.

Бев поканет да зборувам во една црква во Аталанта. Се работеше за служба во среда навечер и црквата беше мала, но јас немам проблем со тоа. Јас едноставно сакам да ги поучувам луѓето за Царството. Кога пристигнав во црквата, ми беше чудно што наидов на заклучена врата, немаше никој таму. Имаше уште само десет минути до почетокот на богослужбата. Тогаш слушнав доста гласен камион зад мене; звучеше како воопшто да нема пригушувач. Кога се свртев видов стар, расипан пикап како влегува во уличката покрај црквата. Не помислив ништо, на крајот на краиштата, се наоѓав во центарот на Атланта. Додека чекав, дојде еден човек од задниот дел на зградата и се претстави како пастор на црквата. Ми се извини поради тоа што доцни, но неговиот стар камион не сакал да запали. Ми кажа дека бил принуден да го запали камионот спуштајќи се по една удолнина, отпуштајќи ја педалата со голема брзина, бидејќи стартерот бил неисправен. Неколку пати ми повтори дека камионот не сакал да запали, а без него ќе требало да пешачи осум километри до црквата.

Продолжи да ми раскажува за неговата црква, и ми рече дека иако е пастор на црквата, главната функција на црквата била да ги храни луѓето во внатрешноста на градот. Еднаш месечно, на истата локација, делеле повеќе од 10 000 оброци. Додека пасторот зборуваше, станував сѐ повознемирен. Еве Божји човек кој храни 10 000 луѓе месечно, а нема соодветно, сигурно возило? Тој е единствената слика за Бог што луѓето што тој ги храни некогаш ќе ја видат. Ако тие гледаат како тој едвај успева, принуден да пешачи до црквата осум километри на температура од околу 40 степени во летен ден, каква сигурност би имале тие дека Бог може да им помогне? Морав да се погрижам за неговата ситуација. Дома имав релативно нов автомобил со поминати 32 000 километри што можев да му го дадам. Му кажав за мојата намера и дека ќе испратам некој од мојот персонал да го донесе автомобилот во Атланта. Се разбира, пасторот беше воодушевен. Ја поминав таа вечер поучувајќи го него и неговата мала црква за

Божјото Царство и како тоа функционира во однос на парите.

Кога се вратив дома се погрижив автомобилот да биде однесен во Атланта. Кога еден од моите помошници дојде кај мене дома да го земе автомобилот, знаев дека вршам духовна трансакција на Небото. Знаев дека како што ќе го ослободам тој автомобил во Божјото Царство, можев да Му верувам на Бог за автомобил од кој сега јас ќе имам потреба. Јас не сум по автомобилите, јас воопшто не сум заинтересиран за нив. Некои луѓе се, но јас не сум еден од нив. За мене автомобилот е само средство, алатка. Се разбира, сакам да поседувам убав автомобил, но обично ги возам сѐ додека не дојде времето да бидат заменети.

Кога пристигна помошникот, влегов во гаражата, ги положив рацете на автомобилот и реков: „Татко, го ослободувам овој автомобил за делото на Твојата служба, и како што ја ослободувам колата, примам назад кола...“ Се двоумев. Знам колку е специфично Божјото Царство, и знаев дека не е доволно само да го употребам зборот „автомобил“. Знаев и дека мора да бидам специфичен, и дека јас и Дренда треба да се сложиме во однос на карактеристиките на она што ќе го примиме. Додека стоев таму, со недовршена реченица, исто така сфатив дека немам претстава каква кола сакам. Почнав одново, „Господе, денес го ослободувам овој автомобил во Твојата служба, и верувам дека како што сеам, ќе примам навистина убав автомобил, но ќе се навратам подоцна за тоа каков модел и тип на автомобил кога ќе дознаам што сакам“. Тоа беше тоа; автомобилот беше однесен. Но јас навистина немав никакво возило на ум за кое би можел да кажам, „Да, ТАКВА кола сакам“.

Поминаа неколку месеци. Се разбира, Дренда беше во согласност со мене да го дадеме автомобилот, но и таа, како и јас, не знаеше каков автомобил сака. Во текот на следните два месеци разговаравме за автомобили, и конечно еден ден таа рече, „Знаеш што, мислам дека би уживала во кабриолет“. Ѝ реков дека се согласувам, и дека тоа звучи забавно, но каков? Повторно, не ни знаевме какви сѐ видови на кабриолет има на пазарот. Но, еден ден додека одевме на ручек, мојата сопруга одеднаш рече, „Тоа е!“ „Што е тоа“, прашав. „Тоа е автомобилот“, рече таа

додека покажуваше кон паркингот од ресторанот. „Што е тоа", прашав повторно. „Тоа е автомобилот, тоа е автомобилот што го сакам!" Тогаш видов прекрасен кабриолет. „Ајде да одиме да видиме каков модел е", ѝ реков. Се одвезовме до автомобилот, и се паркиравме веднаш зад него.

Па, не е ни чудно што ни се допадна. Се работеше за BMW 645Ci, ептен убав кабриолет, и секако, многу скап. Да бидам искрен со вас, кога го видов автомобилот, си помислив, „Во ред Господе, покажи ни што да правиме". Знаев дека нема шанса да платам 115 000 долари за ново BMW, но знаев и дека Бог може да направи неверојатни работи. Дренда и јас никому не кажавме за автомобилот, ниту споменавме дека бараме нов автомобил.

Околу две недели подоцна, ни се јави братот на Дренда и рече, „Го најдов автомобилот на Дренда!" „Како тоа мислиш си го нашол автомобилот на Дренда", го прашав. Одговори, „Го видов овој автомобил на продажба, и одеднаш почувствував дека тоа треба да биде автомобил на Дренда; и дека треба да ти кажам за тоа". „За каков автомобил станува збор", прашав. „ BMW 645Ci, и е во совршена состојба; стварно совршена. Автомобилот е стар неколку години, со мала километража, и нема ни гребнатинка. Совршен е. Освен тоа, го познаваш човекот што ја продава". „Да?", реков. „Да", одговори тој; „треба да му се јавиш". Кога ми кажа за марката и моделот на автомобилот, знаејќи дека тоа е токму автомобилот што јас и Дренда рековме дека ни се допаѓа и на двајцата пред само неколку недели, знаев дека Бог нешто смислил.

Му се јавив на сопственикот на автомобилот. Да, го познавав, и разговаравме малку за автомобилот, и тој ми кажа дека е во одлична состојба. И потоа ми ги кажа овие зборови, „Цело време додека зборуваме на телефон за автомобилот, навистина чувствувам дека ова треба да биде автомобил на Дренда". Јас воопшто му немав спомнато дека го гледам автомобилот за Дренда. Човекот продолжи и рече, „Еве што ќе направам, ќе ти го продадам за 28 000 долари". Не можев да поверувам во тоа што го слушам. Автомобилот вредеше многу повеќе од тоа. Кога ѝ кажав на Дренда за разговорот, таа во најмала рака беше

воодушевена. Плативме готовина за автомобилот и го имаме и денес. Сè уште добро работи и изгледа одлично. Сè уште нема гребнатинка, и имаме поминато многу со него, возејќи го со спуштен кров и уживајќи во сончевите зраци со гласно пуштено радио.

Едно од нашите најомилени патувања беше кога се возевме со тој извонреден кабриолет низ планинските предели на Колорадо, со намирници и опрема за кампување во багажникот. Нашата ќерка Кирстен беше со нас на тоа патување, и се сеќавам додека возев низ Канзас, по автопатот I-70 во текот на ноќта со спуштен кров на колата. Кирстен спиеше на задните седишта. Ѕвездите блескаа толку јасно над нашите глави, сообраќајот беше минимален, со по некој камион одвреме-навреме. Беше тоа една од оние совршени ноќи со чист, пријатен воздух и со чувство дека сè е прекрасно на светот. Следните две недели ги поминавме возејќи по планинскиот венец Роки, и открив колку добро се покажа автомобилот. Можам да го опишам со еден збор – прекрасен!

Но, тука е прашањето од милион долари. Како дојде тој автомобил до нас? Зошто се работеше за истиот автомобил за кој Дренда рече, „Тоа е!“? Знаев дека Божјото Царство го донесе тој автомобил во нашите животи. Знаев дека кога ја посеав мојата кола на тој пастор, го придвижив духовниот закон. Се сеќавам дека реков дека во вера примам автомобил, не седан, не џип, туку автомобил; убав автомобил, се сеќавам дека го реков и тоа. Но, јас и Дренда моравме до го примениме српот, да го ставиме до колата. Тој автомобил немаше да се појави сè додека не рековме, „Тоа е!“ Иако во вера го ослободив мојот автомобил, српот не беше применет сè додека Дренда не рече, „Тоа е!“

Се случи и друг настан што уште повеќе го истакна овој принцип. Како што веќе знаете, сакам да одам на лов. Живеам во земја со одлична можност за лов, и сум благословен да поседувам сопствено земјиште за лов. На моите 24 хектари, имам околу 8 хектари шума, и околу 4 хектари мочуриште. Секоја година ловам елени и верверици со голем успех. Секогаш има патки и гуски кои летаат наоколу, но поради некоја причина никогаш не

сум размислувал да ги ловам. Да, еднаш или двапати во текот на сите овие години, јас и синовите пешачевме до мочуриштето и фативме неколку гуски за вечера. Но, никогаш намерно не одевме во лов на нив.

Пред неколку години, додека гледав десетици и десетици патки како летаат околу мочуриштето, си реков да се обидам со лов на патки. Леле, тоа беше толку возбудливо! Се навлеков на овој лов. За време на есенскиот лов на патки, дознав дека ми треба сериозно вежбање кога станува збор за пукање на нив. Успеав да уловам неколку, и исто така, открив дека се многу вкусни за јадење. Забележав дека доста често патките беа надвор од доменот или на работ од дострелот на мојата пушка, што верував дека придонесе да промашам неколку пати. Ја користев мојата вообичаена пушка што ја користев за лов на сѐ, и зајаци, и елени, се работеше за модел на пушка Ремингтон 11-87. Да не ме разберете погрешно, ми се допаѓа таа пушка, тоа е одлична пушка. Но, слушнав дека има нови модели специјално направени само за лов на патки. Беа камуфлирани, и беа предвидени за магнум куршуми од осум сантиметри, за кои знаев дека ќе ми помогнат за пукање на поголемо растојание. Планирав да погледнам една од тој модел пред да започне следната сезона за лов на патки.

Сезона за патки беше завршена, беше јануари, и додека бев во Кабела (синџир продавници за лов и риболов), решив да го посетам одделот за пушки за да видам како изгледаат новите модели. Кога влегов во одделот, забележав дека имаат цел дел посветен само на лов на патки. Разгледав неколку пушки и размислував да ја купам таа што ми се допадна, но беше 2000 долари а имаше уште неколку месеци до почетокот на новата сезона. „Ќе почекам“, си помислив во себе. Но пред да заминам, направив нешто необично. Навистина не сфатив што правам кога го направив тоа. Го направив без размислување. Посочив кон пушката што ја сакам и гласно реков, „Ќе ја имам таа пушка, во името на Исус“. Повторно, не размислував многу за тоа; едноставно само изјавив дека ќе ја имам таа пушка. Во моето срце имав јасна слика за пушката што ја сакав.

Неколку недели подоцна бев поканет да зборувам на бизнис

конференција, и таму се случи нешто што ми го привлече вниманието. Откако зборував, сопственик на компанија ми пристапи и ми рече дека сакаат да ми врачат подарок како благодарност за моето доаѓање. Тој рече, „Знаеме дека сакаш да ловиш, затоа ти ја купивме оваа пушка". Бев во шок кога ми подадоа сосема нова, полуавтомска пушка Бенели, за лов на патки, точно истата што ја гледав во продавницата, онаа кон која посочив кога изјавив дека ќе ја имам. Дали го согледувате ова? Како се појави токму истата пушка? Имам дадено десетици пушки низ годините, но никогаш го немав применето српот. Со други зборови, ги посеав тие пушки во вера и дарежливо, но никогаш не употребив срп. Никогаш не сум рекол, „Господе, тоа е тоа! Тоа е она што го сакам!" Но, во оној момент кога го направив тоа се случи жетвата!

**...БОГ САМО САКАШЕ ДА МИ ПОКАЖЕ ДЕКА МЕ САКА. ТОЈ МИ ПОКАЖА ДЕКА МЕ САКА КОГА ГО ИСПРАТИ ИСУС ЗА МЕНЕ И МИ ГО ДАДЕ ЦАРСТВОТО!**

Му ја раскажав приказната за пушката на еден мој пријател, исто така служител. Тој рече, „Да, претпоставувам дека Бог понекогаш го прави тоа. Тој едноставно ќе те благослови со посебен мал дар за да ти каже дека те сака". Додека размислував за тоа што го рече, сфатив, „Не, тоа не е во ред. Да, Бог ме сака, но Тој не сака само да ме изненади со некој мал подарок". Кучето, рибата, еленот дојдоа по точен редослед, автомобилите, и сѐ останато дојде не затоа што Бог само сакаше да ми покаже дека ме сака. Тој ми покажа дека ме сака кога Го испрати Исус за мене и ми го даде Царството!

Сакам да ви раскажам уште една приказна за жетвата. Како што веќе кажав, не сум по автомобилите. Ги возам сѐ додека не треба да се заменат. Пример за тоа е нашиот осумгодишен автомобил Хонда Пилот. Ни се допаѓа тој автомобил, корисен е, работи добро, изгледа како нов и затоа сѐ уште го имаме. Но, често

размислувавме да купиме поголемо возило, теренец, за превоз за повеќе патници и гости. Пред извесно време изнајмивме Кадилак Ескалејд за еден од настаните што ги организиравме во нашиот центар, и со Дрена го возевме наоколу. Ни се допадна. Ни се допадна неговата бисерно бела боја, и ни се допадна пократката верзија на Ескалејд што ја возевме, за разлика од подолгата, оригинална верзија. Рековме, „Вакво нешто сакаме, Кадилак Ескалејд, бисерно бел, во пократка верзија. Треба да купиме ваков автомобил". Но бевме зафатени и навистина немавме време да разгледаме наоколу потенцијално возило за купување.

Околу еден месец подоцна, само што излегов од влезната врата и го земав утринскиот весник, ми заѕвони мобилниот. Човекот од другата страна на линијата рече, „Здраво пасторе, сакам да ти купам Кадилак Ескалејд; каква боја сакаш да биде?" Изненаден, реков, „Леле, тоа е супер. На мене и на Дренда ни се допаѓа бисерно белиот". „Во ред", рече тој, „ќе разгледам наоколу и ќе видам што можам да најдам". Во мојата возбуденост, заборавив да му кажам дека многу ни се допаѓа пократкиот модел. Неговата намера беше да најде возило, старо година-две, со малку поминати километри и во совршена состојба.

Не слушнаме ништо од овој човек околу еден месец, кога конечно ми се јави и рече, „Го имам вашиот Ескалејд; да се сретнеме на тоа место, и можете да го однесете дома". Се сретнавме на договореното место и таму беше бисерно бел Ескалејд, кратка верзија. Беше преубав! „Се извинувам што ми требаше толку долго за да ве контактирам", ни рече. „Навистина се обидов да ви најдам од подолгата верзија, но побарувачката за нив е толку голема што не се достапни. Сѐ што можев да најдам е пократок модел. Се надевам дека е во ред?" Дали е во ред? Тоа е токму она што ние го сакавме и токму она што рековме дека го сакаме!

Повторно го поставувам прашањето: Како се појави точно истиот Ескалејд што го сакавме? Пред сѐ, имам подарено осум автомобили, покрај автомобилот што му го дадов на пасторот што го споменав претходно. Но, никогаш претходно не сум рекол за некоја кола, „Тоа е тоа!" сѐ додека Дренда не го направи тоа за BMW. И повторно, јас и Дренда бевме во согласност кога гласно

рековме. „Тоа е тоа!“ Веќе со години зборувам дека Црквата има завршено прилично добра работа во поучување на луѓето како да даваат, но ужасна работа во поучувањето како да жнеат. Дали можете да кажете што е српот во претходните приказни? Се надевам дека е очигледно! Сум посеал многу автомобили во вера, но јас и Дренда едноставно никогаш не сме се договориле за нов автомобил. Повторно, некое време ги возевме нашите автомобили. Но, во моментот кога рековме, „Тоа е тоа!“, новиот автомобил се појави. Српот е нашите зборови!

> *Смртта и животот му се потчинети на јазикот, и оние што го владеат, ќе вкусат од плодовите негови.*
>
> — Изреки 18:2

Имаше сезона кога се чинеше дека црквата учи доста за она што го исповедаме. Сум бил со луѓе, а можеби и вие, кои ќе кажат нешто, а потоа ја покриваат својата уста велејќи, „Треба да внимавам што исповедам“. Звучи како благородна задача, и се согласувам дека тоа ќе помогне да се сочува Словото во вашето срце. Меѓутоа, внимавањето на тоа што го исповедате навистина нема никаква поврзаност со српот. Што? Но, нели само што рече дека српот се нашите зборови? Да, го кажав тоа, но совладувањето на формулата да се каже вистинската работа не е клучот само по себе.

> *Вистина ви велам ако некој ѝ* ***рече*** *на оваа планина: „Дигни се и фрли се в море!“ и не се посомнева во срцето свое, туку* ***поверува*** *дека ќе биде како што* ***рекол****, ќе му се исполни што и да каже.*
>
> — Марко 11:23

Повторно, српот во Марко 4 се вашите зборови! До моментот кога Марко 4, преминува на српот, веќе го има објаснето процесот на верата и како истата доаѓа. Пишува дека кога зрното е зрело,

тогаш го применувате српот зашто е време за жетва. Жетвата е дојдена бидејќи вие стоите во вера, согласувајќи се со Небото во вашето срце. Горниот стих, во Марко 11 го потврдува истиот принцип. Вашето срце верува во Словото, потоа зборувате и го ослободувате Небесниот авторитет. Но, забележете ја фразата, „*поверува дека ќе биде како што рекол*“. Тест на верата е ако верувате во она што го зборувате. Само изговарање или исповедање на Божјото Слово не е вера сама по себе. Можете да исповедате сѐ додека не се изморите, но ако вашето срце не е во согласност со Небото, ништо нема да се случи. Дали тогаш треба да внимаваме на нашите зборови или на нашето срце?

> *„Добриот човек од добрата ризница на своето срце изнесува добро, а лошиот човек од лошата лошо, зашто неговата уста го зборува она со што му е исполнето срцето.“*
>
> — Лука 6:45

> *„Од сѐ, што е за пазаење, најмногу чувај го срцето свое, зашто од него се изворите на животот. Отфрли ја од себе лажливоста на устата, и лукавството на јазикот од себе оддалечи го.“*
>
> — Изреки 4:23-24

Можеме јасно да видиме дека она што го кажуваме излегува од нашето срце и од она што го веруваме. Следејќи го процесот во Евангелието по Марко, четврто поглавје, знаеме како всушност да го промениме она во што верува нашето срце и да го усогласиме со Небото. Тогаш кога сме наполно уверени, го применуваме српот со нашите зборови и постапки. Го сфативте ова? Одлично, да продолжиме понатаму.

Продолжувајќи ја нашата дискусија за верата, сакам да поставам едно прашање што треба да сте во состојба да го одговорите.

## Како да знам дали навистина стојам во вера?

Ова е одлично прашање чиј одговор **мора** да го знаете бидејќи е невозможно да молите молитва на вера без прво да имате вера. Има многу начини да знаете дали сте во вера или не, многу симптоми кои треба да ги знаете и да ги барате. Може да донесете многу лоши одлуки засновани на страв кога не стоите во вера. Таквите одлуки, засновани на страв, секогаш ќе ве држат заложник на земното проклетство и ќе ве натераат да го пропуштите, да го промашите, она што Бог го сака за вас. Што е тогаш доказот дека стоиме во вера? Првиот знак е лесен; навратете се на дефиницијата на верата и разберете дека да се биде целосно уверен во вашето срце е вистинскиот клуч. Но, многу пати мислиме дека сме уверени, а всушност сѐ што правиме е само ментално се усогласуваме со Словото во нашиот ум, а не со срцето. Треба да можете да ја посочите разликата.

Кога сте наполно уверени, се разбира, постои ментална согласност со она што го кажува Писмото, но исто така и знаење дека сте сигурни, уверување што носи мир и очекување.

> *А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа.*
>
> — Евреите 11:1

Ако имате докази дека имате нешто, дали сѐ уште ќе ви треба дополнително уверување дека го имате тоа? Се разбира не. Повторно велам, кога стоите во вера, постои сигурност, знаење, мир, уверување дека го имате она што го кажува Божјото Слово, иако можеби сѐ уште не го гледате. Многу луѓе велат вака, „Знам дека знам дека знам дека го имам тоа“. Ова е внатрешно сознание, и не доаѓа од тоа што вашите околности го зборуваат. Ова знаење е во вашиот духовен човек, или вашето срце. Стравот го нема, нема повеќе мачни мисли и загриженост да ви го бомбардираат умот; знаете дека е завршено, направено.

Друг аспект дека стоите во вера е радоста и очекувањето. Вашиот одговор е тука. Го имате! Верата е многу повеќе од чувство на мир или сигурност, иако тоа ќе го имате. Исто така треба да бидете способни духовно да ја браните вашата позиција. Кога го велам ова, сакам да помислите на судница и вие како адвокат кој вкрстено го испрашува сведокот. *Зошто верувате во она што го верувате за вашата ситуација?* Како би ја одбраниле вашата позиција? Има само еден одговор, Божјото Слово.

На пример, ако некој дојде во вашиот дом и рече, „Излези од мојата куќа“, дали ќе речете, „Ох, извинете; дајте ни еден ден и ќе излеземе“. Не, нема да го кажете тоа, веројатно ќе се насмеете на глас. Ако човекот продолжи да зборува, „Не, ова е мојата куќа; веднаш излезете или се гледаме на суд“, вашиот одговор би бил, „Со задоволство, се гледаме на суд!“ На сослушувањето, сосема смирено ќе му ја покажете документацијата на судот дека вие сте сопственикот. Судијата ќе ги погледне документите и ќе нареди другиот човек да се уапси за неосновано малтретирање, како и да ги плати сите судски трошоци. Вашата сигурност е воспоставена не врз вашите емоции и како се чувствувавте, туку на законот и на фактот дека сте законски сопственик на куќата.

**А ВЕРАТА Е ПОДЛОГА ЗА УВЕРЕНОСТА ВО ОНА НА КОЕ СЕ НАДЕВАМЕ - УБЕДЕНОСТ ВО ОНА ШТО НЕ СЕ ГЛЕДА.**

**- ЕВРЕИТЕ 11:1**

Кога станува збор за тоа да се биде во вера, наидувам доста често на луѓе што не разбираат што верата всушност е и поради тоа лесно се збунуваат со тоа што ја ставаат својата доверба во своите постапки наместо во нивниот единствен извор на верата, а тоа е Божјото Слово. Многу е лесно да се помешаат постапките или формулата на дејствување според Божјото Слово со вистинската моќ на Царството, која доаѓа од срце кое е цврсто уверено. На пример, ако сте посеале

финансии во Божјото Царство, и ве прашам зошто верувате дека ќе примите нешто за возврат како резултат на вашиот прилог, вашиот одговор не треба да биде, „Бидејќи на тој и тој ден дадов одредена сума пари“. Таа исповед гледа само на вашите дејствија, на формулата, и не е закотвена во увереност. Вашата увереност може да дојде само од Божјото Слово.

Не можам да го утврдам бројот на луѓе за кои сум се молел, кои кога ќе ги прашам зошто веруваат дека ќе примат кога се молам, просто зјапаат во мене без никаков одговор. Кога прашувам, јас ја барам нивната вера, нивната согласност со Небото. Сакам да ги слушнам како велат, „Знам дека ќе примам затоа што Бог ми вети во таа книга во Библијата, во тој стих, дека тоа ветување е мое“. Доколку не ми дадат библиски поткрепа на нивната вера, шансите се дека тие не се закотвени во верата и тие навистина немаат поим каде оди нивниот брод.

Запомнете, верата може да постои само кога ја знаете волјата на Бог. Зошто? Затоа што верата може да постои само кога вашето срце е во согласност со Божјата волја. Верувам дека многу луѓе мислат дека се во вера, а всушност не се. Повторно истакнувам, нивниот ум можеби се согласува дека Божјото Слово е добро и вистинито, но верата доаѓа само кога нивните срца се наполно уверени. За многумина, нивниот ум се согласува со Божјото Слово, но нивните срца не се уверени.

Еве една добра илустрација за ова што го зборувам, илустрација за која верувам дека ќе укаже дека многумина од оние што мислат дека се во вера, не се. Што ако ви кажам дека неодамна дознав дека небото не е сино, како што велат луѓето, туку дека сината боја, како што ја нарекуваат, е всушност жолта? Со други зборови, ви кажам дека цел живот погрешно нѐ учеле за боите, и дека сината не е сина туку жолта? Што ќе направите? Дали ќе воздивнете шокирано и веднаш ќе посегнете по мобилниот за да ѝ се јавите на учителката во прво одделение обвинувајќи ја дека погрешно ве научила за боите? Не мислам така. Нема да има никаква драма, или емоционална реакција од ваша страна. Едноставно ќе знаете дека си имате работа со идиот, ќе го отфрлевте мојот коментар како нерационален, и ќе

си продолжевте со денот. Зошто? Затоа што сте наполно уверени дека сината е сина.

Ајде сега да го споредиме овој пример со нашата дискусија за верата. Што ако сте наполно уверени во она што Бог го кажал за исцелението, а докторот ви каже дека ќе умрете од рак? Ќе погледнете во докторот и ќе си помислите во себе дека не знае што зборува затоа што знаете дека нема шанси тоа да се случи. Зошто? Затоа што вие сте наполно уверени во исцелението што Исус го обезбеди за вас плаќајќи ја цената за тоа. Дали го гледате ова? Се разбира, многу луѓе се молат, но кога одблиску ќе испитате, нивните молитви не се молитви на вера, туку на надеж, несигурни за исходот од ситуацијата. Пријатели мои, затоа е толку важно да се изградуваме со Божјото Слово. Ние треба да знаеме која е Божјата волја за да можеме да ја имаме таа сигурност во она што Тој го кажува, а исто така да можеме да го отфрлиме она што не е Негова волја. Дозволете ми да ви дадам личен пример кој илустрира колку е важно да се храниме со она што Бог го вели за животот.

Како сопственик на бизнис, пред да станам пастор, имав тешки неколку недели и бев уморен. Мојот распоред беше преполн со повици, и секако, финансискиот притисок од провизии. Отидов на рутински стоматолошки преглед. Сѐ беше во ред сѐ додека докторот не ми стави инјекција Новокаин. Кога ме боцна, наеднаш почувствував вибрирање и вилицата моментално ми се вкочани, наместо полека како што треба при анестезија. Бев изненаден и му кажав на заболекарот што се случи. „Ох, изгледа сум погодил нерв". Брзо го прашав, „Дали е тоа нормално?" И тој ми ги кажа овие зборови, „Па, обично заздравува". Што? Дали го слушнав добро? „Докторе, што мислите кога велите обично заздравува?" Одговори, „Во 80 до 85 проценти од случаите, целосно заздравува без трајни негативни последици".

Што? Одеднаш ме зафати страв. А сега што? Дали ќе заздрави? Мојот умот беше обземен од страшни мисли. По прегледот, моето лице остана вкочането, за разлика од вообичаениот преглед на стоматолог каде што отрпнатоста полека се намалува. Имав состанок со клиент, еден час по стоматолошкиот преглед, така

што имав доволно време да размислувам што штотуку се случи. Но, сè до состанокот, бев во агонија, не поради некаква болка, туку од недостиг на мир и од стравот што ми се вртеше низ умот.

Подоцна тој ден, на враќање дома застанав кај еден пријател. Лицето сè уште ми беше вкочането, и имав потреба некој да ме увери дека ќе помине. Забележете ја мојата грешка: не барав увереност во Божјото Слово, туку во човек, личност која не беше ни силен вереник. Му кажав на мојот пријател што се случи и чекав да слушнам, „Не е ништо страшно Гери; ќе заздрави!“ Наместо тоа, еве што слушнав, „Ох, не! Имам пријател на кој му се случи истото и лицето никогаш не му заздрави; оттогаш лицето му е парализирано“. Не можев да поверувам што слушам! Преголем страв го заплисна мојот ум. Се однесував како да знаев дека сè ќе биде во ред и му се заблагодарив за одвоеното време. Во очај, отидов кај друг пријател и му го поставив истото прашање, и во шок, го слушнав истиот одговор, „Ох, не“, рече, „Имам пријател на кој му се случи ова и лицето никогаш не му заздрави; лицето и денес му е парализирано“.

**ВО ТОЈ МОМЕНТ ЗНАЕВ ДЕКА МОЈАТА ЕДИНСТВЕНА НАДЕЖ Е БОЖЈОТО СЛОВО**

По овие посети, бев скршен. Знаев (во мојот ум) дека Бог исцелува, но едноставно не можев да се ослободам од тој страв. Моето срце дефинитивно не беше уверено. Таа ноќ бев во агонија! Мојот ум беше исполнет со страв, а лицето сè уште ми беше вкочането како што беше во стоматолошката ординација. Додека се обидував да заспијам, почнав да чувствувам мала болка под десното уво. Дали е можно? Татко ми се бореше со белова парализа пред една или две години, и ми кажа дека започнало со болка под увото. Беловата (фасцијална) парализа се случува кога нервот што ги контролира мускулите на лицето, а кој поминува низ мало дупче во коската веднаш под увото, ќе биде притиснат или ќе се воспали како резултат на инфекција.

Додека лежев, обидувајќи се да заспијам, сè што можев да

слушнам беа моите мисли, „Ќе имаш белова парализа, исто како и татко ти“. Кога се разбудив следното утро, сосема сигурно имав фасцијална парализа! Сега, не само што вилицата ми беше вкочанета, туку и целото лице од десната страна ми беше вкочането, и не можев да ги затворам очите, ни устата. Каков хаос.

Отидов на доктор за да ги потврдам моите сомнежи. По прегледот, тој ме погледна и рече дека навистина имам белова парализа. Тогаш реков, „Што ќе се случи следно?“ Докторот одговори, „Па, во околу 80 до 85 проценти од случаите, ќе заздрави без трајна парализа“. „Дали докторот го кажа она што мислев дека штотуку го кажа?“

Во тој момент знаев дека сум во неволја. Знаев дека ѓаволот нема да застане тука, и не сакав да видам што следува. Знаев доволно за духовното војување за да сфатам дека одам во погрешна насока. Сетете се, ова беше пред неколку години пред да знам многу за овие работи. Но, знаев доволно за да знам дека морам да се справам со овој проблем духовно ако сакам успешно да го победам. Исто така сфатив дека ова беше демонска стапица за да ме фати неспремен кога бев уморен и не очекував некаква проблеми.

Во тој момент знаев дека мојата единствена надеж е Божјото Слово. Во себе немав апсолутно никаква способност да го запрам стравот што ми го измачуваше умот. Затоа земав неколку картички на кои напишав библиски стихови за исцеление и ги поставив низ целата куќа. Се покајав пред Господ и го започнав процесот на развивање вера во моето срце. Знаев дека морам да го посеам Словото во моето срце за да се развие верата, па затоа во текот на денот размислував за Божјото Слово.

На почетокот ништо не се смени. Лицето остана вкочането, а постојно се борев со духот на стравот. По околу една недела, без никаква промена во состојбата на моето лице, се случи! Исто како и во процесот за кој стихот во Марко 4:26 поучува, како што го сеев Словото во моето срце, почна да се формира верата, прво стебленце, па класот, па главата, и потоа зрелото зрно во класот.

Во текот на целиот овој процес, сѐ уште нема согласност, а

со тоа и вера. Сепак, иако не гледам промена или не знам како функционира овој процес, според нашиот стих во Марко 4, работите навистина се менуваат. Промената за која зборувам сѐ уште не е манифестирана во природниот свет, но промената се случува во нашите срца. Ако се држиме за Словото, Словото само по себе полека го менува системот на верување на нашето срце од систем на неверување во согласност со Небото. Така, во мојот случај, јас се држев за Словото, знаејќи дека тоа е мојот единствен одговор.

Одеднаш, еден ден, додека чекорев низ куќата со картичките со стиховите за исцеление на нив кои беа поставени насекаде низ куќата, случајно погледнав на една што сум ја видел сто пати досега. Но, овој пат кога ја погледнав, БУМ! Одеднаш се спушти врз мене помазание, стравот моментално исчезна, и ЗНАЕВ дека сум исцелен. Да, моето лице сѐ уште беше вкочането. Немаше никаква промена, но знаев дека сум исцелен. По неколку часа, лицето се врати во нормална состојба, вкочанетоста си замина. Слава на Бог! Словото делува!

И покрај тоа што дозволив мојот духовен живот да ослаби поради мојата зафатеност и запоставување, на крајот ја согледав мојата грешка и се покајав за мојата глупост. Ова се случи многу одамна кога започнав да осознавам како навистина верата функционира, и немав големо искуство во оваа област. Се навраќам на она што го направив тогаш, отидов да се консултирам со луѓето за мојата иднина кога бев во неволја, наместо да одам директно кај Божјото Слово. Колку глупаво. Штом сфатив што се случува, со увереност се свртев кон Божјото Слово. За жал, повеќето луѓе не се уверени во овој процес бидејќи никогаш не биле поучени за верата и како таа доаѓа. Бидејќи не се запознаени со процесот, кога ќе се најдат под притисок, тие го пуштаат Словото, мислејќи дека не функционира.

## Разберете го противнападот на сатаната

Кристин дојде во нашата црква не знаејќи многу за Бог. Таа искуси нановораѓање на една од нашите неделни утрински богослужби и нејзиниот живот беше радикално променет. Во нашата црква имаме ориентациони курсеви за Царство. Една од областите за која поучуваме е законското право да примиме исцеление. Кристин имала проблеми со слухот со години наназад. Всушност, таа веќе 40 години носела слушно помагало, и имаше изгубено 50 проценти од слухот. Нејзината мајка била глува, а и нејзиниот брат исто така страдал од губење на слухот. Кога Кристин ги слушна предавањата дека, како верник, има законско право да биде исцелена, таа беше многу возбудена!

За време на часот, мојата сопруга ги положила рацете врз неа и се молела да ѝ се поврати слухот, и моментално, ушите ѝ се отвориле и таа слушала совршено. Кристин почнала да вреска на глас, да плаче и да Го слави Бог. Која мојата сопруга, Дренда, и Кристин дојдоа кај мене и ми ја кажаа добрата вест, почувствував потреба да ја предупредам за противнападот на сатаната. Ѝ кажав на Дренда да ја насочи Кристин дека ако симптомите почнат да се враќаат, да му зборува одважно и смело на проблемот и да изјави дека е исцелена, а сатаната да се повлече. Следното утро дојде тестот. Нејзиниот слух се вратил во состојбата во која бил претходно, повторно не слушала добро. И таа го направи точно она што ѝ го кажавме, „Не! Сатано, јас не го прифаќам ова. Јас сум исцелена и јас бев исцелена во името на Исус!“ Нејзините уши се отворија, слухот ѝ се обнови и така е и денес.

Запомнете дека сатаната ќе премине во противнапад обидувајќи се да ја поврати територијата. Не дозволувајте да го направи тоа. Стојте цврсто на Божјото Слово!

Во ова поглавје, одвоив повеќе време за да ви дадам основно разбирање за тоа што е верата, како таа функционира, како да знаете дали сте во верата, и како да добиете вера. Треба да го знаете ова за да може Божјото Царство да дејствува во вашиот живот. Сетете се, Исус ѝ рече на жената, „Верата твоја те исцели“. Така ќе биде и за вас: вашата вера, вашето срце наполно уверено во она што Небото го зборува, и примената на вашиот срп ќе биде вашиот одговор за секој проблем или потреба со која може да се соочите во животот.

ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ

# БЛАГОСЛОВОТ ГОСПОДОВ

Седев во ресторан со мојата сопруга и гостинката говорник. Беше околу десет часот навечер, и штотуку завршивме со благословена вечерна богослужба. Дојде келнерот да ја прими нашата нарачка и почнавме да разговараме. Мојата гостинка почна да му раскажува за богослужбата што ја имавме и за нашата црква. Потоа таа го праша, „Дали сакаш да одиш на лов?“ Тој ѝ одговори дека сака да лови. Мојата гостинка секогаш е возбудена да ги слушне моите ловциски приказни, и всушност, таа вечер ѝ дадов копија од мојата книга, „Лов во вера“, да ја однесе на еден нејзин пријател. Книгата што требаше да ја однесе дома таа вечер, ја носев со себе.

Келнерот продолжи да зборува за неговите ловечки искуства, но никогаш не уловил елен. Мојата гостинка и јас почнавме да му објаснуваме како функционира Божјото Царство и дека тој може да очекува да улови елен секој пат кога ќе отиде на лов. Слушајќи нѐ тој навистина не знаеше што да мисли за нас. Но, се сетив дека ја имам книгата со себе и решив да му ја подарам. Ѝ реков на гостинката дека ќе ѝ дадам друга копија и таа се согласи. Келнерот ми се заблагодари и ми вети дека ќе ја разгледа книгата, но јас мислев дека ова веројатно ќе биде последен пат

што ќе разговарам со него. Но, не беше.

Година дена подоцна, истата говорничка дојде во нашата црква и бидејќи ѝ се допадна ресторанот во кој бевме претходната година нѐ замоли повторно да одиме таму. Така направивме. Кога седнавме на масата бевме изненадени кога дојде да нѐ послужи истиот келнер што нѐ служеше пред една година. Кога ни пристапи, нѐ погледна и рече, „Вие бевте тука пред една година и разговаравме за лов на елени". Му одговоривме, „Да, се сеќаваме". Тој продолжи, „Ја прочитав книгата што ми ја дадовте и го направив тоа што го пишуваше во неа. Ги уловив моите два елени минатата година, и истото го очекувам и оваа година". Бевме возбудени слушајќи ја неговата приказна, но не и изненадени. Царството функционира секој пат!

Одржував состанок за околу 25 пастори, објаснувајќи го Божјото Царство и како тоа функционира. Беше тоа добар состанок. Додека се спремав да ја напуштам салата за состаноци и мојот персонал ги собираше материјалите, еден од пасторите се врати. Тој и неговата сопруга ѝ пристапија на мојата сопруга и побараа да разговараат со нас. Пасторот почна да ни кажува дека неговата куќа ќе биде запленета до крајот од неделата освен ако не најде 6900 долари. Ни објасни дека нема пари освен стоте долари кои ги држеше во раката. „Тоа е сѐ што имам", рече тој, „но сакам да ги посеам како што поучувавте оваа вечер, и би сакал вие и вашата сопруга да се согласите во молитва заедно со нас за парите што ни се потребни оваа недела". Се фативме за раце и се молевме заедно, благодарејќи Му на Бог за парите.

Околу еден месец подоцна, го видов истиот пастор на друг настан и кога ме здогледа целиот возбуден потрча кон мене. „Морам да ви кажам што се случи", ми рече тој. „Не ви го кажав ова кога разговаравме пред еден месец, но мојата сопруга и јас имаме бизнис со скратено работно време, кој повремено го водиме од нашата гаража, печатиме свилени маици. Немаме многу работа, но одвреме-навреме добиваме по некоја порачка. Па така, следниот ден откако се молевме заедно, примивме неколку порачки во вредност на 8900 долари. Моравме напорно да работиме таа недела, но веќе до петок, ја имавме потребната

сума од 6900 долари за да го задржиме нашиот дом. Ви благодарам!“

Бев на пасторална конференција во Северна Каролина заедно со уште 500 други пастори. Не бев говорник на конференцијата, само присуствував. Ми пристапи еден човек и ми рече, „Сакам да разговарам со вас“. Се работеше за пастор од Германија, кој имаше интересна приказна да сподели со мене.

Неговиот син, тинејџер, некако дошол до моите ЦД-а. Откако ги слушал, решил дека во вера ќе добие Плејстејшн 3 бидејќи немал пари да го купи. Претпоставувам дека сите знаат што е Плејстејшн 3, но во случај да не знаете, тоа е компјутерски систем за игри. Пасторот ми кажа како неговиот син дошол во неговата канцеларија еден ден и го прашал дали ќе се согласи со него во молитва за Плејстејшн 3. Синот му објаснил на својот татко што научил од моите ЦД-а и дека сака да посее семе и да се моли заедно со него во врска со тоа. И така, овој пастор ми рече дека не размислувал многу за ова, но како пастор на црквата, примил семе од својот син, финансиски прилог назначен за црквата. Тој и неговиот син се молеле заедно и се согласиле дека синот сега има Плејстејшн 3, и заклучиле дека работата е завршена.

Следниот ден, еден човек од нивната црква му се јавил на пасторот и го прашал дали неговиот син би сакал да заработи дополнително пари помагајќи му во краткорочниот проект што требало да го заврши. Синот бил пресреќен да го направи тоа и за два дена, колку што траела работата на проектот, заработил доволни пари за да купи Плејстејшн 3.

Ова го привлекло вниманието на синот, и неколку недели подоцна, пасторот ми кажа дека неговиот син дошол повторно во неговата канцеларија и го прашал дали може да се согласат во молитва за нешто друго. Пасторот одговорил, „Секако“, но бил изненаден кога неговиот син побарал да се согласи со него во молитва Бог да му даде поголеми мускули. Пасторот ми кажа дека не знаел како да реагира на барањето на синот во поглед на тоа. Но, на крајот, му рекол на својот син дека тој ќе мора да го даде својот придонес во развивањето на поголеми мускули, и дека ќе се согласи со него во молитва сѐ додека тој го разбира

тоа. Синот се согласил. И повторно посеал кон целта да има поголеми мускули, и тие се молеле заедно во согласност за тоа.

Следниот ден, една кола се паркирала во нивниот двор. Било тоа семејство од нивната црква. Кога пасторот излегол да разговара со нив, тие му рекле дека ја чистат нивната гаража и нашле сет на тегови за кој помислиле дека можеби неговиот син ќе сака да ги има. Ако не, тогаш сметале дека пасторот можеби знае некој друг во црквата кој ќе сака да ги земе теговите. Пасторот ми кажа дека никој не знаел за желбата на неговиот син за поголеми мускули и дека тие штотуку се молеле за тоа претходната вечер. Пасторот бил шокиран! Влегол дома и го прашал синот, „Каде се тие ЦД-а?“

Ваков вид приказни се вообичаени. Ги слушам постојано, и сакам истите да бидат вообичаени и во вашиот живот. Досега утврдивме и дискутиравме за неколку клучни аспекти за тоа како функционираат законите на Божјото Царство, како и за тоа како согласноста или верата се потребни за Небото да добие законитост или надлежност во земното царство. Сега, ајде да навлеземе малку подлабоко во тоа како точно овие закони на Царството можат да ни помогнат во нашите финансиски потреби.

> *Благословот Господов – збогатува, и не донесува со себеси тага.*
>
> — Изреки 10:22

Кога првпат го прочитав овој стих, си помислив, „Секако, ова сигурно не значи она што всушност го кажува, нели?“ Но, открив дека значи токму она што го пишува! За да разбереме за што зборува овој пасус, ќе треба да се навратиме на почетокот, кога човекот бил создаден.

> *Туку, напротив – некој посведочил зборувајќи: „Што е човекот да мислиш на него, синот човечки, та да се грижиш за него? Си го направил за кратко малку подолен од*

*ангелите, но со слава и чест си го овенчал и си го поставил над делата од Твоите раце; сѐ си потчинил под нозете негови“.*

— Евреите 2:6-8

Го прочитавме овој пасус претходно, но тој е од критичка важност за нашата дискусија сега. Да дадеме краток преглед: кога човекот беше создаден, сѐ на земјата беше подложено под неговата власт. Немаше ниту една работа што не му беше подложена. Тој управуваше со земното царство од позиција на делигиран авторитет и ја носеше круната на власта што ја претставуваше. Беше облечен во помазанието на таа власт и почестен со дадено место на авторитет. Сатаната, кој се побунил против Бог, веќе бил фрлен на земјата, пред Адам да биде создаден. Сатаната го презирал Адам зашто сега се нашол под власта на овој човек кој ја носел круната на Божјиот авторитет. Сатаната сега мораше да се потчини на ова создание, што во својата природна, и создадена физичка состојба, било многу послабо од него. Меѓутоа, духовно, секој збор изговорен од Адам го имал истиот авторитет како Самиот Бог да го кажал. Адам, Божјиот син, владеел со земјата од оваа неверојатна позиција на авторитет и големина.

**БЛАГОСЛОВОТ ГОСПОДОВ ЗБОГАТУВА, И НЕ ДОНЕСУВА СО СЕБЕСИ ТАГА.**

**- Изреки 10:22**

Значи сатаната го мразеше овој човек и похотливо го посакуваше авторитетот што тој го поседувал над земјата. Неговиот единствен одговор беше некако да му ја одземе круната, позицијата што ја имаше човекот. Имаше само еден мал проблем. Сатаната немаше моќ да ја земе круната на Адам; неговата единствена надеж беше некако да го измами Адам за тој самиот да си ја изгуби круната. Убедувајќи ја Ева дека Бог не е достоен за нивната доверба и дека животот има многу повеќе

да им понуди од она што Бог им дозволувал да го уживаат, Адам и Ева избраа да му веруваат на сатаната, а не на Бог и извршија предавство против Бог. На крајот, Адам и Ева ја загубија својата законска позиција на авторитет во рамките на Божјото Царство, а сатаната станал богот на овој свет, како што можеме да прочитаме дека Павле гоословува во Второто послание до Коринтјаните.

> *„Ако, пак, е и покриено нашето Евангелие, тоа е покриено за оние што пропаѓаат: за оние, на кои <u>богот од овој</u> свет им ги заслепил нивните безверни умови, за да не ги осветли светлината на Благовестието за славата на Христос, Кој е слика на (невидливиот) Бог.“*
>
> — 2 Коринтјаните 4:4

Пред да се побуни Адам, тој ги уживал придобивките да биде син. Сѐ што имаше Бог беше негово да го ужива, и тој никогаш не искусил ниту еден ден на недостаток или помисла на страв во својот живот. Сѐ што му требаше за да живее на планетата Земја веќе беше поставено на неа пред тој да биде создаден.

Ако се осврнеме на шесте дена на создавање во книгата Создавање, ќе откриеме дека човекот е создаден на крајот на шестиот ден од создавањето, и тој беше последниот дел од Божјиот творечки план што требаше да го заземе своето место. Неговата судбина беше тој да живее во седмиот ден, ден кој Бог го прогласил за ден на одмор. Ова не беше затоа што Бог беше уморен, туку затоа што Тој заврши и сѐ беше комплетирано. Размислете за момент за она што Бог го создаде и за славниот план што Тој го имал за човекот. За жал, Адам, сѐ откажа од сето тоа, и во самиот процес, ја загуби својата правна положба во Царството.

Кога Бог му пристапи на Адам, по одлуката да не Го послуша Бог, Бог му рече:

> *„Бидејќи ја послуша жената твоја и вкуси*

> *од дрвото, од кое ти забранив и реков: - не јади од него – затоа земјата нека биде проклета за тебе; со мака ќе се храниш од неа сѐ до крајот на својот живот; трње и бодилки ќе ти раѓа; и ти ќе јадеш трева полска. Со пот на лицето твое ќе јадеш леб, сѐ дури не се вратиш во земјата, од која си земен; зашто си земја, и во земја ќе се вратиш!“*
>
> — Создавање 3:17-19

Првата работа што сакам да ја видите овде е дека Бог не ја проколнал земјата, туку Адам го направи тоа. Тој имаше целосна власт над неа. Тој беше поставен за нејзин управител, и требаше да се грижи за неа. Адам, кој имаше целосна и апсолутна власт над земјата, изврши предавство против власта на Бог и во суштина го исфрли Бог надвор. Одлуката имаше неверојатни последици, огромно влијание не само на Адам, туку и на целата земја, и на секој маж или жена што од тој ден па натаму ќе живее на Земјата. Иако тој сѐ уште ја задржал неговата надлежност над земното царство што Бог му ја даде, сега тој беше немоќен да владее од перспективата на круната и власта што тој некогаш ги претставувал и кои го поддржуваа неговото владеење. Бидејќи беше одвоен од самиот живот, смртта, која беше непознат и туѓ концепт за Адам, сега влезе на овој свет.

Бог го соочи Адам со тоа што го направил, и му кажува дека сега, како прво, преку неговиот грев, тој ја изгубил својата законска положба во Божјата власт. И бидејќи Адам беше претставник на таа власт на планетата Земја, Небото го загуби својот законски претставник преку кој имаше надлежност над земното царство. Второ, самата земја сега е засегната и таа повеќе нема да обезбедува снабдување како што тоа претходно било случај во Едемската Градина. Сега Адам со макотрпна работа и пот ќе ја обработува земјата за таа да го произведе тоа што му е потребно за опстанок. Трња и бодилки сега ќе ги покриваат полињата, додека животот ќе стане тежок, а преживувањето начин на живот.

Овој напорен начин на живот и менталитет на преживување, извалкан од аромата на стравот и смртта, што тежат на секој човек по Адам, го нарекувам проколнат земски систем. Тоа е местото каде што јас и вие пораснавме и систем на преживување кој сите ние многу добро го знаеме. Во Псалм 23, Давид го нарекува ова место долината на смртната сенка.

> *Кога би тргнал и по долината на смртната сенка, нема да се исплашам од злото, зашто Ти си со мене.*
>
> — Псалми 23:4

Тоа е подрачје каде стравот од смртта го исполнува воздухот. Но, има и уште една негативна последица. Човекот го загуби својот однос со Бог и како резултат на тоа, не се познава себеси повеќе – ги губи од вид идентитетот и целта за кои беше создаден. Кога човекот беше создаден, му беше дадена цел, задача. Тој требаше да владее со земјата во Божјо име. Со други зборови, тој имаше од Бога дадени задача и цел во неговиот живот. Но, сега целиот ментален склоп на човекот е пренасочен на режим на преживување. Опстанокот станува негова цел и негова нова задача, негов мандат.

**ВО ПРОКОЛНАТИОТ ЗЕМСКИ СИСТЕМ НА ПРЕЖИВУВАЊЕ, СИТЕ СЕ УМОРНИ ОД ТАА ТРКА.**

Сега, секоја одлука што ќе ја донесе човекот ќе биде филтрирана преку ова проклетство на преживување, без оглед дали се работи за наоѓање или за собирање на провизија. Тука нема мир; секој ден е исполнет со макотрпна работа и пот. Единственото можно бегство од овој живот на преживување, оваа трка на стаорци како што ја нарекуваме денес, е на некој начин да складираме доволно снабдување за да можеме да престанеме да трчаме. Ова е сонот на секој маж и жена од Падот на човекот. Тоа е нивната цел број еден, да престанат да трчаат. Секој кој е доволно среќен

да има дополнителни резерви, сега ги собира со голема грижа и заштита. Тие се држат до тоа со голем страв да не го изгубат, зашто ако тоа се случи, ќе бидат принудени да влезат или одново да бидат заробени во трката на макотрпна работа и пот.

Сонот на секој човек, неговата главна цел за опстанок, како што реков, е некако да најде доволно снабдување за да може да престане да трча како роб да преживее и да најде одмор. Сакам да бидам сигурен дека имате јасно разбирање за овој факт: во проколнатиот земски систем на преживување, сите се уморни од таа трка.

Се сеќавам едно утро седев со еден пастор. Ми кажуваше дека ја сакал својата служба, секое утро се будел со радост сѐ додека не станал свесен за неговата финансиска состојба, неговите долгови, и немањето пари. Ми кажа дека неговите финансиски проблеми делувале на него како влажно ќебе кое се обидува да го задуши неговиот живот и да му ја украде сета радост во службата што ја вршел. Не се само пасторите тие кои се соочуваат со ваков вид на дисфункционалност. Ова е начин на живот за голем број семејства што живеат од плата до плата, и во долгови.

Сите бараат излез, а единствениот излез е богатството, имајќи повеќе од доволно. Под проколнатиот земски систем, идентитетот сега се одредува според она што го имате и парите што можете да ги заработите. Пред сѐ, човекот очајно се обидува да ја покрие својата голотија, загубата на неговата вистинска цел и идентитет за кои беше создаден, и наместо тоа се задоволува со фалсификат. Тој сега се обидува да го замени Божјото помазание, кое некогаш го покривало со таква слава, со богатство. Второ, тој исто така се обидува да ја замени неговата крунисана позиција на чест, од која владееше во Божјото Царство, со гордоста на животот и со владеење над другите. Човекот сега е конусмиран само од една работа – да најде или да собира, да трупа богатство. Неговиот идентитет сега е содржан во тоа со колку богатство располага и колкава моќ може да примени во однос на другите. Статусот и позицијата во општеството сега се од голема важност за самопочитта на паднатиот човек.

Размислете за тоа. Кое е првото прашање што луѓето најчесто

си го поставуваат еден на друг? „Што работите?“ или „Како заработувате за живот?“ Зошто? Дали сме навистина толку загрижени или заинтересирани? Не баш, но ова прашање го одредува нивото на нашата почит кон таа личност. Со други зборови, ние се прашуваме: „Кој е овој човек? Каква позиција или статус има тој во земното царство? Колкава почит и чест треба да му укажам?“ Сакам да им се обратам на жените, и да им кажам дека ова го зборувам од перспектива на маж. Свесен сум дека жените делуваат од сосема друга перспектива на идентитетот.

Овој проколнат земски систем е сѐ уште на сила и денес! Луѓето ги филтрираат сите свои одлуки преку филтерот на наоѓање или собирање пари. Луѓето се спремни да се преселат од една во друга држава во потрага по подобро платена работа без воопшто да размислат за тоа која е нивната вистинска цел во животот. Секој сака да биде рок ѕвезда. Зошто? Поради позицијата и богатството.

Неодамна беше спроведено истражување меѓу илјадници ученици во основно училиште за тоа со што би сакале да се занимаваат кога ќе пораснат. Шеесет и пет проценти од нив одговориле дека нивниот главен избор е да бидат познати и славни. Познати? Славни? Последниот пат кога проверив, да се биде познат и славен не беше занимање.

Друго истражување покажа дека 30% од работниците ги мразат своите работни места, додека друго покажа дека 40% од нив не ја сакаат својата работа. Значи, имаме 70% од работниците во САД, на кои не им се допаѓа тоа што го работат! Тогаш зошто се таму, на тоа работно место? Затоа што тие се робови на трката за преживување, трчаат макотрпно и со пот само за да опстанат. Целта и страста воопшто не се дел од мотивацијата за повеќето од овие работници; плаќањето на сметките е главната движечка сила, тоа е мотивацискиот фактор. Кога човек е заробен од потребата да најде пари остава многу малку простор за опции. Оној што плаќа најмногу победува секој пат. Тоа се нарекува трка на стаорци! Тоа е местото каде што јас и вие живееме. Претставете си ја сликата на хрчок кој трча најбрзо што може на тркалото, а всушност не оди никаде. Гледајќи го се смееме

и мислиме дека е сладок. Но, во реалниот свет, тоа воопшто не е симпатично. Луѓето умираат на тоа тркало никогаш не стигнувајќи таму каде што се надевале дека ќе завршат.

> *Па затоа и вие, не барајте што ќе јадете или што ќе пиете; и не се загрижувајте! Сето тоа го бараат незнабошците на овој свет; а вашиот Отец знае дека тоа ви е потребно. Но барајте го царството Божјо, и сето тоа ќе ви биде придодадено!*
>
> — Лука 12:29-31

Макотрпното трчање и пот е единствениот систем што го знаеме. Ако ви кажев дека треба да излезете од долгови, и навистина го мислам тоа , МОРАТЕ да излезете од долгови за 12 месеци или во спротивно целото ваше семејство ќе биде екстрадирано на Северниот Пол засекогаш (користам екстремен пример за да ја доловам поентата), што ќе направевте? Ќе ви кажам што ќе направите. Веднаш ќе формулирате план кој ќе вклучува побрзо трчање и повеќе пот. Ќе речете, „Во ред, би можел да работам со скратено работно време уште на неколку работни места. И сопругата ќе го направи истото, а и децата би можеле да помогнат“. Гледате, тоа е единствениот систем за снабдување, систем на макотрпна работа и пот. Дозволете ми да ви дадам уште една слика за овој систем.

Да претпоставиме дека трчам по вашата улица, и наоѓам кафеава хартиена ќеса на спротивната страна од улицата, со десет милиони долари во неа. Возбуден сум, но знам дека морам да ги пријавам парите. Бидејќи ве познавам, доаѓам до вашата куќа со молба да го користам вашиот телефон. Се јавувам во полициската станица додека вие стоите покрај мене и слушате. Им кажувам што се случило и што најдов. По кратка тишина, додека ги проверуваа своите извештаи, ми кажуваат дека немаат добиено никаква пријава за изгубени пари и дека можам да ги задржам. (Не мислам дека би добил таков одговор од полициските службеници, но оди во прилог на мојата илустрација.) Кога ми го

кажуваат тоа, почнувам да скокам и да викам од радост. Тогаш ви кажувам и вам што рекоа, сè уште избезумен од неверојатната вест.

Љубезно се насмевнувате додека ме гледате како се радувам и го слушате моето објаснување на целата приказна. Но, што мислите, како ќе реагирате таа вечер додека за време на вечерата ѝ ја раскажувавте истата приказна на вашата сопруга? Повторно со насмевка? Не мислам така. Попрво би рекле, „ТОА НЕ Е ____!“ Го пополнивте празното место, зарем не? Како знаевте дека зборот „ФЕР“ е точниот одговор? Ќе ви кажам како, затоа што така сте одгледани. Тоа е системот со кој пораснавте. Макотрпна работа и пот е начинот како се завршуваат работите.

Во мојот пример, најдов пари без притоа да вложам труд, но тоа се нарекува мамење на системот. И истото не е фер. Не е фер затоа што јас не работев за тие пари; едноставно ги најдов. Знаејќи дека вие сигурно никогаш нема да имате таква среќа, вие сте обземени со љубомора и горчина, знаејќи дека вашите денови сепак ќе бидат исполнети со принудно робување за да опстанете.

За споредба, ако дојдам во црквата еден ден со искината и валкана облека и им се обратам на луѓето со следните зборови: „Конечно успеавме! Дренда и јас работевме по 22 часа секој ден во последните десет години, и конечно успеавме да ја отплатиме куќата“, црквата ќе еруптира со аплауз и овации. Зошто? Затоа што некој го направил тоа, и тоа ве охрабрува. Некој тоа го постигнал; што значи има излез, има решение! Ако само ги стиснеме забите, ако издржиме, ако ја платиме цената, можеби и ние ќе бидеме слободни исто така. Но, зошто не наидов на истите овации и аплауз кога ги најдов парите покрај патот? И зошто беше лесно за вас да ја пополните реченицата со зборот што недостасуваше? Бидејќи така размислувате; тоа е она за што и вие сонувате. Фер плеј е она што го научивме во системот на макотрпна работа и пот. Да се дојде до пари без придружен труд, сметаме дека не е фер.

Од друга страна, бегството од системот на макотрпна работа и пот е сечиј сон. Да се стане богат, да се биде милијардер е извонредно привлечна мисла за повеќето луѓе. Да се поседуваат

милион долари, не е тоа што беше некогаш, но како бројка, сепак зборува за богатство. Богатството ја нуди можноста за слобода која е во контраст со секојдневната работа што поголемиот дел луѓе ја живеат. Сите се уморни од трчање, и поседувањето на еден милион долари би значело дека би можеле да престанат да трчаат и конечно да го прават тоа што сакале да го прават. Размислете за ова: Во што се состои привлечноста на лотаријата? СЛОБОДАТА! Слобода да се има избор, слобода на носење одлуки што не се вртат околу плаќањето сметки или заработување за живот.

Шоуто, *Кој сака да биде Милионер?*, е исклучително популарно. Привлечно е затоа што сите сонуваат за таа слобода. Додека го гледаат шоуто, луѓето емотивно се вклучуваат, бодрејќи го натпреварувачот и надевајќи се дека ќе заврши успешно на крајот.

Да ја смениме темата на кратко, крадењето во својата наједноставна дефиниција е исто така снабдување без макотрпна работа. Во изопачена смисла, нуди слобода од проколнатиот земски систем. Ајде да се согласиме тогаш дека сите сакаат да престанат да трчаат! Но, дали постои излез? Измамите со пари се со цел на полесен начин да се дојде до нешто. Добивам најмалку десет мејлови дневно од луѓе во странство што ми ја раскажуваат нивната тажна приказна за тоа како наследиле 20 милиони долари и сега треба некој да им помогне да ги стават парите на безбедно место. Тие ми нудат дури половина од наследството ако само се пријавам да ги земам нивните пари и да ги заштитам. Се разбира, тие ја бараат мојата адреса, како и да платам мала такса за обработка на податоците, за испорака, осигурување, како и да сакаат да ја наречат таксата што ја бараат, што ќе го ослободи наследството. Навистина? Дали изгледам како идиот?

Ми се јави еден клиент и бараше инвестициски совет. Му ги поставив вообичаените прашања, и дознав дека има околу пет милиони долари за инвестирање. Ми рече дека парите ги нема во моментот, туку дека треба да ги добие како наследство. Го прашав за колку време смета дека имотно-правните работи околу наследството ќе бидат завршени и тој рече за околу две недели.

Му се јавив по две недели и ми кажа дека процедурата ќе потрае малку подолго. Имаше проблем да го ослободи наследството од Европската банка што ги држеше парите. Тоа ми го привлече вниманието, и почнав да поставувам повеќе прашања. Приказната беше во тоа дека имал наводен вујко кој починал во Франција. Овој вујко му ги оставил овие пет милиони долари. Меѓутоа, за наследството да биде ослободено и пренесено на него, постоела даночна обврска што требало да се плати, во висина од 50 000 долари. Ми кажа дека сѐ уште се обидува да ги обезбеди тие пари и дека аплицирал за заем за станбен капитал во акции.

Го прашав дали има адвокат, и тој рече, „Да, адвокатот што ми се јави од Франција работи на постапката". „Значи, немате американски адвокат кој работи на случајот?", го прашав. „Не, го имам само оној што ми се јави од Франција", ми одговори тој. Продолжи да ми објаснува дека поради тоа што му било тешко да ги собере тие 50 000 долари, адвокатот во Франција му рекол дека тој ќе уплати половина од парите, а тој може да му ги врати штом ќе биде ослободено наследството. „Не", му реков, „ова е измама!" Иако тој никогаш порано не слушнал за овој наводен вујко, сепак веруваше дека сето ова е реално. Повторно му се јавив две недели подоцна, и тој ми кажа дека речиси ги собрал потребните пари со цел да ги прати на банката. Повторно го предупредив, „Тие веќе ги имаат петте милиони, ако навистина ги сакаат тие 50 000 долари данок, едноставно можат да ви испратат мејл или формулар да го потпишете и да го пратите назад со што ги овластувате да повлечат 50 000 долари од парите што веќе ги имаат". Но, тој не сакаше да ми верува и беше убеден дека тие му ја зборуваат вистината.

Минатата недела во црква, имав сличен случај. Еден млад човек ме прашуваше за совет за инвестиција на парите што требаше да ги добие како наследство од странство. Не му дозволив ниту да ја заврши реченицата. Му реков, „Знам, знам, тие сакаат да им испратиш некаков вид на хонорар, некаква такса за да ги пуштат парите, така?" „Па, да, од каде го знаете тоа?" Му го кажав истото, дека се работи за измама. Иако тој не го познаваше човекот кој наводно починал, и немаше свој адвокат во Америка, сепак се

обидуваше да ме увери дека наследството е вистинито. Зошто луѓето наседнуваат на вакви работи? Затоа што сакаат да бидат слободни! Тие не можат да се откажат од тоа, затоа што, во нивните умови, дури и да има една десетина од една милијарда шанса сето ова да е реално, тие тоа го сакаат.

Дозволете ми да ви дадам уште еден пример. Финансискиот бизнис што Дренда и јас го поседуваме ги покрива сите Соединети Држави. Тоа е одличен бизнис! Можностите што мојата компанија ги нуди се реални; имам вработени кои заработуваат стотици илјади долари годишно. Но, исто така има и многу што треба да се научи во мојот бизнис. Ракуваме со парите на луѓето. Постојат закони што мора да ги знаете, како и да се научат стратегиите за имотно планирање.

Пуштив реклама на локалната христијанска радио станица во Колумбус, Охајо, барајќи резимеа на потенцијални добри кандидати. Дојдоа околу педесетина. Наместо веднаш да направам интервју со секој од нив, решив да одржам сесија за ориентација во блискиот хотел што ќе ми даде прилика за првичен скрининг на кандидатите. Состанокот требаше да го опфати огромниот потенцијал што нашата компанија го има на пазарот, и како сме поставени не само да споделуваме како финансискиот свет функционира, туку и самите совети што ги даваме да произлезат од перспектива на Христијански светоглед. Зборувавме и за тоа како функционира компанијата во однос на процедурите, компензацијата, обуката и барањата за лиценцирање. Од искуство знаев дека многу од кандидатите ќе се повлечат кога ќе видат колку работа е потребно за да се заработат 200 000 долари годишно.

По состанокот, излегов во фоајето во хотелот и видов дека во големата главна сала имаше собрано повеќе од 1000 луѓе. Сите беа дојдени од истата причина. Популарна компанија на повеќе нивоа даваше презентација за приклучување кон нивната компанија. Но, зошто имаше толку многу луѓе во споредба со педесетте во мојата сала? Едноставен одговор – пари! За жал, и тоа всушност не го кажуваше компанијата, но перцепцијата беше дека, „Ако успеам да влезам, тогаш ќе можам да упатам три луѓе, и

**БЕЗ РЕШАВАЊЕ НА ПРАШАЊЕТО СО ПАРИТЕ, ЌЕ БИДЕТЕ ПРИНУДЕНИ ДО КРАЈОТ НА ВАШИОТ ЖИВОТ ДА ТРЧАТЕ ПОД МЕНТАЛИТЕТОТ НА ПРЕЖИВУВАЊЕ СВОЈСТВЕН ЗА ПРОКОЛНАТИОТ ЗЕМСКИ СИСТЕМ.**

бум, ќе станам милионер“. Јас сум доволно долго во овој бизнис да знам дека секој што заработува големи суми во бизниси на повеќе нивоа, работи напорно! Да, потенцијалот е таму, но повторно сакам да нагласам дека перцепцијата се лесно заработени пари и со оглед на големиот број заинтересирани кандидати, размислувањето оди во следната насока, „Ако ја испуштам оваа можност, ќе пропуштам животна прилика!“ Ве молам да не ме сфатите погрешно. Имам многу добри пријатели кои заработија милиони од ваков вид компании, и постојат одлични бизниси со повеќе нивоа на маркетинг стратегии. Јас едноставно го посочувам менталниот склоп на просечен мрежен маркетинг – MLM. (Бизниси кои вклучуваат продажба на производи на семејството и пријателите и регрутирање други луѓе да го прават истото се нарекуваат маркетинг на повеќе нивоа (MLM), мрежен маркетинг или директен маркетинг бизниси.) Продажбата на лесно заработени пари е еднакво на големи суми во проколнатиот земски систем на опстанок.

Ако за момент размислите и се запрашате себеси колку размислувате за парите, без разлика дали се работи за стекнување на пари или за заштита на она што веќе го имате, ќе се изненадите. Ќе го кажам ова уште еднаш за да ја сфатите поентата: сите сакаат да престанат да трчаат, и се уморни да живеат само за да опстанат! Привлечноста на викендот е престанок со трката. Привлечноста на одморот е престанок со трката. Привлечноста на пензионирањето е што конечно можеме да престанеме да

трчаме и да го правиме она што сакавме да го правиме. Не ме сфаќајте погрешно. Светогледот на повеќето луѓе за животот не е дека сакаат само да седат и да не прават ништо. И јас не велам дека тоа е Божја волја за вас. Не, ние сме создадени да бидеме активни во нашата задача, во нашата уникатна создадена цел. За жал, повеќето луѓе се премногу зафатени трчајќи ја трката само за да преживеат, што тие одамна се откажале од своите соништа.

Сигурен сум дека сте слушнале некој да го каже ова, или можеби вие самите сте го кажале: „Морам да одам на работа денес“. Па, како што веројатно веќе сте откриле, на луѓето не им оди толку добро емотивно, кога „мора“ да одат на работа. Меѓутоа, тие цветаат кога сакаат и одат на работа со страст и ревност за она што го работат. Обично, тоа не е случај во животите на голем број луѓе. Наместо тоа, тие сè уште велат, „Морам да одам на работа денес“. Уште еден ден на заработување, уште еден ден во канцеларија, уште еден ден на преживување и едвај поминување низ денот. Повеќето луѓе започнуваат добро во животот, полни со ентузијазам. Работата која се нафатиле да ја работат беше привремена, колку да се платат сметките, додека не решат некои работи или не најдат подобро вработување. Но, она што тие го откриваат е дека животот станал замаглен, и некаде во нивните четириесетти години, сфаќаат дека нема излез надвор. Тоа се нарекува средовечна криза, и за прв пат тие сфаќаат дека се заробени, фатени во стапица.

Пријатели мои, ова не е животот како што Бог го дизајнирал да се живее. Но вие веќе го знаете тоа. Но, токму избегнувањето на оваа бедна иднина е причината зошто Дренда и јас со години зборуваме дека ако не го решите проблемот со парите, вие никогаш нема да ја откриете целта за која сте создадени, уникатната цел за вашиот живот. Без решавање на прашањето со парите, ќе бидете принудени до крајот на вашиот живот да трчате под менталитетот на преживување својствен за проколнатиот земски систем.

## Ако не го решите проблемот со парите вие никогаш нема да ја откриете целта за која сте создадени!

За споредба, ајде да зборуваме за тоа како би можел да изгледа вашиот живот. Да го земеме предвид вашето хоби. Да речеме дека тоа е голф. Дали некогаш сте слушнале некој да каже, „Ох, морам да одам да играм голф денес“? Или дали сте слушнале некој да каже, „Оф не, петок навечер е; ги мразам овие петочни вечери. Посакувам да беше понеделник наутро па да се вратам на работа“? Или да речеме дека вашето хоби е риболовот. Дали некогаш би ве слушнал како велите: „Морам да одам на риболов денес?“ Не, се сомневам дека би го слушнал тоа од вас затоа што имате пасија за тоа хоби. Што би се случило кога би го живееле својот живот со истиот вид на страст и ревност за она што го работите, и би можеле да се фокусирате на вашата страст и да го најдете вашето слатко место во животот, наместо местото на пот? Што ако ги имате потребните пари за да се грижите за вашето семејство и живеевте живот без финансиски стрес? Дали навистина постои начин да се постигне тоа? Дренда и јас дознавме дека постои!

> *Благословот Господов – збогатува, и не донесува со себеси тага.*
>
> — Изреки 10:22

Осврнете се долго и длабоко на овој стих. На Хебрејски стихот буквално значи богатство без придружен макотрпен труд. Дали го согледувате тоа? Божјото Царство обезбедува излез надвор од болниот систем на макотрпен труд и пот што ни го остави Адам. Дали овој стих навистина го мисли она што го кажува? Ќе се согласите дека ако е така, тогаш вие штотуку ја прочитавте најдобрата вест што се ја слушнале подолго време. Токму така! Ова е причината зошто Исаија во 61 поглавје, пророчки зборувајќи за Исус и што ќе направи Тој во Неговата служба, вели:

> *Духот на Господ Бог е врз Мене, зашто Господ Ме помаза за да им благовестувам на бедните.*
>
> — Исаија 61:1

Која е добрата вест за личност која е зарабена во животен стил на преживување на проколнатиот земски систем? Финансиска слобода, се разбира! Исус буквално вели дека Божјото Царство обезбедува надвор од ограничувањата на проколнатиот земски систем кој се состои во макотрпно трчање и пот. Ајде да бидеме реални. Можете да трчате само толку брзо, и повеќето луѓе, трчаат прилично напорно и сепак откриваат дека не е доволно брзо за да се ослободат.

Трчав најбрзо што можев тие девет години кога јас и Дренда бевме во големи долгови. Безбројните стотици илијади клиенти што поминале низ нашата фирма во текот на последните 27 години, исто така трчаа најбрзо што можеа. Сепак, и покрај нивната трудољубивост, тие сè уште беа заробени во животот на финансиско ропство. Сите тие ни се јавија затоа што имаа застрашувачко сознание за безнадежноста на нивната финансиска состојба, додека нивните соништа за финансиска независност изгледаа тешко остварливи, а нивната визија беше заменета со преживување. Ајде заедно да го анализираме зборот провизија.

Провизија е про-визија.

Без провизија не може да се има визија, бидејќи без провизија, обезбедувањето на истата станува и е ваша визија. Повторно сакам да кажам дека вака живеат повеќето луѓе – живот без визија. Ова само по себе е ропство во најизмамлива форма.

СЕДМО ПОГЛАВЈЕ

# ВРАТАТА

Ајде да го разгледаме накратко она што досега го научивме за Божјото Царство. Прво, научивме дека човекот беше поставен на Земјата во позиција да владее над неа. Видовме во Посланието до Евреите 2:7-8, дека немаше ништо на Земјата што не му беше подложно на човекот. Поради ова, откривме дека човекот е клучот или вратата на земното царство. Сатаната го знаеше ова, и тоа беше причината зошто ги таргетира Адам и Ева во неговиот план да стекне власт над Земјата. Кога Адам и Ева подлегнаа на неговата измама, тие згрешија и со тоа ја прекинаа власта на Божјиот законски авторитет што беше воспоставен над нивните животи. Божјиот Дух, Кој ги покриваше во создавањето, сега мораше да се повлече. Тие се најдоа голи, не само физички, туку и духовно. Можам да го замислам шокот со кој се соочија кога Божјиот Дух се подигнал од нив. Библијата вели дека тие веднаш исплетоа лисја од смокви за да се покријат, зашто разбраа дека се голи.

Иако човекот сѐ уште имаше позиција да владее со Земјата, која му беше дадена при создавањето, тој сега ги загуби авторитетот и моќта духовно да владее со земното царство. Бидејќи избрал да се побуни против Бога и избрал да верува и да се усогласи со сатаната наместо со Бога, човекот потпадна под власта на сатаната, и следствено под истиот суд под која се најде сатаната (Луцифер) кога бил исфрлен од небото. Тој суд беше место

наречено пекол, место на мака и вечна одвоеност од присуството на Бог. Мора да истакнам дека пеколот никогаш не бил создаден за човекот или со помисла на човекот. Никогаш не била Божја намера некој човек некогаш да заврши таму.

> *Тогаш ќе им каже и на оние што се од левата страна: „Бегајте од Мене проклети, во вечен оган, приготвен за ѓаволот и неговите ангели!“*
> — Матеј 25:41

За да го спаси човекот од оваа судбина, Бог ќе треба повторно да го воспостави авторитетот на Неговата власт на Земјата. Тој ќе мора да најде начин да ги поврати авторитетот и власта што сега сатаната ги има. Постоеше само еден начин како тоа можеше да се случи. Некој, што не е виновен за грев мора доброволно да се пријави на местото на Адам и да ја преземе на себе смртната казна. Но, постоеше мал проблем за тој план воопшто да биде возможен. Секој човек на Земјата, како наследник на Адам, бил извалкан од гревот што од старт го елиминира да го носи Духот Божји и Неговиот авторитет. Но, Бог имал план како да се надмине овој проблем. Неговиот план бараше Неговите праведни барања и Неговиот закон да бидат запишани и воспоставени во земното царство, со што човекот што живее во земното царство би можел да биде прогласен за невин според истиот тој закон, доколку тоа е можно. И само тогаш тој човек може законски да волонтира да застане на местото на Адам, преземајќи ја на себе осудата и казната изречена врз Адам.

Но, постоеше вистински проблем со овој концепт бидејќи човекот кој би се нафатил на ваква жртва не можеше да биде потомок на Адам, бидејќи таа лоза беше извалкана и отсечена од Божјото присуство. Тогаш како е возможен овој план на спасување? За ова да биде возможно, Бог ќе мора да постави човек на Земјата кој не потекнува од лозата на Адам, човек кој би бил подготвен да се жртвува себе самиот во името на човекот. Но, земното царство му е дадено на Адам и на неговите наследници, што значи под тој правен статус, оваа постапка би била исто така

нелегална. Постоеше само еден начин да се спроведе ова, само еден единствен начин. Тој човек мора да се роди овде, на Земјата, но да не биде од лозата на Адам.

На прв поглед, може да се согласите, дека и ова, исто така, би било невозможно. Но, технички, постоеше начин. Бог легално би можел да стави машко семе во жена на Земјата, само ако Тој може да најде маж кој ќе Му верува на Бог по ова прашање со што ќе Му даде на Бог правна надлежност да го направи тоа. Запомнете, човекот го држеше клучот од земното царство. Сатаната го употреби истиот клуч за да добие пристап до тоа царство и да ја украде духовната позиција на авторитет што Адам ја имаше. За Божјиот план да успее и за да му ја докаже законитоста на тој план во земното царство на сатаната, кој со сигурност би се обидел да најде некаков прекршок во планот, Бог ќе треба да најде маж и жена што ќе Му веруваат за дете во ситуација кога е целосно и крајно невозможно за нив воопшто некогаш да имаат дете. Тие ќе мора да Му веруваат на Бог да го направи невозможното.

Раѓањето на тоа дете, исто така, ќе биде проследено со ветување за неговата судбина, дека преку неговата линија ќе бидат благословени сите народи, и преку таа лоза Бог ќе има законска надлежност да Го донесе Исус на овој свет. Ако само постои брачен пар кој ќе Му верува на Бог да го направи тоа, да зачне дете во мртва утроба, верувајќи при тоа дека преку тоа дете секој народ ќе биде благословен и дека неговото раѓање ќе им даде многу повеќе наследници од песокот на морскиот брег, тогаш Бог ќе ја има на своја страна законитоста што Му беше потребна за подоцна да го стави Неговото семе во Марија, мајката на Исус. Но, дали Бог може да најде таков човек? Неговото име е Авраам, таткото на нашата вера.

> *Авраам без никаква основа за надеж, поверува со надеж дека ќе стане татко на многу народи, според реченото: „Такво ќе биде твоето потомство“. И откако не ослабна верата негова, тој не помисли дека телото*

> *негово е веќе безживотно, зашто беше речиси стогодишен, и дека утробата Сарина е речиси безживотна: и во ветувањето Божјо не се посомнева со неверие, туку остана со цврста вера и Го прослави Бога, наполно уверен дека Тој е силен да го изврши она што го ветил.*
>
> — Римјаните 4:18-21

Авраам и Сара Му поверуваа на Бог и им се роди Исак кога беа многу стари и неспособни да имаат деца. Бидејќи Авраам беше тој што Му веруваше на Бог, ветувањето можеше да дојде само низ вратата што Авраам ја отвори. Исус ќе мора да дојде преку лозата на Авраам. Дозволете ми да го разјаснам ова. За Бог да Го донесе Исус на овој свет, Тој мораше да дојде преку лозата на Авраам. Мораше! Доаѓањето преку Авраам беше единствениот начин на кој ова ќе биде легално. Затоа, ако го погледнете првото поглавје од Матеј, ќе наидете на здодевен список на родословие кој кого родил. Ова поглавје е прво поглавје со причина. Го потврдува фактот дека овде во земното царство Исус бил потомок на Авраам. Ова мораше да биде заведено тука на Земјата каде што сатаната се повикува на неговата законска власт и авторитет. Ако овој список не е точен или Исус всушност не дошол преку линијата на Авраам, тогаш сатаната би можел да тврди дека раѓањето и животот на Исус биле измама и дека Тој не е квалификуван да ја плати цената за нашиот грев.

**ТИЕ СЕГА ЧЕКОРЕА НАД ПРОКЛЕТСТВОТО НА БОЛНАТА МАКА И ПОТ САМО ЗА ДА ПРЕЖИВЕАТ.**

Ако се сеќавате, Израел имаше многу закони кои забрануваат брак надвор од нивната нација. Стапувањето во брак со некој што не е припадник на нивниот народ беше казниво со смрт. Сега знаете зошто таа лоза мораше да остане чиста и зошто толку внимателно се грижеа да го запазат тоа. Да, ќе најдете исклучоци

за жени надвор од нацијата Израел на кои им беше дозволено да се омажат за Израелец, како на пример Раав, која живееше во градот Ерихон и ги сокри извидниците што беа испратени да ја извидат земјата. Да, таа е наведена во родословието во првото поглавје од Матеј бидејќи се омажила за Израелец. Но, треба да разберете дека во Еврејската култура мажот е тој што ја носи лозата.

Дозволете ми малку да скршнам од темата. Постои голема дискусија за тоа колку долго време е човекот на Земјата. Дали постои начин навистина да се знае одговорот? Да! Можам да ве уверам во овој факт. Листата во првото поглавје од Матеј мора да биде точна. Не смее никој да биде изоставен или да недостасува  во спротивно јас и вие не би го имале спасението во кое моментално уживаме. Сатаната би тврдел дека е направен прекршок. Тој список мора да биде совршен! Така, врз основа на тоа, можете да направите груба проценка на вкупното време на човекот на Земјата. Сметав дека ќе биде интересно да го споменам ова.

> *„А од тебе ќе направам голем народ, и ќе те благословам, и името твое ќе го прославам и ти ќе бидеш благословен. Ќе ги благословам оние, што тебе ќе те благословуваат, и ќе ги проколнам оние, што тебе ќе те проколнуваат <u>и преку тебе ќе бидат благословени сите народи на земјата</u>.“*
>
> — Создавање 12:2-3

Како што можете да видите во овој стих, оваа врата во земното царство што ја воспостави Авраам е легалната врата низ која подоцна Исус Христос ќе помине и ќе ги благослови сите народи на земјата. Иако Авраам и неговите потомци Му дадоа на Бог законска оправданост и надлежност, кои беа потребни за повторно да се донесат моќта и влијанието на Неговата власт на Земјата, сепак човекот сѐ уште беше заробен под тежината на гревот и духовно мртов сѐ додека не се исполни времето Бог да Го

прати Исус на овој свет, каде што Тој ќе ја плати цената за гревот на Адам. Но, конкретно во однос на провизијата, сега гледаме дека Авраам и неговите наследници, оние што го носеа знакот на обрезанието на своето тело, напредуваа. Тие сега чекореа над проклетството на болната мака и пот само за да преживеат.

> *А Авраам беше многу богат со добиток, со сребро и со злато.*
>
> — Создавање 13:2

Во овој стих гледаме голема промена што овој завет ја донел во однос на снабдувањето. Дали можете да видите нешто поразлично од тоа што Бог му го кажал на Авраам во споредба со она што Тој му го рекол на Адам во Создавање 3:17? Не заборавајте, откако Адам згреши, Бог му кажа дека сега ќе преживува преку сопствената мака и пот. Но, сега во однос на Авраам, гледаме разлика. Бог вели, „Јас ќе те направам!“ Не вели дека Авраам беше препуштен на сопствената способност да се поти со мачен труд. Писмото вели дека сега е вклучен Бог. Бог рече, „Јас ќе те направам!“ Дали го гледаме Авраам како едвај преживува во животот после овие случувања? Едвај!

**И ГОСПОД ЌЕ ТИ ГО ОТВОРИ ДОБРОТО СВОЕ СКРОВИШТЕ - НЕБОТО, ЗА ДА ДАВА ТОА НА ВРЕМЕ ДОЖД НА ЗЕМЈАТА ТВОЈА И ДА ГИ БЛАГОСЛОВУВА СИТЕ РАБОТИ НА РАЦЕТЕ ТВОИ.**

**- ПОВТОРЕНИ ЗАКОНИ 28:12**

Авраам беше богат! Неговите деца беа богати. Авраам живеел надвор од проклетството на земскиот систем. Тој имаше повеќе од доволно! На луѓето не им требаше долго време да ја увидат разликата. Разлика која продолжи генерациски низ неговата

лоза. Всушност, неколку генерации по Авраам, неговиот внук Јаков работеше за Лаван, тестот на Јаков. Лаван го виде благословот што беше над Јаков и се обидел да го измами со цел да го попречи неговиот напредок. Но Бог го сврте неговиот план да му го украде благословот на Јаков на негова штета и покрај сѐ го благослови Јаков со големо богатство. Она што сакам да го кажам е дека иако луѓето се обидуваа да го запрат овој благослов, не можеа. Сѐ додека наследниците беа верни на заветот и Му се поклонуваа на Бога, Бог им даваше да напредуваат.

Размислете за импликациите на она што го кажувам! Добивам секакви писма и мејлови од луѓе што ми кажуваат дека премногу зборувам за пари. Тие ми велат дека просперитетот не е Божја волја. Нагласуваат дека сите ние треба да трпиме и да страдаме во животот плаќајќи голема цена за да Му служиме на Бог. Можам да се согласам со дел од нивната изјава. Исус навистина рече во Евангелието по Марко 10:30, дека нашиот напредок ќе предизвика да бидеме прогонувани. За жал, многу Христијани веруваат дека Бог е тежок надзорник, и дека ние треба да живееме живот на преживување, да се заветиме на сиромаштија и да страдаме во болести и немоќ. Не, тоа е земското проклетство, а не благослов! Бог сака да ги воспостави вашите финансии.

## Бог сака да те воспостави!

Без вашите финансии да бидат сигурни и воспоставени, вие сте принудени да живеете во режим на преживување цел живот, не можејќи да ја исполните вашата духовна задача, во суштина живеејќи живот на ропство. Погледнете што им рекол Бог на потомците на Авраам во Повторени закони 28:8-13:

> *„Господ ќе ти испрати благослови на твоите житници и на секоја работа на твоите раце; и на земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава. Господ ќе те постави за Свој свет народ, како што ти се беше заколнал на тебе, ако ги извршуваш заповедите на Господ, твојот*

> *Бог, и одиш по патиштата Негови. И тогаш ќе видат сите народи на земјата дека името на Господ, ти е дадено на тебе, и ќе се уплшат од тебе. И Господ, ќе ти даде изобилство во сите блага, во плодот на твојата утроба, во плодот на добитокот твој и во плодот на нивите твои на земјата, за која Господ им се беше заколнал на твоите предци дека ќе ти ја даде.*
>
> *И Господ ќе ти го отвори доброто Свое сокровиште - небото, за да дава тоа на време дожд на земјата твоја и да ги благословува сите работи на рацете твои; и ќе им даваш на заем на многу народи, а ти самиот нема да земаш на заем. Господ ќе те направи глава, а не опашка.“*

Забележете дека во оваа нова земја тие сѐ уште не се поставени иако го имаа ветувањето. Но Мојсеј им вели дека Бог ќе ги постави! За да разбереме како тоа може да изгледа и што всушност Бог се обидува да им каже, помислете на даб. Кога е садница, не е поставен. СЕКОЈ може да го премести кога и каде сака. Но, кога тој даб ќе порасне и созрее, никој не може да го помести тоа дрво. Тоа е воспоставено.

> *„Господ ќе ти испрати благослови на твоите житници и на секоја работа на твоите раце; и на земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава. <u>Господ ќе те постави</u>…“*
>
> — Повторени закони 28:8-9

Значи, како изгледа да се биде финансиски воспоставен? Бог ни кажува токму овде во стиховите 12 и 13:

> *… и ќе им даваш на заем на многу народи, а*

*ти самиот нема да земаш на заем. Господ ќе те направи глава, а не опашка…*

Бог вели дека ќе ги благослови толку многу што тие ќе бидат заемодавачи, и никогаш повеќе нема да позајмуваат. Тие ќе бидат главата, а не опашката. Опашката нема удел во тоа каде сака да оди, оди таму каде што главата ја води.

*Богатиот господари над сиромавиот, и должникот станува роб на заемодавецот.*
— Изреки 22:7

Оној кој зема заем не е воспоставен. Тој е препуштен на милост и немилост на заемодавачот, работејќи како роб, без слобода. Но Бог вели, „НЕ! Јас ќе те воспоставам! Никој не може да ви каже да го напуштите вашиот дом затоа што ќе биде платен. Никој не може да ви ја заплени колата затоа што ќе биде платена. Вашата кујна ќе биде полна со намирници, и вие ќе чекорите по сопствено платено земјиште, исполнувајќи ја својата задача од Бог во совршен финансиски мир. Вие ќе бидете поставени!“

## Бог сака да напредуваш!

ОСМО ПОГЛАВЈЕ

# МОЌТА НА ВЕРНОСТА

Она што ќе го прочитате е моќен принцип на Царството, толку многу што сметав дека заслужи да се најде како поднаслов на оваа книга. Го наоѓаме овој принцип во приказната за животот на Јосиф, правнукот на Авраам. Да ви дадам краток преглед на приказната, Јосиф беше намразен од неговите браќа, и тие сакаа да се ослободат од него. Всушност, тие сакаа да го убијат, но еден од браќата не сакаше да оди толку далеку; па наместо тоа, го продадоа на еден патувачки караван трговци, кои го однесоа во Египет каде што беше продаден на Потифар, заповедник на стражата на фараонот.

> *А Јосиф го одведоа во Египет. И Потифар, дворјанинот фараонов, заповедник на стражата, Египќанец, го купи од Јишмаелците, кои го доведоа таму. И Господ беше со Јосиф, та затоа беше среќен, и живееше во куќата од господарот свој, Египќанецот. И господарот негов виде дека е Господ со него и дека сѐ што работеше тој, Господ правеше да успева во рацете негови. И Јосиф се здоби со милост кај него, и му служеше. Тој го постави над целиот свој дом, и сѐ што имаше, го предаде во рацете*

*негови.*

> *А кога го постави над домот свој и над сѐ што имаше, оттогаш Господ го благослови домот на Египќанецот заради Јосиф; и благословот Господов беше над сѐ, што имаше во домот свој и во полето. И остави во Јосифовите раце сѐ што имаше, и не се грижеше веќе за друго, освен за лебот што го јадеше.*
>
> — Создавање 39:1-6

Обрнете внимание на вториот стих: *„И Господ беше со Јосиф, та затоа беше среќен (напредуваше).“* Што значи тоа? Зар Бог не е со сите? Во контекст на она што го дискутиравме во претходните поглавја во однос на лозата, одговорот е не. Запомнете, верата на Авраам и заветот што следеше му дадоа на Бог законски пристап само до Авраам и неговите наследници. Значи, кога зборуваме дека Бог е со сите, не треба да се помеша со тоа дека Бог ги сака сите; да, Тој ги сака. Но за оние кои немаат законски статус пред Бог, Неговите раце се врзани.

> *Затоа, помнете... дека во она време бевте без Христос, отстранети од општеството на Израел, без право на учество во заветите на ветеното, без надеж и безбожници во светот; но сега, во Христос Исус, вие, кои некогаш бевте далеку, станавте блиски преку крвта Христова.*
>
> — Ефесјаните 2:12-13

Забележете дека овој стих зборува за тоа да се биде без завет, што само по себе значи дека Бог и Неговата моќ се законски отсечени од некоја личност. Зошто? Затоа што Бог нема законитост или надлежност во земното царство без легален, правен договор, законска согласност, воспоставен завет, со маж или жена на Земјата. Стихот јасно го истакнува ова кога

**БОГ НЕМА ЗАКОНИТОСТ ИЛИ НАДЛЕЖНОСТ ВО ЗЕМНОТО ЦАРСТВО, БЕЗ ЛЕГАЛЕН, ПРАВЕН ДОГОВОР, ЗАКОНСКА СОГЛАСНОСТ, ВОСПОСТАВЕН ЗАВЕТ, СО МАЖ ИЛИ ЖЕНА НА ЗЕМЈАТА.**

вели дека без завет, луѓето се без надеж и без Бог во светот. Запомнете, бидејќи Исус воспостави нов завет за нас, ние сега сме членови на Божјото сопствено домаќинство и граѓани на Неговото Големо Царство (Ефесјаните 2:19). Така, сега гледајќи station наназад на нашиот стих во Создавање 39, разбираме дека фразата, *„Господ беше со Јосиф“*, е во легален контекст, Бог имал законско влијание во животот на Јосиф преку заветот што неговиот прадедо Авраам го воспоставил со Бог. Овој правен завет, што ги дозволува Божјиот благослов и влијание, го надвладеа земскиот систем на мака, труд и пот. За Бог беше сосема законски оправдано да го благослови Јосиф.

Сетете се, што Бог му рече на Авраам, *„Јас ќе те направам“*. Бидејќи Бог беше со Јосиф, помагајќи му во животот, тој имал успех во сѐ што правел, толку многу што неговиот незнабожечки господар, Потифар, видел огромна разлика во способноста на Јосиф во споредба со она што го видел кај други мажи. Овде треба да напоменам дека кога напредуваме со Божја помош, луѓето што живеат под проколнатиот земски систем на опстанок ја забележуваат разликата! Потифар бил толку импресиониран што го поставил Јосиф да раководи со целиот свој имот.

Во овој пасус од стихови се откриени многу принципи на Царството, но главниот клуч е откриен овде. Јас го нарекувам, „Моќта на верноста“, или можете да го наречете, „Принципот на Потифар“. Се наоѓа во Создавање 39:5:

*А кога го постави над домот свој и над сѐ*

> *што имаше, оттогаш Господ го благослови домот на Египќанецот заради Јосиф; и благословот Господов беше над сѐ, што имаше во домот свој и во полето.*

Сакам да добиете јасна слика за тоа што се случува тука. Еден ден Јосиф не беше главен, а веќе следниот е. Библија го забележува тој момент во времето кога настапила таа промена. Благословот Господов беше над сѐ што Потифар имаше, на целиот негов имот! Но, тој не го познаваше Богот на Јосиф и не беше дел од нацијата Израел. Па, како тогаш може да се случи ова, и што значи тоа? Еве го одговорот. Кога Потифар го ставил својот имот под власта и авторитетот на Јосиф, без да го знае тоа, неговиот имот потпадна под заветот што Јосиф го имаше со Бог.

**Сѐ што Потифар имаше, целиот негов имот, променија царства!**

**БЕШЕ НАРЕЧЕН САБАТ (САБОТЕН ДЕН), СЛИКА НА ДЕНОТ КОГА ЧОВЕК ПОВЕЌЕ НЕМА ДА МОРА ДА СЕ МАЧИ СО МАКОТРПНА РАБОТА И ПОТ САМО ЗА ДА ПРЕЖИВЕЕ.**

Видете, имотот на Потифар сѐ уште беше легално поврзан за проколнатиот земски систем, сѐ додека не се најде под грижата на Јосиф. Кога Потифар го ставил својот имот под надлежност на авторитетот на Јосиф, тој не сфатил дека исто така го става под влијание на благословот на Бога. Библијата понатаму вели дека откако Јосиф бил назначен за главен, Потифар не морал да се грижи за ништо друго освен за храната што ја јадел. Немаше никакви грижи! Без грижи, Потифар единствено требаше да се фокусира

на својата задача и цел како заповедник на египетската стража. Толку многу работи се содржани овде, но она што го доживеа Потифар, без да знае за тоа, беше она што Посланието до Евреите, четвртото поглавје го нарекува саботен одмор, и да, истиот е достапен и за Новозаветните верници.

Ако го проучувате Саботниот ден (Сабат), ќе откриете дека Бог не им дозволил на Израелците да вршат било каква работа тој ден, никаква макотрпна работа и пот не биле застапени тој ден. Сабатот, се разбира, беше седмиот дел во неделата и кореспондираше со седмиот ден од создавањето. Ќе се сетите дека седмиот ден од создавањето Бог го прогласи за ден на одмор. Не поради тоа што Бог беше уморен, попрво, поради тоа што Тој го заврши создавањето. Сѐ беше комплетирано. Седмиот ден беше ден во кој човекот првично беше замислен да живее, ден без грижа, со претходно обезбедено сѐ што му требаше на човекот. Но, се разбира, познато ни е дека Адам го загуби тој одмор кога се побуни против Бог. Бунтувајќи се против Бог, Адам ја прекина Божјата способност да се грижи за него. Со тоа, тој го загуби тоа место на снабдување што Бог претходно го обезбеди. Адам сега беше принуден самиот да се грижи за себе, трошејќи го целото свое време работејќи макотрпно со сопствената пот само да преживее.

Но Бог не го остави човекот без надеж. Тој му даде на човекот слика на одморот што еден ден Тој ќе го обнови. Беше наречен, Саботен ден (Сабат), слика на денот кога човек повеќе нема да мора да се мачи со макотрпна работа и пот само за да преживее. Кога Потифар зачекори во Господовиот благослов што Јосиф го носеше преку тој завет, тој влезе во Божјата способност да обезбеди преку Јосиф, и најде одмор. Сѐ беше згрижено; тој немаше никакви грижи.

*И остави во Јосифовите раце сѐ што имаше, и не се грижеше веќе за друго, освен за лебот што го јадеше.*

— Создавање 39:6

За да го разберете значењето на Сабатот и што Бог му покажува на човекот преку тој ден, треба да поставите едноставно прашање. Како беше возможна Саботната починка? Под проколнатиот земски систем, човекот буквално секој ден се трудеше да преживее. Ако тоа е вистина, тогаш како човекот можеше да си дозволи да не работи во Саботен ден? Како му беа пресретнати потребите за тој ден ако не можеше да работи? Тоа е добро прашање и на кое мора да се одговори, и во одговорот го наоѓаме целото откровение за „благословот Господов" во кој влезе Јосиф.

Одлична илустрација за овој принцип се наоѓа во Левитска, поглавје 25, каде Бог ѝ ја објаснува Јубилејната година на нацијата Израел. Информативно, Јубилејната година се случуваше на секои педесет години, и истата има многу голема значење во кое нема да навлегувам сега. Сепак, делот што сакам да го разберете е дека сега тие не можеа да го посеат својот род таа година. Всушност, тие не можеа да сеат ниту во четириесет и деветтата година бидејќи беше Саботна година, година на одмор за земјата. Сакам да добиете јасна слика за тоа што се случува овде: на Израел му беше кажано дека не можат да ги посеат своите култури ниту во четириесет и деветтата, ниту во педесеттата година. Тие ќе треба да чекаат до крајот на педесет и првата година, за да созрее за жетва посеаното. Значи, во основа, Бог им рекол дека ќе имаат тригодишен временски период без жетва. Ако ви кажев дека нема да добивате плата три години, верувам ќе бидете загрижени. Па, Израел беше загрижен. Природно, тоа не беше можно. Но Бог им покажуваше нешто.

> *„Ако кажете: што ќе јадеме во седмата година, кога не сме поселе ништо, не сме собрале производи наши, Јас ќе испратам благослов Мој во шестата година, и таа ќе даде плод за три години; а во осмата година ќе сеете, но ќе јадете од старите производи до деветтата година; и додека не узреат плодовите нејзини, ќе јадете од старото."*

— Левитска 25:20-22

Саботната починка била овозможена само затоа што Бог го благословил шестиот ден со двојна порција (дупла провизија), или повеќе од доволно. Дозволете таа изјава да се задржи малку во вашиот ум. Зарем тоа не е она по што секој маж и жена копнеат, да имаат повеќе од доволно? Кога Бог му дал на човекот двојно снабдување (двојна порција) на шестиот ден, Тој го потсетил човекот дека Тој е негов снабдител, и дека Тој секогаш снабдува повеќе од доволно. Да бидеме искрени; кога имаме повеќе од доволно, тоа нѐ ослободува од трката за преживување. Нѐ изведува од ропство нудејќи ни можност на избор. Најважното, нѐ ослободува да ги пронајдеме нашите цел и пасија, како и да напредуваме во нив. Тоа е она во што Потифар уживаше. Без грижи. Секоја потреба што ја имаше беше згрижена. Единственото нешто на кое мораше да се фокусира беше неговата цел. Повторно, како што јас и Дренда рековме: „Сѐ додека не го решите проблемот со парите, никогаш нема да можете да ја пронајдете вашат цел“. Но, има одлична вест! Саботниот одмор е сѐ уште достапен денес, и ни нуди место каде што нашите потреби се пресретнати и можеме да напредуваме подалеку од режимот на опстанок.

*Но, за народот Божји сѐ уште останува саботната починка. Зашто, кој ќе влезе во спокојот Негов, тој ќе се одмара од делата свои (макотрпната работа и пот, системот на преживување), како и Бог од своите.*

Божјото Царство го замени законот на земното царство на макотрпна работа и пот за Потифар, и истото ќе го направи и за вас. Додека учиме како да зачекориме во Божјото Царство, ние можеме да напредуваме и ќе ја најдеме нашата цел. Животот може да биде навистина забавен, полн со пасија и радост!

*Благословот Господов збогатува – и не*

*донесува со себеси тага.*

— Изреки 10:22

Благословот Господов збогатува – и не донесува со себеси тага. Бог не му додава макотрпна работа!!! Можеме да живееме над макотрпниот систем на труд и пот од Создавање 3:17. Живеев под тој стар систем на опстанок многу години, сè додека не научив како функционира Божјото Царство. Вие можете, исто така, да го научите тоа. Бог е со вас! Тој ќе ви помогне! Можете да напредувате. Не, дозволете ми да го преформулирам ова: Вие треба да напредувате. Луѓето кои не Го познаваат Бога, луѓе како Потифар, кои се свиткани под проклетството на безнадежната, макотрпна работа, обидувајќи се да преживеат – тие нè набљудуваат. Тие не се импресионирани од вашата религија, вашата црковна зграда, или вашето познавање на Писмото, бидејќи тие не можат да гледаат подалеку од вашиот недостаток на одговори. Вие не можете да очекувате луѓето да ве слушаат кога им кажувате колку е голем Бог, кога во исто време живеете во истиот очаен финансиски стрес и недостаток, и режим на преживување како и тие. Не, вие треба да им демонстрирате како изгледа Царството исто како што тоа го направи Јосиф. Не сакам да звучам грубо, но луѓето не се глупави. Тие бараат одговори.

**ПРЕСТАНЕТЕ ДА СЕ УСОГЛАСУВАТЕ СО СИТЕ СОМНЕЖИ И НЕВЕРУВАЊА ОКОЛУ ВАС. ПРОМЕНЕТЕ ЈА ВАШАТА ВЕРНОСТ И УЖИВАЈТЕ ВО БОЖЈОТО ЦАРСТВО!**

Долги години немав никаков глас на влијание. Никој не ме покани да гостувам на телевизија; не водев црква со илјада членови. Зошто? Затоа што немав што да кажам, немав решенија, немав одговори, ни докази дека Бог е жив и со мене. Позајмував

пари од моето семејство само за да опстанеме. Колата ми се распаѓаше, куќата ми се распаѓаше, и животот ми се распаѓаше. Зошто некој би сакал да слушне од мене колку е голем мојот Бог? Да, бев на патот кон Небото, и Небото е најдобрата работа, но луѓето нема да слушаат колку е добро Небото освен ако не им го демонстрирате Небото токму овде во земното царство. Слушнете ме, сè што велам е дека ако Бог е Бог и Неговото Слово е вистинито, тогаш тоа треба да функционира. Нашите животи треба да изгледаат поинаку и да бидат поразлични! Ние треба да ја досегнеме оваа генерација со вистината на Царството. Денешните „Потифари“ нè набљудуваат.

Зошто, како поднаслов на оваа книга, додадов, „Моќта на верноста“? Тоа е затоа што Потифар зачекори во Божјото Царство и ја уживаше саботната починка каде што макотрпната работа и пот не се начин на живот, каде што нема страв, и каде што владее мир. Тоа е место каде што опстанокот е заменет со цел и пасија, а сиромаштијата е проголтана со снабдување. Како тој го постигна тоа? Своите проблеми и грижи ги стави под надлежност на Божјото Царство. Во основа, иако не сфаќаше што прави, тој се усогласи со Бога. Тој се согласи со Божјото Царство и потпадна под Негова надлежност. Потифар бил доволно паметен да ги стави сите свои работи под грижата на Јосиф бидејќи видел одговори. И вие можете, исто така да го направите тоа; тоа е она што јас и Дренда го направивме. Тоа е начинот како се појавија елените, како се појавија парите, автомобилите, и домот што ни требаше. Дозволете ми да ви предложам нешто. Ако сакате да уживате во сето она што Бог го има за вас, променете ја вашата верност. Престанете да се усогласувате со сите сомнежи и неверувања околу вас. Променете ја вашата верност (бидете Му верни на Бог) и уживајте во Божјото Царство!

ДЕВЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# ДАЈТЕ ИМ ВИЕ ДА ЈАДАТ!

Кога првпат го запознав Дон, тој дојде во мојата канцеларија многу обесхрабрен и во долгови. Се чинеше, во тој период во неговиот живот, како ништо да не му оди како што треба. Кога седнав да разговарам со него, дознав дека доцни со плаќањето на киријата три-четири месеци, и речиси со секоја друга сметка. Имаше и брачни проблеми исто така – неговата сопруга беше презаситена од нивната неповолна финансиска ситуација и почна да ја губи почитта кон Дон поради неговата неспособност да се грижи за неа и нивните пет деца. Но, во суштина Дон ја изгубил почитта кон самиот себе. И тој имаше многу прашања.

Неговата работа се состоеше во продажба на здравствено осигурување во државата Охајо, но недостигот од успех брзо го повел на катастрофален финансиски пат.

И покрај тоа што се чинеше дека сите работи беа против Дон, видов потенцијал во него. Тој беше подготвен да учи и да работи. Таа моќна комбинација ме заинтригира доволно за да го вработам и да се вложам себеси во благосостојбата на неговата иднина. На крајот, се покажа дека инвестицијата се исплатеше, и истата заработи огромни дивиденди за обајцата.

Мојата сѐ уште млада компанија, штотуку доби наградно патување за Хаваи за еден од нашите трговци и почувствував

дека ова ќе биде одлична прилика да споделам со Дон за Божјото Царство. Иако Дон беше христијанин, тој го немаше истото разбирање што го имав јас. И иако се обидов во неколку наврати да ги споделам Божјите начела со него во оваа област, се чинеше како тој едноставно да не верува во она што му го зборував.

Постојано барав начин како да му го привлечам вниманието на Дон што ќе му помогне да сфати дека и тој, исто така, може да има успех со тоа што ќе научи како функционира Царството на Бог. Меѓутоа, Дон беше толку обесхрабрен што дури не можеше да има доверба во себе самиот, како и да верува дека промената е навистина можна. Знаев дека ова патување за Хаваи е мојата шанса.

Неколку недели пред Дон и јас да заминеме на пат, разговаравме за тоа што ќе видиме и ќе правиме додека сме таму. Еден посебен интерес му го привлече вниманието на Дон како ништо друго. Тој сакаше да фати син марлин (голема океанска риба) во прекрасните води на Пацификот. „Хаваи е главниот град на светот за син марлин", ми рече Дон возбудено. „Отсекогаш сум сакал да фатам син марлин; тоа е мој сон". За прв пат по неколку недели, видов сјај во очите на Дон. Нешто всушност му предизвика возбуда, и знаев дека неговата возбуда ќе ја отвори вратата за моќна лекција.

„Дон", реков, „дали знаеш дека е можно да си *сигурен* дека ќе уловиш син марлин во Хаваи, а не да се надеваш, навлегувајќи во сферата на Божјото Царство". Збунет, но заинтригиран, Дон сакаше да дознае повеќе, и јас продолжив со моето објаснување за Царството. Го цитирав Марко 11:24, кој вели: „*Затоа ви велам: сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде*". За Дон ова звучеше премногу добро да верува. Поминав некое време во објаснување со цел да му помогнам да го разбере Царството и како да ја ослободи својата вера. И така, пред да тргнеме на пат, тој и неговата сопруга посеаја семе во вера, исто како што правев и јас за моите елени, се согласија во молитва и веруваа дека добиле син марлин.

Во меѓувреме, Дон направи сè што знаеше да направи за да го поддржи својот дел од жетвата. Спроведе истражување за

достапните бродови и цените, и на крајот резервира кај капетан за кој имаше позитивни чувства. Сѐ беше спремно, и сите бевме возбудени за претстојниот риболов во сините води на Хаваи.

Пристигна денот за риболов, се качивме на бродот, и воодушевено му кажавме на капетанот дека денес е денот кога ќе фатиме син марлин. Иако тој очекуваше дека ќе имаме успешен ден во риболов на други риби, тој се обиде да нѐ увери дека шансите не се на наша страна кога станува збор за улов на син марлин тој ден. Тој располагаше со два брода што секој ден одеа на чартер тури во последните четири месеци, и неговиот екипаж имаше донесено само еден син марлин. Ова се должеше во голема мера на фактот што сѐ уште не беше сезоната на марлин, бидејќи марлинот е миграциска риба. Одбивајќи да се обесхрабриме, со почит му кажавме дека денес ќе уловиме еден син марлин и продолживме да ја подготвуваме опремата.

**ЗАТОА ВИ ВЕЛАМ: СЀ ШТО ЌЕ ПОБАРАТЕ ВО МОЛИТВА, ВЕРУВАЈТЕ ДЕКА ЌЕ ГО ДОБИЕТЕ - И ЌЕ ВИ БИДЕ.**

**-Марко 11:24**

По шест часа лов, немавме никаков улов, и јас бев малку загрижен дека недостигот на акција може да ја ослаби верата на Дон. Во мојата загриженост му дофрлив едно прашање. „Дон“, извикав од местото каде што се наоѓав на бродот, на мостот над него, „дозволи ми да ти поставам едно прашање. Кога го доби тој син марлин, кога ќе се појави од водата, или кога се молеше за него?“ Со цврста увереност Дон ми одговори, „Гери, тоа е едноставно. Го примив кога се молев за него“. Бев возбуден и сигурен кога го слушнав неговиот одговор. Тогаш знаев дека Дон сериозно ги сфатил моите инструкции и беше решен да го има тој марлин.

Неколку минути подоцна, трската на Дон почна силно да трга додека нешто ја повлекуваше длабоко во водата. Екипажот извика, „Риба на повидок!“

„Немој премногу да се возбудуваш", го предупреди капетанот. „Да, се работи за голема риба, но не е син марлин. Тие излегуваат веднаш на површината и прават огромни скокови во воздухот, и оваа риба пребива многу длабоко во водата".

Минутите поминуваа додека Дон продолжи да се бори со рибата која сѐ уште не беше излегла на површината на водата за да видиме за каква риба станува збор. Колку и да беше уморен Дон, рибата беше поуморна и набрзо се откажа од борбата. Дон и јас не бевме изненадени кога тој извлече од водата голем, прекрасен син марлин, но сите останати на бродот беа запрепастени.

Сликата од Дон и неговата риба стои во мојата канцеларија до ден-денес како сведоштво за другите и постојан потсетник за мене за реалноста на Царството. Надворешно гледано, тоа беше само риба. Но, за Дон, марлинот значеше многу повеќе. Ако Царството функционираше за марлин, со сигурност ќе функционира за сѐ друго од што имаше потреба во животот. За Дон, тоа беше само почеток на разбирањето на влијанието што Божјото Царство може да го има врз неговиот живот.

**ИСТО КАКО ШТО ВЕТЕРОТ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ВИДИ НО ИМА ВИДЛИВ ЕФЕКТ ВРЗ ПРИРОДНИОТ СВЕТ, ТАКА И БОЖЈОТО ЦАРСТВО Е РЕАЛНО И ИМА ЕФЕКТ ВО ПРИРОДНИОТ СВЕТ.**

Вратете се неколку илјади години наназад, и ќе дознаете за еден човек по име Никодим, кој специфично го распрашуваше Исус за Божјото Царство. Во третото поглавје од Евангелието по Јован е забележан одговорот на Исус, *„Ветерот дува каде што сака и гласот негов го слушаш, но не знаеш од каде иде и на каде оди; така е со секој човек роден од Духот"*, (стих 8). Тој убав ден кога со Дон бевме на бродот е добар пример за ова.

Иако ниту Дон, или јас всушност не можеме да го видиме

Божјото Царство, со сигурност го видовме и го почувствувавме неговото дејство кога беше уловена таа голема риба тој ден. Исто како што ветерот не може да се види, но има видлив ефект врз природниот свет, така и Божјото Царство е реално и има ефект во природниот свет. Со учење на законите што управуваат со Божјото Царство, ние внесуваме промена во нашите животи, исто како што направи Дон тој ден.

Во ред, тука е прашањето. Како се појави тој син марлин? Има одговор на тоа прашање. Не можете само да кажете дека Бог го направил тоа. Не, ние треба да знаеме како знаевме дека рибата ќе се појави. Вие навистина треба да го знаете ова бидејќи може да дојде ден и во вашиот живот кога и вам ќе ви треба син марлин или син автомобил или едноставно само намирници. Фактот е во тоа дека поентата на приказната не се состои толку многу во риболовот, како што не се состоеше ниту во ловот на елени во моите ловечки приказни. Приказната ни дава увид во нештата на Царството и како тоа функционира. Постоеше причина зошто тој син марлин се појави! Исус помина многу време поучувајќи ги Своите ученици за тоа како функционира Царството, но освен што им зборуваше, Тој тоа им го демонстрираше.

Ве молам обрнете внимание. Царството не функционира на истиот начин на кој функционира земното царство во кое пораснавте. Навистина нема да можете во целост да го разберете со вашиот ум. Функционира врз основа на закони, само поразлични закони од оние на кои сме навикнати овде во земното царство. Но, ние можеме да ги научиме тие закони. Исус помина многу време во демонстрирање и поучување на законите на Царството каде и да одеше. Една од моите омилени приказни каде што Исус го демонстрира Царството ни е опишана во Евангелието по Марко, шестото поглавје. Во оваа добро позната приказна Исус нахранува 5000 луѓе, мажи, со пет леба и две риби. И покрај тоа што сум ја слушнал оваа приказна милион пати растејќи во црква, никој никогаш не ми кажа како Исус го направил тоа.

*И бидејќи веќе времето поизмина, учениците*

*Негови пристапија кон Него и рекоа: „Овде е местово пусто, а и доцна е; распушти ги за да отидат по околните села и колиби и да си купат леб, зашто нема што да јадат“.*

*Тој им одговори и рече: „Дајте им вие да јадат!“ А тие Му рекоа: „Да појдеме и да купиме за двесте денарии леб, па да им дадеме да јадат?“*

*Потоа Тој ги праша: „Колку лебови имате? Отидете и видете!“ И кога видоа рекоа: „Пет леба и две риби“.*

*Тогаш Исус им рече на сите да поседнат на купчиња по зелената трева.*

*И поседнаа во групи по сто и по педесет.*

*Тој ги зеде петте леба и двете риби, па, погледна кон небото, ги благослови лебовите и ги прекрши, и им ги даде на учениците Свои, за да им ги стават пред нив; исто така им ги раздели и двете риби на сите.*

*И јадеа сите и се наситија.*

*И собраа парчиња, од лебот и од рибите, полни дванаесет кошеви.*

*А оние, што јадеа од лебовите, беа околу пет илјади мажи.*

— Марко 6:35-44

„Исусе имаме проблем. Луѓето се гладни и доколку не си заминат сега, нема да можат да се вратат дома до доцна; ние сме загрижени“. И што им одговара Исус? „Ох, леле, да, во право сте. Целосно изгубив чувство за времето; ајде веднаш да го завршиме состанокот“. Не, Тој едноставно им вели, „Вие, дајте им да јадат“. Што? Во Библијата е наведено дека таму имало 5000 мажи, но ако на тоа се додаде бројот на жените и децата, тогаш во најмала рака имало околу 20 000 луѓе таму. Да се нахрани таа група луѓе, дури и да ги имавте ресурсите на самото место, ќе беше тоа огромна задача, невозможна задача. Сигурен сум дека учениците

не можеа да поверуваат во она што Исус им вели да го направат. Нивниот одговор на Неговото решение дава јасен увид во типичниот начин на размислување својствен за земното царство. „Но, Исусе, тоа ќе не чини осуммесечна плата! Дали навистина треба толку да потрошиме на леб?“ Пред сѐ, забележете како тие веднаш го претворија својот проблем со недостиг на снабдување во проколнатиот земски систем на економија, макотрпна работа и пот, во времетраење на точно осум месеци.

Еден ден се молев и Бог ми рече дека имам телесен ум. Без збунет; што значеше тоа? Дали имав проблем со похота? Не, Тој ми зборуваше за моето размислување и како сум ограничен бидејќи начинот на размислување својствен за земскиот систем ја филтрираше мојата иднина преку тоа колку брзо би можел да дејствувам. Сите ние го правиме ова. Ако ни треба нова куќа, утврдуваме колку чини и потоа веднаш правиме пресметка дали можеме да си ја дозволиме. Како го пресметуваме тоа? Преку начинот на разбирање на земскиот систем кој се состои во тоа колку брзо можеме да дејствуваме. Да речеме, заработувате 15 долари на час, 40 работни саати во неделата е еднакво на... „Леле, нема шанси да си ја дозволам таа куќа“, си велите и веднаш ја ставате настрана таа мисла како невозможна. Ако ние ја филтрираме секоја идеја низ филтерот на тоа „колку брзо можам да дејствувам“, ние НИКОГАШ нема да навлеземе во начинот на живеење на Царството бидејќи Бог не е врзан за тој систем. Бог ми велеше дека ако сакам да се вклучам во Царството, ќе морам да почнам да размислувам на начин својствен за Царството – а тоа е дека сѐ е можно!

На ова место во своето размислување се наоѓаа учениците кога рекоа, „за тоа ќе бидат потребни осуммесечни плати“. Во суштина, тие велеа дека е невозможен подвиг да се нахранат толку многу луѓе.

Дозволете ми да илустрирам како им звучеше на учениците Исусовиот одговор, „Вие дајте им да јадат“. Замислете дека јас сум вашиот пастор, а вие се соочувате со доста тешки времиња и доцните со плаќањето на вашата хипотека. Не ви се платени последните три рати и голема е веројатноста дека ќе ја изгубите

куќата. Доаѓате кај мене со прашање дали црквата може да ви излезе во пресрет со тоа што ќе ви помогне да ги платите ратите. Сосема смирено јас ви одговарам, „Јас имам подобра идеја. Зошто едноставно не ја платите целата хипотека и на тој начин повеќе нема да имате рати за плаќање?" А вие ме гледате со поглед кој вели, „Нема шанса пасторот да разбрал што му зборувам". „Не, пасторе, мислам дека не сте ме разбрале точно. Ние воопшто немаме пари; токму поради таа причина сум тука кај вас. Ние имаме потреба црквата да ни помогне со цел да можеме да ги платиме ратите што ги должиме". Повторно, ве погледнувам смирено и ви велам, „Не, јас разбрав што ми зборувате, и ви дадов одлично решение. Едноставно исплатете ја куќата во целост, и повеќе нема да имате рати за плаќање". Вие ќе си помислите дека сум луд.

Веројатно така се чувствувале и учениците. „Исусе, не мислиш сериозно да ги нахраниме сите овие 20 000 луѓе, нели? Тоа е просто невозможно. Едноставно немаме ресурси да го направиме тоа. И кога би направиле план и ако работиме напорно за да дојдеме до тие пари, да организираме транспорт и луѓе кои ќе одат и ќе ги донесат лебовите, додека да се вратиме назад, сите ќе бидат мртви. Дури и да имавме парите, го немаме времето потребно за да го спроведеме сето ова на дело". Ова е начинот како ние реагираме на невозможните работи во природниот свет кога не гледаме начин како тоа може да се случи. Кога нема снабдување, нашата визија умира.

Исус не ги остави учениците во таа ситуација без одговори, и Тој не би им рекол да ги нахранат луѓето ако не постоеше начин тоа да се направи. Тој всушност сакаше да им го покаже другиот систем – Царството на дело. Со оглед на тоа дека учениците беа збунети, Исус ги презема работите во Свои раце.

„Што имате? Отидете и видете!", им рече Исус. И кога отидоа и видоа, се вратија и Му рекоа: „Најдовме пет леба и две риби". Штом петте леба и двете риби беа лоцирани Исус им рече на учениците да Му ги донесат. Тој ги зеде лебовите и рибите, ги благослови и им ги подаде назад. За природното око, ништо не се смени, но во духовниот свет, се случило нешто многу важно,

нешто што е клучно за нашето разбирање на Царството. Исус им наложи на учениците да ги подадат лебовите и рибите, и тие гледаа вчудовидени како храната се умножуваше пред нивните очи и ги нахрани сите 20 000 луѓе до точка на презаситување. Што се случи? Како се случи тоа?

Со цел да откриеме, треба да се вратиме назад и внимателно да ги набљудуваме сите детали од овој настан. Зборот „благослови“ буквално значи да *одвоиш* или да *посветиш*. Можеме да кажеме дека кога Исус проговори над храната и ја благослови, лебовите и рибите беа одвоени од едно во друго царство. Во земното царство, не е возможно да се нахранат 20 000 луѓе со пет леба и две риби. Но, со Божјото Царство, сите нешта се возможни. Всушност, приказната не завршува тука. Пред да заврши, учениците собраа 12 кошници со парчиња што останаа. Петте леба и двете риба преминаа од недоволни да ги задоволат потребите на 20 000 луѓе на почетокот, до повеќе од доволни на самиот крај. Тоа е начинот на Царството – повеќе од доволно!

Како духовен научник, кога внимателно ја разгледав приказната, ја видов истата формула што Бог ми ја даде во ловот на елени. Преку ловот на елени Бог ме научи најпрво да посеам во Божјото Царство дел од сѐ што ми требаше. Ова е она што го направи момчето со лебот и рибите што ги имаше. Ги стави под авторитет на Божјото Царство, и тие се умножија, нахранувајќи 20 000 луѓе, со 12 полни кошеви остатоци. Забележете дека лебот се умножи во леб, и рибите се умножија во риби. Така тоа функционира. Ако посеам риба во Царството, ќе се умножи како риба, Но, што ако ми треба риба, но немам риба за сеење. Одговорот е – пари! Запомнете, парите се систем на размена. Јас и вие „именуваме“ пари секој ден. Ги именуваме како млеко, куќа, облека, леб и сѐ друго што ни треба

**БОГ МЕ НАУЧИ НАЈПРВО ДА ПОСЕАМ ВО БОЖЈОТО ЦАРСТВО ДЕЛ ОД СЀ ШТО МИ ТРЕБАШЕ.**

секојдневно. Парите стануваат сѐ што ни треба. Така е и кога сееме; можеме да ги именуваме парите. Наместо да одиме во продавница и да купиме риба за да посееме риба, можеме само да ги именуваме парите за таа цел. Ова може да се примени во однос на вашето давање, како доброволниот прилог, но не и со вашиот десетокот, зашто Бог веќе го именувал. Истиот закон на мултипликација можеме да го видиме и во Евангелието по Лука, петтото поглавје.

> *Еднаш, кога народот се пристискаше кон Него за да го чуе словото Божјо, Тој стоеше покрај Генисаретското езеро.*
>
> *Тогаш виде два кораба што стоеја покрај езерото; а рибарите беа излегле од нив и си ги плавеа мрежите.*
>
> *Тој влезе во еден од корабите, кој беше на Симон, па го замоли да отплови малку од брегот, па седна и почна да го поучува народот од коработ.*
>
> *А штом престана да говори, му рече на Симон: „Заплови кон длабочините и фрлете ги мрежите свои за лов!“*
>
> *Но Симон Му одговори и рече: „Учителе, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; но по Твоја волја ќе ја фрлам мрежата“.*
>
> *И штом го направи тоа, тие уловија толку големо количество риба, што дури и мрежата им се скина.*
>
> *Им дадоа знак на другите што беа во другиот кораб да дојдат и да им помогнат; и тие дојдоа и ги наполнија и двата кораба, така што за малку ќе потонеа.*
>
> — Лука 5:1-7

Како духовен научник, ајде внимателно да ја разгледаме приказната. Како се појавија тие риби? Можете ли да го видите

тоа? Исус чекори покрај брегот и наоѓа брод што сака да го употреби за од него да ѝ проповеда на толпата. Го прашува Петар, сопственикот на бродот, дали може да го користи неговиот брод и Петар Му одговара, „Да, секако“. На крајот на краиштата тие завршија со риболовот за тој ден; цела ноќ се труделе и ништо не уловиле. Откако Исус го употреби бродот за тоа за што првично Му требаше, му рече на Петар да излезе повторно во водата, да заплови кон длабочините и да ги фрли таму мрежите свои за лов. Сигурен сум дека ова барање упатено од страната на Исус го фати Петар неспремен, зашто тој одговори, „Исусе, цела ноќ ловевме и ништо не фативме“. Петар бил професионален рибар и тој знаел како да лови риби. Врз основа на неговото искуство, тој знаел дека рибите едноставно не се таму. Природно гледано, немаше никаква смисла повторно да се враќаат во водата. Веќе ја имаа собрано својата опрема и само што завршиле со чистењето на мрежите.

Не верувам дека Петар би го направил тоа освен што штотуку слушнал проповед од Исус, најверојатно во времетраење од еден час, што го допрела на начин на кој никогаш претходно не бил допрен. Затоа тој рече, „Но, на Твојот збор, затоа што Ти така велиш, ќе го направам тоа, ќе ги фрлам мрежите“. Петар отиде во длабочините и улови толку големо количество риба, што дури и мрежата им се скина, а неговиот брод за малку ќе потонел од тежината на уловот. Очајно, повика кон другите кои сѐ уште беа на брегот да дојдат и да помогнат, и тие дојдоа и ги наполнија и двата кораба, така што и тие за малку ќе потонеа. Библијата ја забележува реакцијата на Петар; тој беше вчудовиден!

Како се случи ова? Дали има некакви индиции? Можеме ли да знаеме? Кратко сумаризирано, се работи за истиот принцип, принципот на моќта на верноста, за кој зборувавме претходно. Кога Петар Му дозволи на Исус да го користи неговиот брод, бродот и бизнисот ги сменија царствата. Бизнисот излезе од владеењето на проколнатиот земски систем и дојде под надлежноста на Божјото Царство. Со самото тоа што се најде под владеење на Божјото Царство, Бог имаше законитост да Му даде збор на знаење на Исус и точната локација каде се наоѓаа

рибите; „потаму, во длабоките води".

Ајде да го расчлениме настанот. Исус го позајмува рибарскиот брод од Петар кој штотуку се вратил од целовечерно рибарење без никаков успех. Во оваа размена, бродовите дојдоа под надлежност на Божјото Царство. Исус сега има знаење за точната локација на рибите преку Светиот Дух. Исус го насочува Петар кон точната локација. Бродот на Петар речиси е преплавен со риби. Бродот на неговите партнери, исто така, е преплавен со риби поради големиот улов. Прашањето е како беа фатени рибите? Едноставниот одговор е преку директен збор на инструкција даден од Небото. Да бидеме реални, секој може да фати риби ако знае точно каде се рибите во моментот. Размислете за ова што штотуку го кажав. Бог знае сѐ; Тој може да ви помогне и да ви каже што да правите.

Во времето кога Дренда и јас бевме без пари и кога почнавме да учиме за Царството, Бог ми даде сон една ноќ да започнам бизнис, кој да бидам искрен не знаев како да го започнам. Тој бизнис сѐ уште работи, 28 години подоцна, и произведува стотици илјади долари годишно нето приход. За овие 28 години, тој бизнис ми овозможи да посеам милиони во службата и да им помагам на луѓето. Како? Слушнав од небото, а истото го можете и вие! Дозволете ми да ви дадам пример.

Пред неколку години одржував петдневна конференција за Божјото Царство. По завршувањето на втората вечер, ми пристапи човек по име Крис и ме замоли да се молам за него. Го прашав за што сака да се молам. Тогаш тој ми ја раскажа неговата приказна. Имал заеднички бизнис со човек кој проневерил пари од бизнисот, поради што бизнисот пропаднал. Иако Крис имаше само 40 години, ова му беше веќе четврти брак, и истиот не се одвивал најдобро. Ми кажа дека е толку многу деприминран што зел наполнет пиштол, се качил во колата и се возел наоколу пред да застане на затворена бензинска пумпа со намера да се самоубие.

Додека седел во колата со пиштолот во рака, во 3 часот по полноќ, заѕвонил неговиот мобилен. Веднаш го препознал бројот. Се јавувал неговиот поранешен партнер. Со оглед на тоа

дека не сакал да разговара со него, не одговорил на повикот. Но, телефонот повторно заѕвонил, и ѕвонел, и ѕвонел... Всушност, телефонот ѕвонел 11 пати пред Крис да реши да се јави. Првите зборови на неговиот поранешен партнер биле, „Каде си, каде се наоѓаш, и што правиш?“ Кога Крис му кажал, неговиот поранешен партнер му рекол, „Не мрдај; доаѓам веднаш таму!“ Неговиот партнер, штотуку Му го предал својот живот на Бог и сакал да го сподели ова со Крис. Неверојатно, тој почувствувал итен поттик да му се јави на Крис во 3 часот наутро, и кога Крис не одговорил, тој упорно продолжил да му ѕвони.

Кога се појавил партнерот на Крис, тој го водел Крис до Господ, и животот на Крис бил радикално променет. Сè почнало да се подобрува во неговиот живот. Нашол добра црква, неговиот брак почнал да се подобрува. Сè тргнало кон подобро освен неговите приходи. Крис немал работа, и токму за тоа ме замоли да се молам. На самата конференција поучував за истите работи што ги споделувам во оваа книга, како Царството може да направи неверојатни работи надвор од нашите сопствени способности.

И додека Крис размислуваше за тоа како Светиот Дух може да нè води и да ни помогне со насока и идеи, тој одеднаш доби една идеја. Тој навистина немаше многу опции на финансиски план. Но, тој знаеше да направи одличен чизкејк.

Негова специјалност беа здрави чизкејк торти, за кои многу добро знаеше дека се најдобрите што некогаш ги направил. Всушност, Крис беше познат меѓу своите пријатели како човек кој ги правеше најдобрите чизкејк торти што тие некогаш ги пробале. Крис често одел во локалната продавница за здрава храна, и пробал некои од нивните продукти, пецива и торти, но открил дека нешто им недостасува. Крис немал многу опции, но сметал дека оваа опција, да продава чизкејк е нешто реално и остварливо. Тој беше сигурен дека ако направи и однесе една од неговите торти во локалната продавница за здрава храна и тие ја пробаат, со сигурност ќе сакаат да ја продаваат. Тој беше убеден дека неговите торти ќе се продаваат подобро од нивните. И токму тоа го направи. Направил чизкејк и така ненајавено им

ја однел во продавницата да ја пробаат. Тајмингот бил совршен, се погодило во истиот момент извршниот директор на целиот синџир на продавници за здрава храна да ја посетува токму оваа продавница кога Крис влегол внатре. Извршниот директор се согласил да го проба чизкејкот и му рекол дека ќе му се јави со повратен одговор.

Таа вечер Крис повторно ми пристапи после состанокот за да разговара со мене. Ми раскажа што направил и повторно ме замоли да се молам за него за склучување на договор со оваа продавница за здрава храна. Следната вечер, Крис повторно дојде на конференцијата, и беше многу возбуден! Ми рече дека извршниот директор побарал од него да направи чизкејк не само за локалната продавница каде што за прв пат ја пробал тортата туку и за сите продавници во целиот синџир. Исто така го прашал што друго знае да направи. Крис беше шокиран! Неверојатно, извршниот директор дојде на последната вечер од конференцијата, излезе напред и Му го предаде своето срце на Господ и беше крстен во Светиот Дух. Две недели подоцна добив писмо од него во кое беше наведено дека сака да посее назад во Божјото Царство. Тој сакаше да даде десет проценти од своите акции во компанијата на нашата служба, Faith Life Now. Неверојатно! Бог може да земе една идеја и од ништо да направи нешто многу големо.

## ДЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# СОБИРАЈ, НЕ СЕ ПРЕПОТУВАЈ!

Дали некогаш сте виделе коњ во летен ден по долго трчање? Тој е покриен со пот; еден вид пенеста пот како сапуница го покрива неговото тело. Може да се заклучи дека коњот работел напорно. Постојано ми го поставуваат прашањето, „Гери, сакаш ли да кажеш дека не треба да работам?“ Не, јас не го реков тоа, а не го кажува ниту Словото Божјо. Но постои огромна разлика во тоа како работите.

Земете ја на пример приказната што ја прочитавме за Петар и неговите партнери како наполниле два чамци полни со риба, што за малку ќе потонеа. Тие се трудеа цела ноќ обидувајќи се да уловат нешто, но безуспешно. И тогаш, се разбира, Исус дојде и им покажа каде се рибите преку збор на знаење. Во тој момент, тие исто така работеа, но тоа беше сосема поинаков вид на труд. Тие се трудеа да ги повлечат мрежите и да ги внесат рибите во бродот. Но дали тие рибареа?

Знам дека си играм со зборовите овде. Терминот „рибарење“ го користиме за многу работи. На пример овој збор наоѓа примена кога жената сака да добие, „улови“ комплимент. Мажот брка во својот џеп во обид да ги најде, „улови“ клучевите. Го користиме овој збор „рибарење/улов“ кога бараме нешто, кога сакаме да најдеме нешто. Па така, дали Петар рибареше? Кога одам на лов, веќе ви кажав дека мојот елен го фаќам во првите четириесеттина минути. Дали ловам? Со други зборови, ако

знаете каде се наоѓаат рибите дали рибарите? Ако знам дека ќе го фатам еленот, дали е тоа лов? Ги правам овие споредби со цел да ја согледате разликата. Да, јас се трудам, работам, но не се трудам цела ноќ за на крај ништо да не фатам. Првенствено, имајќи го тоа што ми треба во животот, јас сум во состојба да работам за Царството, вклучувајќи се во работата на Таткото со извршување на мојата цел.

## Јас би го нарекол - собирање!

Кога Петар дојде кај Исус со прашањето за плаќање на данок, во Евангелието по Матеј 12:27, Исус го кажа следното:

> *„Отиди до морето, фрли јадица и првата риба што ќе се услови, земи ја; и кога ќе ѝ ја отвориш устата, ќе најдеш сатир; земи го и подај им го за Мене и за себе!“*

Забележете дека Исус не рече, „Во ред, Петар, треба да платиме данок. Знаеш што, оди во градот, најди работа, работи три месеци, спечали пари, и потоа пак придружи му се на нашиот тим, откако ќе ги заработиш потребните пари за да го платиме данокот“. Не, Исус не го рече тоа. Зошто? Затоа што Петар тогаш ќе мораше да ја напушти својата задача и да почне да трча по пари доколку му се вратеше на проколнатиот земски систем на размислување. Наместо тоа, Исус ни покажува како функционира Царството и како треба да функционираме и ние сѐ додека сме овде во земното царство. Одговорот упатен до Петар, е одговорот упатен и до вас. Исус едноставно му кажа на Петар каде се наоѓа снабдувањето, методот што треба да го користи со цел да го пожнее/собере истото во својот живот, и што точно треба да бара. Сѐ што требаше Петар да направи е да оди и да го *собере*.

Ако ја набљудувате интеракцијата на Исус со Неговите ученици, тие обично беа зачудени и шокирани секој пат кога ќе

видеа како Царството дејствува. Кога Исус го исуши смоквиното дрво само со збор од Неговата уста, во Евангелието по Марко, единаесетто поглавје, Библијата ни кажува дека Петар бил зачуден. Кога Лазар излезе од гробот, откако бил мртов четири дена, беа зачудени. Кога Петар, Јаков и Јован, ги фатија сите тие риби, тие беа зачудени. Дренда и јас, сите овие години, додека постојано учиме сѐ повеќе и повеќе за тоа како функционира Царството, многу често бевме изненадени, и со отворена уста во чудење сме си го поставувале прашањето, „Го виде ли тоа?" Бидејќи зборуваме за собирање со помош на Светиот Дух, мора да погледнеме во Евангелието по Матеј, шестото поглавје. Во мојата Библија, стои поднаслов над овој пасус, кој гласи, „Не грижете се!" Ми се допаѓа тоа.

*„Никој не може да им слугува на двајца господари: зашто, или едниот ќе го замрази, а другиот ќе го засака; или кон едниот ќе се приврзе, а другиот ќе го презре. Не можете да им служите на Бога и на Мамон.*

*Затоа во велам: немојте да се грижите за вашата душа – што ќе јадете или што ќе пиете; ниту за телото, во што ќе се облечете. Зар не чини вашата душа повеќе од храната, и телото – од облеката? Погледнете ги птиците небески: тие ни сеат, ни жнеат, ниту во амбар собираат, но вашиот небесен Отец ги храни. Зар не сте вие многу поскапи од нив? А кој од вас, грижејќи се, може на својот раст да му придаде макар еден лакт?*

*Зошто се грижите и за облеката? Погледнете ги полските кринови како растат! Не се трудат, ниту предат; но ви велам дека ни Соломон, во целата своја слава не се облече така, како еден од нив. Па, ако полската трева, што денес ја има, а утре во оган се фрла, Бог така ја облекува, а колку повеќе ќе*

*стори за вас, маловерни?*

*Па затоа, не грижете се и не говорете: „што да јадеме, или што да пиеме“, или „во што да се облечеме?“ Зашто сето тоа го бараат незнабошците, а вашиот Отец небесен знае дека за сето ова имате потреба. Но барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сѐ ова ќе ви се придодаде. И затоа, немојте да се грижите за утре, зашто утрешниот ден ќе се грижи за своето; на секој ден доволна е неговата неволја.“*

— Матеј 6:24-34

Исус вели дека не можеме да им служиме на двајца господари. Можеби мислите дека можете, но не можете. Ќе сакате еден и само еден. И можам да ви кажам кој е тој. Тоа е оној на кој му верувате да ги пресретне вашите потреби. Кога Господ ми зборуваше во нашата стара куќа, за тоа дека никогаш не сум посветил време и внимание да научам како функционира Неговото Царство, со други зборови ми велеше дека Тој всушност не е мој Господар. Тој не беше Оној во Кого имав целосна доверба, на Кого Му служев и Му верував. О, да, секако, одев во црква, давав дарежливо, Го љубев Бог, и знаев дека ќе одам во рајот. Но, никогаш не одвоив време да го научам Божјиот финансиски систем и како функционира Неговото Царство.

*Зашто, каде што е вашата ризница, таму ќе биде и срцето ваше.*

— Лука 12:34

Прочитајте го уште еднаш пополека, „Зашто, каде што е вашата ризница, таму ќе биде и срцето ваше“. Многумина сакаат да ја свртат изјавата со цел таа да гласи, „Каде е твоето срце, таму е и твоето богатство“. Но, тоа не е она што го кажува овој стих, и не функционира така. Луѓето мислат дека тоа значи дека можат да Го сакаат Бога во недела наутро, и таму ќе биде нивното

богатство. ПОГРЕШНО! Системот на кој му верувате дека ќе ја задоволи вашата потреба, е местото каде што е вашето богатство.

Исус вели дека наопаку сме ги разбрале работите!

Бог сака да биде прв во нашите животи, а не парите. Ако парите се нашето богатство, тогаш тие ќе бидат на прво место, барајќи го нашето време, нашите приоритети, и наклонетост. Ова беше причината зошто Петар не смееше да ја напушти својата задача и да оди да печали пари кога дојде времето да се плати данокот. Ова е причината зошто Бог треба да нè обучи да собираме, а не да се препотуваме. Исус треба да нè научи на начинот на Царството, како да Му веруваме на Бог за нашето снабдување, со што ќе ги ослободиме нашите срца да Го љубиме Бог со сето свое срце! Исус рече, „Зар не чини вашата душа повеќе од храната, и телото – од облеката?“ Тој сака да ни каже дека животот не се состои во поседување на работи. Целта на животот е тие материјални нешта да ви служат вам и на вашата задача на Земјата.

А сепак што гледаме? Повеќето луѓе трчаат без престан служејќи им токму на тие работи. Луѓето трчаат да ја исплатат хипотеката, да ги отплатат ратите за автомобилот, да ги платат сметките. Исус вели дека тоа не е живот! Ве молам, немој да се свртите против мене велејќи ми, „Самиот Исус, вели дека да се има работи е лошо само по себе“. Не, Тој не го рече тоа. Тој вели во стих 33 дека ако го бараме прво Божјото Царство и Неговата праведност, сè ова ќе ни се придодаде во животот. Материјалните нешта не се местото каде го наоѓаме проблемот; се работи за срцето. Ако Бог не сакаше да поседуваме работи, Исус тоа ќе ни го

**АКО ПАРИТЕ СЕ НАШЕТО БОГАТСТВО, ТОГАШ ТИЕ ЌЕ БИДАТ НА ПРВО МЕСТО, БАРАЈЌИ ГО НАШЕТО ВРЕМЕ, НАШИТЕ ПРИОРИТЕТИ И НАКЛОНЕТОСТ.**

кажеше. Наместо тоа, Тој вели дека сите овие работи по кои светот трча ќе ни бидат придодадени доколку живееме на начин како што сака Бог.

Со други зборови, животот не се состои во тоа да им служиме на нештата, но за жал, повеќето луѓе го прават токму тоа. Тие немаат избор; тие се робови. Невозможно е да им служиш на двајца господари, а служењето на работи не е живот. Исус продолжува да објаснува дека постои друг систем, место на финансиски мир и снабдување што ве ослободува да го живеете животот во полнота. Тој систем се нарекува Царство.

Исус ни дава два примери за тоа како изгледа Царството во Неговото учење, наведено во Евангелието по Матеј, шестото поглавје. Тој вели, „Погледнете ги птиците небески: тие ни сеат, ни жнеат, ниту во амбар собираат, но вашиот небесен Отец ги храни", (стих 26).

## Птиците немаат фарми за црви!

Тие не ја преземаат врз себе грижата за снабдување на своите дневни потреби. Не, Таткото ги храни. Тие треба само да го соберат тоа што им е треба секој ден. Дали можете да го согледате ова? Тие не се потат макотрпно работејќи за својот животи. Тие собираат!

## Цвеќињата не се трудат, ниту предат!

> *„Погледнете ги полските кринови како растат! Не се трудат, ниту предат; но ви велам дека ни Соломон, во целата своја слава не се облече така, како еден од нив", (стих 28).*

Цвеќињата не се трудат со мачна работа и пот, со цел да се облечат. Не, Таткото ги облекува. Исус продолжува да ни го дава одговорот. Постои уште еден начин на живот, начинот на Царството! Исус вели, „Барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сѐ ова ќе ви се придодаде", (стих 33). Што

значи, „Барајте го Божјото Царството“? Значи да откриеме како истото функционира! Проучете ги законите што го регулираат. Научете како оперира Божјиот систем!

Ако ве симнам од авион во земја во која никогаш претходно не сте биле, вашата прва задача ќе биде да научите како таа земја, царство, функционира: на кој начин ја вршат купопродажбата, што јадат, како јадат, кои се законите што се на сила во нивната земја итн. Истото важи и за Божјото Царство. Треба да научите како функционира Царството за да можете да уживате во придобивките што сте дел од него. Од лично искуство знам колку имам пропуштено само поради тоа што не знаев како тоа функционира. Вашиот одговор е едноставен. Потребна ви е финансиска револуција. Во екот на револуцијата луѓето се бунтуваат против воспоставената влада, заменувајќи ја со нова. Вие треба да го направите истото.

Треба да ја отфрлите таа стара влада на проколнатиот земски систем со сите негови недостатоци и очај и да уживате во новиот начин на живот – живот во Божјото Царство, со нови закони, без недостаток и со голема радост!

ЕДИНАЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# ЛЕТАЊЕТО Е ПОЛЕСНО ОД ОДЕЊЕТО!

Ако се вратите назад во времето и сакате да патувате од Њујорк до Сан Франциско, ќе треба да одите со брод. Патувањето низ Јужна Америка пред отворањето на Панамскиот Канал можеше да потрае и една година. Подоцна, кога беше воспоставена железницата Орегон, патувањето беше скратено на четири месеци. Денес, можете да стигнете таму за четири часа. Како? Со користењето на нов закон, законот на издигнување. Овој закон отсекогаш постоел – птиците го користат секој ден – но луѓето не го разбираа. Како и природниот закон на летање, повеќето Христијани едноставно не се свесни за овие закони на Царството, иако поголемиот дел од својот живот читале за нив. Божјото Царство е тука, тоа е во вас, и вие имате законско право да ги уживате неговите придобивки. Во природниот свет, законите на летање не го поништуваат законот на гравитација, тие го надминуваат. Со други зборови, сѐ додека делувате во согласност со законите што владеат со летањето, вие летате, иако гравитацијата сѐ уште работи. Ќе се согласите дека е многу полесно да летате четири часа, отколку да пловите со брод една година! Па тогаш, почнете да ги правите работите на побрзиот

начин и оставете ги вашите стари бавни методи зад себе.

Дали некогаш сте виделе Монарх пеперутка? Овде, во Охајо, во текот на есента, ќе видите стотици Монарх пеперутки како летаат на југ за таму да ја поминат зимата. Тие летаат кон Мексико, патување од околу 3220 километри. Но, еве што е интересно. Тие никогаш претходно не биле таму! Како тогаш знаат каде да одат или кога да одат? Ако Бог направил начин за Монарх пеперутката да преживее, Тој има начин и за вас исто така. Како пеперутката го прави тоа?

Процесот се нарекува метаморфоза. Коренот на зборот доаѓа од зборот „морф“, што значи промена. Повеќето луѓе знаат дека Монарх пеперутката не започнува како пеперутка. Започнува како гасеница. Во фазата на гасеница, таа се храни со млечарка (еден вид млечно растение) и расте во големина, сѐ додека, на крајот, не е подготвена за голема промена. Откако ќе порасне до одредена големина, таа гради кожурец, еден вид оклоп во кој гасеницата се затвора седум до петнаесет дена. По истекот на тоа време, пеперутката излегува од кожурецот сосема поинаква од тоа каква била и се однесувала во фазата на гасеница. Сега живее и опстојува на сосема ново ниво на постоење. Сега лета! Наместо да биде ограничена на едно млечно растение за прехрана, сега може да лета каде што ќе посака. Изгледа прекрасно и поседува таква убавина и достоинство неспоредливи со ништо друго во природата.

Но, една од најневеројатните карактеристики што таа ги поседува е нејзината способност да ги избегне неприликите. Монарх пеперутките едноставно не можат да живеат во ладни временски услови кои се нормални за северните клими. Би умреле. Но, Бог направи пат за овие создании да се оддалечат од неприликите, со тоа што ќе летаат 3220 километри до место каде што никогаш претходно не биле. Како воопшто го знаат патот до таму? Како тие тоа го постигнуваат? Метаморфоза. Библијата ни кажува дека преку истиот процес и вие можете да ги надминете и вашите проблеми, да летате над нив, дури и во ситуации со кои не знаете како да се справите, исто како што тоа го прават и Монарх пеперутките.

Еден мој пријател, по име Стив, една вечер се враќал дома кога со својот автомобил удрил во елен. Ударот ја оштетил колата. За жал, една недела подоцна прегорел моторот на семејното комбе, единственото друго возило што го имале на располагање. Осигурителната компанија на Стив му обезбеди двонеделно бесплатно изнајмување на автомобил во замена за оштетената кола, но комбето не било подложно на осигурително обесштетување со цел истото да биде заменето. Стив и Карен не знаеја што да прават. Поради бизнисот на Стив беше неопходно тој да има возило зашто работеше во продажба и беше на повик секоја вечер.

Тие веќе подолго време беа запознаени со учењето за Царството за да знаат дека Бог е нивниот одговор. Во тоа време, тие немаа вишок финансии за да ги заменат возилата со нови. Знаеја, дека Бог и Царството се нивната единствена надеж. Двете недели на бесплатно изнајмување возило полека истекуваа и тие сѐ уште немаа никаков одговор. Чудесно, вечерта пред Стив да го врати изнајменото возило назад, тој доби телефонски повик од еден човек што му кажал дека има автомобил што сака да го подари, и бидејќи знаеше дека Стив ја посетува нашата црква, тој му се јави на Стив за да го праша дали знае за некое семејство во црквата на кое можеби му треба автомобил. Стив набрзина му ја објаснил својата ситуација и му кажал дека би бил многу благодарен да ја земе колата за себе и за своето семејство. Беше тоа одлична вест, но Стив имаше шест деца, и една малечка кола нема да им врши работа. Но, во секој случај, овој неочекуван подарок ги охрабри.

Следната недела, двајцата излегоа напред пред црквата и побараа да се молам заедно со нив за нивното следно возило. Карен рече, „Пасторе, ние веруваме дека ќе добиеме комбе Хонда Одисеја, и сакаме да се согласиш заедно со нас додека го сееме нашето семе во вера кон таа цел". „Секако", им одговорив, „ќе го направам тоа". Се молевме. Навистина не можам да се сетам точно колку недели поминаа, не поминаа многу, можеби три или четири, до денот кога ги посетивме дома. Кога стигнавме, влеговме во кујната и таму, на вратата од фрижидерот, имаше

слика на Хонда Одисеја. Карен ни кажа дека секој ден кога и да го отвореше фрижидерот, ги положувала своите раце на сликата и Му благодарела на Бог за тоа комбе.

Една недела подоцна, се јави мојата секретарка и рече, „Пасторе, добивме интересен повик денес". Еден човек сакаше да ѝ подари комбе на црквата. Во тоа време, никој не знаеше како Стив и Карен ја имаа ослободено својата вера за ново комбе, како и за видот на комбето што го посакуваа. Затоа ја прашав мојата секретарка, „Каков вид на комбе е?" Таа одговори, „Хонда Одисеја". „Во каква состојба е?", прашав. Ми кажа дека човекот рекол дека комбето е во совршена состојба, без никакви гребнатини на него и со поминати само 112 000 километри. Ѝ реков дека знам каде треба да оди тоа комбе. Ѝ раскажав сѐ на мојата сопруга и ја замолив да ѝ се јави на Карен. Кога Дренда ѝ се јави, ја праша Карен како се, како се одвиваат работите и дали има некакво придвижување во однос на нивната потреба од возило. Првите зборови на Карен беа, „Па, ние сме еден ден поблиску!" Дренда ѝ одговори, „Па, вие сте поблиску отколку што мислиш. Дојдете и земете го вашето возило."

**МНОГУПАТИ, НИЕ СЕ ОГРАНИЧУВАМЕ СЕБЕСИ СО ТОА ШТО ЈА МЕРИМЕ НАШАТА ИДНИНА СПОРЕД ОНА ШТО НИЕ МИСЛИМЕ ДЕКА Е МОЖНО. НО, СО БОГ, СИТЕ НЕШТА СЕ ВОЗМОЖНИ, АКО САМО МУ ДОЗВОЛИМЕ НА БОЖЈОТО СЛОВО ДА ГО ПРОМЕНИ НАЧИНОТ НА НАШЕТО РАЗМИСЛУВАЊЕ.**

Сакам такви приказни. Зарем не сакате и вие? Приказната продолжува понатаму додека Стив и Карен стекнуваа сѐ поголема доверба во Царството да ги снабди нивните потреби.

Отприлика во тоа време, Стив и Карен сакаа свој дом. Веќе неколку години изнајмуваа, и чувствуваа дека е време да имаат сопствен дом; но повторно, немаа доволно пари за готовинско учество. Имаа отидено во безброј банки да се распрашаат за купување земјиште, и сите тие го бараа истото, 50 процени аванс. Во тоа време, како младо семејство, тие едноставно не располагаа со толку многу пари за да се квалификуваат. Карен беше обесхрабрена и разговараше со мене за тоа. Се согласивме дека Бог ќе отвори пат. И така тие почнаа со разгледување на различни имоти и куќи.

Еден од имотите што ги погледнале им го привлекол вниманието. Се наоѓаше во област во која сакаа да изградат куќа, и кошташе само 55 000 долари за 22 хектари. И повторно, немаа доволно да остават аванс. Меѓутоа, јас имав слушнато за една мала банка во внатрешноста, која не се наоѓаше во областа, на оддалеченост од два часа возење, и која беше спремна да прифати капитал како дел од аванс за земјиштето. Ова беше многу невообичаена постапка за необработена земја. Им кажав за оваа банка, и тие договорија термин за разговор. Земјиштето беше проценето со вредност над 100 000 долари, и банката им рече дека воопшто нема потреба од готовинско учество. Така, тие ја купија таа земја и изградија прекрасна куќа на површината на тие хектари, без притоа да мораа да дадат пари.

Стив и Карен продолжуваат да напредуваат до ден-денес, бидејќи и тие, како Дренда и јас, ги прават работите на начин на кој Царството тоа го прави.

Такви приказни можете да слушнете насекаде низ нашата црква, и јас во целост очекувам исти такви приказни и во вашиот живот. Бог може да направи чудесни и понекогаш чудни работи за да ги пресретне нашите потреби. Многупати, ние се ограничуваме себеси со тоа што ја мериме нашата иднина според она што ние мислиме дека е можно. Но со Бог, сите нешта се возможни, ако само му дозволиме на Божјото Слово да го промени начинот на нашето размислување.

*Несообразувајте се со овој век, туку*

*преобразете се со возобновување на вашиот ум за да можете да испитувате и осознавате што е волјата Божја: што е добро, благоугодно и совршено.*

— Римјаните 12:2

Како верници ние не треба да се сообразуваме со овој свет. Павле се осврнува на проколнатиот земски систем и неговиот начин на живот, особено, како размислуваме. Дали некогаш сте сошиле фустан или сте изградиле нешто врз основа на нацрт? Ако да, и не ви се допаднал крајниот резултат, што ќе се случи доколку по втор пат се обидете да го направите истото следејќи го истиот цртеж? Ќе ги добиете истите резултати. Во суштина Павле вели дека треба да се преобразиме преку воознобување на нашиот ум; ние треба да го смениме начинот, моделот според кој живееме. Ние треба да размислуваме поразлично од тоа како светот размислува.

Зборот „преобразба" е истиот збор за кој пред малку зборувавме, „морф", и значи промена. Нам ни треба метаморфоза! Ние треба да размислуваме како Бог. Ние треба да негуваме мисли својствени за Царството. Наместо да размислуваме од перспектива на гасеница, грда, заробена, осудена да умре во зима, ние треба да Му веруваме на Бог за сосема нов начин на живот. Само тогаш ќе бидеме во состојба да ги надминеме нашите проблеми, да „летаме" над нив, и ќе бидеме опремени да ја осознаеме Божјата совршена и благоугодна волја во секоја ситуација. Ако не ја прифатиме таа промена во начинот на нашето размислување, нашиот стар начин постојано ќе вели, „Не, не, не, јас не можам да го направам тоа. НЕ, не гледам како тоа може да се случи".

Кој би помислил дека грдата гасеница некогаш ќе биде во состојба да лета со такво достоинство и совршенство? Гледајќи ја гасеницата и размислувајќи за патувањето од 3220 километри што таа мора да го направи, вие едноставно би одмавнале со главата велејќи, „НЕВОЗМОЖНО!" Но, во Божјото Царство, сите нешта се возможни. Погледнете ме мене. Кога се емитува

мојата телевизиска програма, започнува најавувајќи ме како финансиски експерт. Понекогаш се потсетувам на моите денови на гасеница и си велам, „Ова е неверојатно!“

Кога зборуваме за летање, штом Дренда и јас, почнавме да учиме како функционира Царството, решив дека сакам авион. Јас сум пилот од мојата деветнаесетгодишна возраст, и секогаш изнајмував авиони, но никогаш не поседував авион. Се разбира, знаете зошто; немав пари да си купам. Па така, еден ден решив дека ова е лудо; но авион не претставува тешкотија за Божјото Царство. Зошто го ограничував Царството на она што јас сметав дека е можно за мене? Напишав чек, во делот за белешки запишав, „За мојот авион“, (и ги наведов деталите). Ги положив рацете на чекот и го испратив по пошта, верувајќи притоа дека го добив авионот во моментот кога се молев за него, согласно Марко 11:24.

> *„Затоа ви велам: сѐ што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде.“*

Еден месец подоцна отидов на лекар на рутински физички преглед. Бев изненаден кога лекарот, така ненадејно праша, „Дали познавате некој што сака да купи авион?“ Си помислив дека прашањето е чудно. „За каков авион станува збор?“, прашав. Бев зачуден и возбуден кога слушнав дека се работи за потполно истиот авион за кој јас верував дека ќе го добијам кога се молев. Затоа го прашав каде можам да го видам авионот, и тој ми кажа дека се наоѓа на окружниот аеродром, кој патем се наоѓаше до мојата куќа. Дозволете ми да објаснам. Мојата куќа се наоѓа на ивицата на окружниот аеродром. Секој авион што слетува мора да прелета директно над мојата куќа. Гледајќи ги по цел ден авионите што слетуваа и полетуваа, како и самиот факт дека пистата беше на само 1.5 километар од мојата влезна врата значеше дека едноставно морав да имам авион!

Му се јавив на еден пријател кој лета целиот свој живот и кој, исто така, работеше и како инструктор по летање, да дојде со мене и да го погледне овој авион. Додека го гледавме авионот,

јас знаев дека ова е мојот авион; беше совршен! Беше токму тоа што го барав. Меѓутоа, имав само еден проблем, истиот проблем со кој се соочував со години наназад кога станува збор за поседување на авион – ги немав потребните пари. Дали некогаш сте го имале тој проблем? Но, овој пат не сакав да се повлечам назад во страв. Знаев дека ова е мојот авион; само сѐ уште не знаев како Бог ќе ги обезбеди парите за него.

Неколку месеци претходно, Дренда и јас баравме простор за канцеларијата на нашата компанија. Знаевме каде сакаме да биде лоциран бизнисот, но немаше ништо за продажба во таа област; па почнавме да разгледуваме други потенцијални области. Најдовме неколку згради што речиси ги купивме, но почувствуваме во нашиот дух дека треба да почекаме пред да одлучиме да купиме која било од нив. Продолживме да се враќаме во областа каде што знаевме дека треба да биде нашата канцеларија, надевајќи се дека ќе најдеме соодветен и слободен простор. Додека се молевме за оваа одлука, еден ден ми се јави татко ми и ми ги кажа овие зборови, „Знам, ќе кажеш дека ова е Бог, но јас и мајка ти разговаравме, и ние сакаме да ти ја дадеме зградата што ја поседуваме за вашата канцеларија“. Зградата што тие ја поседуваа се наоѓаше точно во областа каде што се надевав да најдам простор за да ја преместиме канцеларијата. Бев во шок!

**МОЈОТ ЖИВОТ, КОЈ БЕШЕ СВЕДЕН НА ПРЕЖИВУВАЊЕ И СТРАВ, СЕГА БЕШЕ ПРЕОБРАЗЕН ОД БОЖЈОТО ЦАРСТВО. НАВЛЕГУВАЈЌИ ВО НЕГОВИТЕ ЗАКОНИ, БЕВ ВО СОСТОЈБА ДА НАЈДАМ ЖИВОТ СО НЕОГРАНИЧЕНИ МОЖНОСТИ.**

За да разберете што се случи, треба да знаете дека татко ми во тоа време не беше верник. Тој беше доста циничен секој

пат кога некој ќе го спомнеше Бог. Всушност, тој толку лошо реагираше што јас едноставно не можев да разговарам со него за Бог. Јас дури и се молев Бог да испрати некој друг на неговиот пат да му проповеда за Исус. Знаев дека јас не можам да допрам до него; не сакаше да ме слуша. Но, татко ми на крајот се спаси, неколку години подоцна на 80 годишна возраст. Неверојатно, тој се спаси гледајќи ја нашата телевизиска програма и сите оние чудесни работи што Бог ги прави. Последните три и пол години од својот живот тој ги помина како променет човек, одејќи во црква секоја недела.

Еден ден, кога заврши службата, излегов во ходникот и го видов татко ми како разговара со еден човек, член на нашата црква, што го познаваше со години. Додека им одев во пресрет, слушнав како овој човек го прашува татко ми зошто почнал да доаѓа во црква. Татко ми одговори дека видел премногу работи што не може да ги објасни. Слава на Бог! Така и треба да биде.

Но, да се вратиме назад на телефонскиот повик што го добив во врска со зградата, пред татко ми да биде спасен. Дренда и јас просто бевме шокирани што тој ни ја подари таа зграда. Секако, знаевме дека е ова од Бог; и можев да му кажам на тато кога се јави, „Да, тато, во право си; ова е Бог!“

Зградата мораше да биде реновирана со цел да биде прилагодена за потребите на нашата канцеларија, но и за да се доведе во состојба што комерцијалниот службен код ја бараше. Беше декември кога татко ми ми ја даде зградата, и сакав да почекам до пролет следната година пред да почнам со реновирање. Зградата беше затворена во текот на зимата, и никој не ја користеше, а татко ми ми кажа дека ја сопрел водата. Така стоеја работите во текот на зимските месеци сè до една недела подоцна откако бев да го погледнам авионот. Ми се јави брат ми и ми рече да одам до зградата зашто од неа истекувала вода на улицата. Времето беше потопло, и беше очигледно дека татко ми згрешил; водата не била исклучена за време на зимата. Се одвезов до зградата, и видов дека тече вода од бањата на горниот кат, и тоа веројатно траело со денови, ако не и недели. Целиот гипс картон на долниот кат беше паднат од ѕидовите.

Знам дека површно гледано ова звучи како лоша приказна, но она што вие не го знаете, а и брат ми не го знаеше, е дека јас веќе имав потпишано договор за отстранување на гипс картонот во целата зграда, и комплетен редизајн на зградата, што ќе започне за две недели. Така што ова оштетување предизвикано од водата не претставуваше никаков проблем бидејќи сѐ што беше оштетено и така требаше да биде отстрането. Но, забележете го ова – мојата осигурителна компанија ми напиша чек за штетата, што беше доволно за да го купам мојот авион!

Дали тоа навистина се случи? Дали јас штотуку го добив мојот авион и мојата канцелариска зграда, и сето тоа без долгови и без таа драма колку мачно треба да се потрудам со цел тоа да се случи? Да, се случи! Сега, додека летам со авионот, и се вивнувам високо над полињата, постојано се потсетувам дека летањето со тој авион е како Божјото Царство. Неговото функционирање и неговите закони ни овозможуваат да го живееме животот во друга димензија на живеење. Исто како гасеницата и пеперутката, таа гасеница никогаш немаше да биде во состојба да отрча со своите нозе до Мексико. Мојот живот, кој беше сведен на преживување и страв, сега беше преобразен од Божјото Царство. Навлегувајќи во неговите закони, бев во состојба да најдам живот со неограничени можности.

За самиот крај на оваа книга сакам да ве оставам со овој стих. Сигурен сум дека е стих што доста често сте го слушнале во животот. Но, сметам дека истиот сега ќе добие сосема ново значење за вас.

> *„Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам;*
>
> *Земете го мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши;*
>
> *Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно.“*
>
> — Матеј 11:28

Исус дојде за да го земе нашиот јарем, макотрпниот труд и потта на проколнатиот земски систем. Ние сега, треба да го земеме Неговиот јарем (завршено е) и да најдеме одмор (седмиот ден, вистинскиот сабат) за нашите души.

Можете да искусите неверојатни работи во вашиот сопствен живот ако само го правите она што Потифар го направи, да функционирате според начинот на живот на Царството. Донесете одлука денес да се усогласите со законите на Божјото Царство и почнете да уживате во моќта на верноста. Започнете ја вашата финансиска револуција денес, отфрлете го стариот начин на живеење, старата власт, проколнатиот земски систем на сиромаштија, болест и безнадежност. Оставете ги вашите стари начини својствени на гасеницата и почнете да летате користејќи ги законите на Царството до кои Исус ви дал пристап. Вие сте граѓани на тоа Царство.

Вие имате законски права!

Ако читањето на оваа книга ви беше интересно, и сте решени да станете ученик на Царството, дозволете ми да ве упатам на следната веб-страница: GaryKeesee.com. Таму ќе најдете библиотека со информации што ќе ви помогнат и ќе ве поучат за Царството. Исто така, би ве охрабрил да станете партнер на Team Revolution каде што ќе имате пристап до специјални настани и сесии за подучување.

Извојувањето на победата во областа на финансиите бара и духовно знаење и земно, природно знаење.

Да ги заштитите вашите тешко заработени пари за пензионирање е исто толку важно како да знаете како да ги заработите, особено во ова време на финансиски превирања. Мојата компанија се фокусира да им помага на луѓето да инвестираат безбедно. Со повеќе од сто милиони долари вложени пари за нашите клиенти, ниту еден не изгубил ниту долар во последните 15 години на финансиски хаос во нашата земја.

Дренда и јас сме посветени да им помагаме на поединци и семејства да живеат победоносен живот. Од тие причини Дренда има сопствен телевизиски пренос наречен *Дренда*. Се работи за програма насочена кон семејниот живот и поттикнување на жените од сите возрасти. За повеќе информации посетете ја веб-страницата Drenda.com.

На крај, Дренда и јас би сакале да размислите за поддршка на црквите и пасторите ширум светот. Нашиот проект за евангелизација H-3 произлегува од нашите срца да им помогнеме на луѓето со практичната страна на животот. H-3 обезбедува десетици илјади наставни материјали за пасторите ширум светот секоја година. Ние, исто така, помагаме да се прехранат гладните, ги поддржуваме службите што имаат за цел да ја стопираат трговијата со бело робје во повеќе земји, ги поддржуваме сиропиталиштата, финансиски ги поддржуваме пасторите во многу земји и одржуваме дом за жени овде во Охајо. Нашата цел е да им помогнеме на луѓето ширум Земјата да научат за Божјото

Царство и да научат за слободата и задоволството што Бог сака сите да ги имаат.

Ви благодарам многу што ми дозволивте да ја споделам со вас нашата неверојатна приказна. А сега, одете и вие направете ваша сопствена неверојатна приказна, со и за Божјото Царство.



Посетете ја страницата
на **FLNFree.com** за
бесплатно преземање на
дополнителни материјали за
поучување на вашиот јазик!

Сакате повеќе БЕСПЛАТНИ материјали за поучување
на вашиот јазик? Одете на **FLNFree.com**

# ВАШАТА ФИНАНСИСКА РЕВОЛУЦИЈА
## Моќта на верноста

**Прочитајте ја оваа книга ако...**

**ВИ Е СМАЧЕНО ОД ВАШАТА ФИНАНСИСКА СИТУАЦИЈА**

**САКАТЕ ДА ИЗЛЕЗЕТЕ ОД ВАШИТЕ ДОЛГОВИ**

**НЕ ЗНАЕТЕ ОД КАДЕ ДА ПОЧНЕТЕ**

**СЕ ЧУВСТВУВАТЕ БЕЗНАДЕЖНО**

Гери Киси самиот бил таму. Долги девет години неговиот живот се наоѓал во интензивни емоционални превирања поради неговата ужасна финансиска состојба. Повиците на кредитодавателите, побарувањата на даночната служба, осудата и срамот беа составен дел од неговиот живот. Но, сè се промени еден ден кога Бог му зборуваше на Гери за неговите финансии и му откри тајна што радикално го промени неговиот животот! Се ослободи од долговите, основа компании со мултимилионска вредност и моментално ги споделува клучевите на успехот што му го променија животот во неговата телевизиска програма - *Решавање на проблемот со парите*, што се емитува во секоја временска зона во светот, секој ден. За овие концепти, Гери има поучувано стотици илјади луѓе ширум светот на конференции и лични настапи. Тој се согласува со тоа дека има многу принципи што се пресудни за успешен живот. Но ако мора да издвои еден, тогаш тоа би бил овој. Гери ве поканува да ѝ се приклучите на револуцијата и радикално да ја промените вашата финансиска состојба преку *Моќта на верноста.*



Гери Киси е автор, говорник, претприемач, финансиски експерт и пастор, кој има горлива желба да им помага на луѓето да извојуваат победи во животот, особено во областите на верата, семејството и финансиите. Гери и неговата сопруга Дренда имаат создадено неколку успешни бизниси и се основачи на Faith Life Now, во чија продукција се две телевизиски програми – ***Решавање на проблемот со парите*** и ***Дренда***, конференции ширум светот и практични ресурси. Гери и Дренда исто така се и пастори на црквата Faith Life, во близина на Колумбус, Охајо.

P.O.Box 779, New Albany, OH 43054 | garykeesee.com

Сакате повеќе БЕСПЛАТНИ материјали за поучување на вашиот јазик? Одете на **FLNFree.com**